**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 120-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Анастасовски, Славица Станковска, Кире Гештаковски, Есад Рахиќ, Ванчо Георгиев, Никола Камчев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски,Игор Ивановски, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Теута Арифи, Абдулади Вејсели и Рафет Муминовиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

**Продолжуваме со точката 14-Предлог за донесување на Изборен законик**

Продолжуваме со претрес.

Господинот Кондарко не е тука, избришете го.

Господинот Неждет Мустафа не е тука, избришете го,

Господинот Рафис Алити не е тука, избришете го,

Господинот Шајноски Драги е тука, повелете.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе,

Внимателно ги следев и јавните расправи и дискусиите во сала по темата за изборните закони. За целот тоа време силно ме вознемирува фактот што и во дискусиите од здржената власт и во дискусиите од здружената опозиција имплицитно се провлекува една опасна теза дека изборните закони се клуч за победа или пораз на изборите. А, пак јас, во мојата среќна неупатеност во оваа област верувам дека законите се само правила на игра што подеднакво важат за сите, дека истите можеа да бидат напишани и пред 100 години од некои други луѓе, а ние денеска само да ги почитуваме и да се натпреваруваме според нив и следователно на тоа тие многу малку можат да влијаат врз резултатите на изборите.

Дури и се проверувам во себе прашувајќи се дали, на пример, промена во правилата на фудбалската игра би биле поразителни за моменталните можности на Челзи или Барселона, а во корист на моменталните можности на Вардар и Беласица. Очигледно не.

Но, ако она мало влијание што го имаат изборните закони врз конечните резултати влијаеја Челзи да биде победник во мечот со Барса или обратно, тоа и не е така неприфатливо за добробитот на јавноста. Двете екипи се извонредни во моментов и не може да се каже која е прва а која е втора.

Оваа ситуација ме потсетува, по аналогија, на принципот на неодреденост на Хајденберг според кој не може во исто време прецизно и точно да се одреди и положбата и количеството на движење на една честичка. Но, затоа може да се одреди производот од нив, односно пресликано на нашиов проблем, може да се каже дека Челзи и Барса се двете најдобри екипи во моментов.

Анализирајќи ја оваа контрадикторна ситуација, тврдењето дека мора да се почитуваат законите, а од друга страна тврдењето дека тие се извор или клуч на пораз и победа, значи анализирајќи ја оваа контрадикторна ситуација во која се вплеткани и здружената власт и здружената опозиција, со голема веројатност тврдам дека во основата на оваа опасна теза лежат следниве клучни партиски свети тајни наречени феномени кои јавно по никоја цена не смеат да се признаат, но истите произлегуваат и се читаат од дискусиите и од односот на партиите, како кон гласачкото тело, така и кон изборните закони.

Прво, искуството, односно искуствата на партиите, како од здружената власт, така и од здружената опозиција од изминативе 15 години демократски избори, навистина говорат дека изборите најчесто се добиваат на маса, а не на терен. Затоа партиите, имајќи го предвид ова искуство, се принудени навистина да мислат дека изборните закони се клуч за победа или пораз.

Второ, затоа што и наредните избори, овие чопори од партии се подготвуаат на фалсификати, па уште од сега настојуваат виновникот да го лоцираат во изборните закони, а не кај нив, иако е јавна тајна дека вруток на сите нерегуларности на изборите до сега биле во партиите.

Трето, во случај на успех на изборите, заслугите ги имаат лидерите. Но, во случај на неуспех, за да се заштитат лидерите, вината се префрла на спротивната страна која извршила наводен фалсификат и секако врз слабите изборни закони.

Лично мислам дека овие мои стравувања, ако се покажат за точни, тогаш можеме да констатираме дека јадна е оваа наша македонска демократија.

Во денешнава дискусија ќе зборувам на еден мој начин за две теми. Најпрво, ќе се обидам да ви докажам зошто политичарите не треба да се главни креатори на изборните закони, а потоа ќе докажам зошто треба изборните комисии да се професионализираат.

Да почнам со првата тема. Способноста за разликување кај човекот, да разликуваат што било поранешно а што сегашно искуство, се разбира како последица од потребата да се создава ред во нашите мисли. Искуството е врзано со помнењето и некое се смета за поранешно, во однос на сегашното искуство.

Овој мисловен принцип на подредување на искуствата од помнењето придонесува за субјективно разбирање на времето. Но, како просторот, времето и настаните се слободни творби на човечкиот дух, т.е. се оружје на мислата за да ги поврзе искуствата како би

можеле подобро да ги опишеме и истражуваме, произлегува дека за објективно проучување на нештата пресудно е помнењето. Тоа е предуслов за подредување на искуствата. А, бидејќи политичарите се познати како луѓе со добро здравје и лошо помнење, доаѓаме до заклучок дека тие не смеат да се креатори на изборните закони, каде се вметнуваат искуствата од претходните избори, бидејќи политичарите веќе имаат заборавено дека ги фалсификувале последните избори.

Сметам дека само тимови на експерти можат да напишат спроведливи изборни закони, а не политичарите. Изборните занони треба да бидат само алатка во рацете на политичарите, а не нивен предмет на работа. Само така тие ќе разберат дека треба да се натпреваруваат по однапред избрани правила при што никој пат не ќе им падне на памет да ги обвинат правилата на игра за нивните неуспеси.

Нивната суетност оди до таму што, спротивно пак, ако победат на изборите, за тоа се залужни лидерите а не законите.

За пластично да ја образложам втората тема, дека изборните комисии треба да се професионализираат, ќе се послужам повторно со фудбалската игра. Правилата за играње фудбал ги творат и ги менуваат тимови на експерти од полето на фудбалот, бизнисот, медицината, социолози, психолози и кој не друг. Сите тие заедно ги усогласуваат своите ставови и носат не само правила на игра, туку предвидуваат посебни луѓе кои ќе се грижат за спроведување на играта, наречена фудбал. За оваа игра заклучиле дека треба да ја надгледуваат четворица луѓе наречени судии и кажале кои услови треба тие да ги исполнуваат. На пример, мора да има такво и такво образование, да не се активни фудбалери, да се независни и непристрасни итн.

Во најголем дел од светот ова е прифатено како што е напишано и барем во Европа функционира безпрекорно, со мали неправилности што брзо се санкционираат.

Замислете сега, ние Македонците да дојдеме до можност да одлучуваме за правилата како се избираат судиите. По оваа логика, од составот на изборните комисии кај нас, ние веднаш ќе одлучиме и ќе донесеме правило да се делегираат по двајца судии од секој тим, т.е. ќе ги тимизираме судиите, бидејќи овие, независните биле зависни. Каква иронија. Што ќе се случи? Веднаш, од еден скоро перфектен систем ќе направиме циркус. Такви се перфектните системи. Секогаш се на работ. Само едно слабо правило и ја уништувате целата филозофија на играта.

Е сега, по принципот на релативитет, патем овој принцип се смета за една од најблескавите научни идеи на 20-тиот век да се префрлиме од фудбалскиот координатен систем на изборниот координатен систем. При оваа трансформација законите, правилата и големините ја зачуваат својата форма, т.е. велиме дека се инваријантни по однос на одбраната трансформација. Дали е ова општа коваријатност или специјална, во овој момент и не е битно. Ова значи дека законите и правилата што важеа за фудбалската игра ја задржуваат својата форма и суштина и во изборниот координатен систем. Т.е. изборните закони се пишуваат од експерти, како и фудбалските, се предвидуваат изборни комисии како пандан на судиите во фудбалските координатни системи итн.

Во оваа формална аналогија што научно е признаена, ако ја следиме до крај, ќе не донесе до заклучокот дека судиите во фудбалот или избирачките комисии во изборниот систем подобро и пологично е да бидат професионализирани одколку партизирани или тимизирани во фудбалскиот координатен систем.

Ќе ми приговорите со право дека сето ова можев да го кажам во пет или шест реченици. Да, тоа е точно. Јас, ова можев да го кажам дури во две реченици. Но, целта ми беше со овие мои мисловни рефлексии што нема да ни наштетат ако не ги разберете, да внесам една позитивна атмосфера и енергија во салава и да ги извадам пратениците и другите одговорни политичари од партиските ровови од каде не гледаат подалеку од ровот, а кога Господ ќе даде да го видат Брисел.

Искрено да ви кажам, често ми доаѓа градиве да ги раскинам и главава да ја разбијам кога ќе помислам кој ме води а кој се надева дека ќе не води. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајноски.

Се надевам дека ова ќе биде прва и последна толку долга дискусија, бидејќи знаеме дека сте способни во пет минути да ја кажете суштината. Ова е доказ дека знаете и повеќе од пет минути да зборувате. 11,59 секунди збрувавте.

Господинот Макрадули не е тука,

(пратеникот Шајноски бара реплика)

Не, ова не беше реплика.

Повелете господине Шајноски на мојот коментар имате мал коментар. Повелете.

**Драго Шајноски:** Вашата забелешка претседателе е на место, но јас можеби требаше на почетокот да кажам дека моите дискусии навистина траат по три минути, но за теми што се сериозни и му прилегаат на Парламентот.

Темата изборни закони јас лично ја сметам и од текстот видовте, несериозна и неадекватна за политичарите. Оваа тема е тема за експерти. Затоа траеше подолго.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Макрадули не е тука.

Господине Флоровски повелете.

Вие се пријавувате за крај? Значи не сакате сега да зборувате.

Госпоѓо Бонева, вие сте на ред, повелете.

**Силванан Бонева:** Почитуван претседателе,

Ќе се обидам сосема накратко да дадам видување на ВМРО-ДПМНЕ  по однос на изборното законодавство.

Најпрво, ќе започнам со членот 3, што зборува за изборниот модел. Сметаме дека членот 3, ставот 2 треба да претрпи измена, така што наместо пропорционалниот модел при избор на пратеници, да се применува исклучиво мнозинскиот изборен модел во два круга. Ова го предлагаме од причина што се изгуби смислата на пропорционалниот модел со промената на две алинеи од Законот за избор на пратеници. Со што се овозможи пратениците да минуваат во текот на својот мандат во други пратенички групи, односно од други политички партии. Сметаме деак со тоа се изигрува волјата на граѓаните и се губи смислата на пропорционалниот систем, гласање за листа што ја предлага политичката партија. Од тие причини, за да не биде изигрувана волјата на граѓаните и да знаат тие за кого го дале својот глас, предлагаме да имаме мнозински изборен модел.

Понатаму, во членот 11, треба да се додаде нов став 5 со кој што би се утврдило дека за време на предвремените избори за пратеници, од денот на распишување на изборите до денот на одржување на изборите да има рок од 60 дена. Тоа е и уставна категорија.

Во членот 16 неопходно е потребно да се избрише ставот 2 што зборува за тоа дека за спроведување на изборите за избор на пратеници, покрај органите од став 1 на овој член се формира и изборна комисија на изборната комисија во понатамошниот текст регионална изборна комисија. Сметаме дека не треба да се формира регионална изборна комисија и сите предложени надлежности на истата да ги извршува ДИК.

За нас, регионалните изборни комисии се непотребни. Во одреден дел тие беа и генератори на бришење или додавање на гласови, на одолговлечување на доставување податоци до ДИК и тие, како мост помеѓу општинските изборни комисии и ДИК не го дадоа очекуваниот резултат.

Одтука, сметаме дека и со зголемениот број на органи за спроведување на можности на избори поголема е можноста за нерегуларности при спроведување на изборниот процес. Од тие причини предлагаме  да нема регионални изборни комисии што се дадени во членот 16 став 2.

Понатаму, членот 17, ставот 1 зборува за членови на изборни органи и во ставот 1 треба да се води сметка дали алинејата 3 може да се примени, бидејќи овде се вели дека за член на изборен орган не може да биде предложено лице што нема добиено уверение за завршена обука. Треба да се води сметка дали може да се примени алинејата 3 одржување на предвремени избори, од причини што нема да има доволно време за едукација и за добивање на уверение за завршена обука, со оглед на тоа што голем број на лица кои треба да бидат вклучени, огромен број треба да бидат вклучени во изборните органи, некаде околу 30.000, нема доволно време да се изврши ваквата обука и да се добијат такви уверенија.

Понатаму, членот 21 став 1, зборува дека секој подносител на листа на кандидати за избор на претседател на Републиката, на пратеници, на членови на совети, на градоначалник, има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата на регионалната, односно општинската изборна комисија и на избирачкиот одбор.

Овде, во ставот 1 треба да се внесе подносителите на листи на кандидати да можат да определат преставник и негов заменик кои ќе ја следат работата на ДИК, а во однос на регионалните изборни комисии, претходно зборував, мислиме дека не треба да постојат.

Затоа предлагаме во Државната изборна комисија да има претставници и заменик на подносителите на листи на кандидати од причина што е неопходно потребно поголема транспарентност и доверба што треба да ја има Државната изборна комисија и заради тоа треба да им се овозможи на сите подносители на листи на кандидати да можат да ја следат работата на Државната изборна комисија преку свои претставници.

Понатаму, во членот 24 во однос на претседателот и заменик претседателот на Државната изборна комисија не е прифатливо основното решение како и предложените две алтернативи и остануваме на нашиот предлог претседателот на Државната изборна комисија да биде предложен од страна на двете партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, а за кој предлог треба да даде писмена согласност двете најголеми партии кои се на власт односно на последните избори добиле најголем број на гласови.

Со ова решение сметаме дека, бидејќи едната страна предлага, а предлогот го прифаќа другата страна ќе се направи еден заеднички усогласен избор за претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија.

Понатаму, членот 25 став 1 каде зборува дека четири члена на Државната изборна комисија се избираат од редот на сите судии на Врховниот суд на Република Македонија по пат на ждрепка, овде треба да се додаде дека ждребувањето треба да биде јавно и со присуство на овластени претставници од политичките партии.

Прифатливо е решението во изборниот законик двајца членови во Државната изборна комисија да ги предлагаат политичките партии на власт и двајца членови во Државната изборна комисија да предлагаат политичките партии во позиција  кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Исто така членовите на Државната изборна комисија пред Собранието треба да положат и свечена заклетва дека изборите ќе ги спроведат согласно Уставот, законите, без политичка обоеност.

Во членот 26 е предвидена алтернатива за составот на Државната изборна комисија, алтернативата е членовите на Државната изборна комисија и нивните заменици да се именуваат од редот на дипломирани правници вработени во државната и јавната администрација. За нас ваквата алтернатива е неприфатлива, сметаме дека државната и јавната администрација од оваа власт која скоро 12 години е во Република Македонија чиј носечки столб е СДСМ, 12 години ја партизира државната администрација, не сакаме претставниците односно државните службеници да бидат доведени во состојба врз нив да се врши огромен притисок да одлучуваат спротивно на нивната волја и спротивно на фактите, а тоа го има. Сите сме свесни скоро сите пратеници од опозицијата три години укажуваат на дополнително партизирање на државната администрација и на притисоците на кои се подложени државните службеници и од тие причини сметаме дека не треба да се дозволи во Државната изборна комисија членовите да бидат именувани од редот на дипломираните правници. Дополнителен аргумент за тоа е што имавме два изборни циклуси со претставници на политичките партии и во Државната изборна комисија и во општинските и во избирачките одбори, избори кои беа и беше кажано односно признато од сите политички фактори во земјата дека биле фер и демократски. Значи, искуството ни кажува дека и со претставници на политичките партии можат да се спроведат фер и демократски избори доколку постои политичка волја.

Во членот 28 треба да се внесе нова точка во однос на надлежноста на Државната изборна комисија, а тоа е дека Државната изборна комисија и Министерство за внатрешни работи треба да изготват правилник за ангажирање и постапување на Министерство за внатрешни работи за време на изборите како и рокот во кој тој се носи и објавува.

Исто така бараме во надлежностите на Државната изборна комисија да се внесе точка со која ќе се регулира можноста на Државната изборна комисија да го прекине гласањето на избирачкото место доколку забележи дека има неправилности при гласањето.

Понатаму алтернативите кои се дадени на членовите 29 став 4 и на членот 33 став 3, а кои зборуваат за тоа дека претседателите на регионалните и општинските изборни комисии и нивните заменици се избираат од редот на дипломирани правници вработени во државната и јавната администрација. За нас тоа решение е неприфатливо и образложението кое го кажав предходно важи и за овие изборни комисии и за регионалната и за општинската изборна комисија.

Во членот 33 прифатливо е основното решение во изборниот законик, двајца членови во општинската изборна комисија да предлагаат политичките партии на власт и двајца членови на општинската изборна комисија да предлагаат политичките партии во позиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Во членот 37 не се прифатливи алтернативите за нас претседателот на избирачкиот одбор да се избира од редот на адвокатите или јавните службеници. Изборот на претседателот на избирачкиот одбор да биде како основното решение што е дадено во членот 37, а тоа е дека претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик по правило се дипломирани правници.

Членовите во избирачкиот одбор треба да ги предлагаат политичките партии на власт и двајца членови во избирачкиот одбор да предлагаат политичките партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Понатаму, во членот 45 се зборува за избирачкиот список и отпечатените изводи. Овде треба да се внесе дека во отпечатениот извод од избирачкиот список треба да биде внесен податокот за единствениот матичен број на избирачот.

Исто така во ставот 2 треба да се внесе дека треба да се печати посебен список за лицата кои се наоѓаат во странство за да не бидат злоупотребувани нивните гласови и да не бидат правени фалсификати како што имаше во минатото, многу полесно ќе биде за увид доколку бидат оделени на еден посебен избирачки список.

Во членот 47 став 2 се зборува за тоа дека ако при увидот во избирачкиот список при проверката се утврди дека тој граѓанин или друг граѓанин не е запишан во избирачкиот список или се утврди дека треба да се изврши запишување, дополнување или бришење на податоците, треба да се поднесе до подрачното одделение на Министерството за правда барање за запишување, дополнување или бришење на податоците, меѓутоа, се вели дека барателот треба да приложи и соодветна документација. Ние предлагаме ова да се избрише дека барателот е должен да приложи соодветна документација, за нас е доволно за да се поведе една постапка да се покрене само барање за запишување, дополнување или бришење на податоците. Ќе ви дадам само еден пример, на пример доколку граѓаните увидат дека во избирачкиот список има граѓанин кој поодамна е починат доволно е тие да достават барање за да се избрише од избирачкиот список, а не да биде условен да носи извод од матична книга на умрените. На тој начин ќе се отежни постапката и сметаме дека нема да биде во прилог на попрочистен избирачки список.

Понатаму, членот 49 исто така предлагаме и во него да се брише ставот 3 дека со барањето и овде е кажано дека треба да се приложат потребните докази доколку сака да се направи некоја промена на податоците во избирачкиот список. Значи, ако сакаме да имаме прочистен избирачки список не треба да има пречки при поднесување на барањата за запишување, дополнување или бришење на податоците.

Во членот 54 се зборува за тоа дека подносителите на барањето да им се даде во печатена или електронска форма избирачкиот список кој е подготвен, значи избор од избирачкиот список дека тие треба да ги сносат реалните трошоцо за изработка на податоците од избирачкиот список во печатена или електронска форма.

Ова го предлагаме од причина што сакаме сите учесници во изборите да не бидат изложени на дополнителни трошоци, а избирачкиот список е од огромно значење за проверка на податоците во него.

Понатаму членот 60 зборува за тоа дека како продносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи потребно е да се соберат најмалку 500, има дадено алтернатива 1000 потписи од запишаните избирачи во изводот на избирачкиот список на изборната единица. Ние предлагаме бројката 500 да се замени со бројката 1000.

Во членот 73 во ставот 1 бараме за редовни избори изборната кампања да биде 30 дена за да може да имаат доволно време политичките партии да ја изнесат изборната програма пред избирачите од кого го бараат својот глас за мандатниот период. Доколку има вонредни избори во тој случај може изборната кампања да трае и 20 дена.

Во ставот 3 предлагаме на органот надлежен за радиодифузија да му се дадат поголеми надлежности. Ова е препорака и од ОБСЕ и од ОДИХР.

Во членот 92 став 4 се зборува за тоа дека присутните претставници на подносителите на листи ако имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал да имаат право да бараат забелешките да бидат евидентирани во записникот и така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оценка во жалбената постапка. Вакво решение е дадено и во членот 100 став 4 и во членот 105 став 2 и во членот 117 став 5 и членот 126 став 5. Ние предлагаме да се избришат зборовите: и така евидентираните забелешки можат да се истакнуваат во приговорите и да бидат предмет на оценка во жалбената постапка, бидејќи тоа остава простор за неправилно утврдување на фактичката состојба односно доколку од било кои причини не се евидентираат забелешки се елиминира можноста истите да се истакнат во приговорите и да бидат предмет на оценка во жалбената постапка.

Ова решение е дел од препораките од ОБСЕ и ОДИХР во досегашната пракса можеше да се увиди дека од страна на Врховниот суд и Државната изборна комисија како органи кои одлучуваат по приговорите и жалбите беше злоупотребувано решението за поднесување на приговор само доколку имало забелешки и без утврдување на целосната фактичка состојба беа одбивани приговорите и жалбите.

Од тие причини сметаме дека треба да се избришат овие зборови за да не биде попречуван овој процес.

Во членот 105 ставот 4 е кажано дека овластените домашни набљудувачи имаат право забелешките да ги евидентираат во дневникот на избирачкото место. Треба да се размисли дали на домашните набљудувачи треба да им се даде право какво што имаат самите учесници на изборите. Според меѓународните правила и прописи за набљудување на изборите набљудувачот не смее да се поистоветува со судија или коректор на изборниот орган, туку неговата улога е да го набљудува целокупниот изборен процес и да даде оценка.

Понатаму во членот 108 во кој се зборува за утврдување на идентитетот на гласачот треба да има графа во избирачкиот список во кој ќе се запишува единствениот матичен број на лицето што го остварило правото на гласање.

Исто така во членот 108 треба да се воведе нов став со кој ќе се утврди дека, доколку нема заокружување и своерачен потпис или отисок ќе се смета дека тој избирач не гласал и тоа да се евидентира во записникот, а таквиот превид или злоупотреба да биде казниво дело.

Во членовите 108 и 109 да се внесе следното дека пред да се зема гласачкото ливче потребно е да се стави печат од избирачкиот одбор на самото гласачко ливче, а исто така и пред ставање во гласачката кутија откако ќе биде завиткано ливчето повторно избирачкиот одбор да стави печат на гласачкото ливче. На тој начин ќе се оневозможи, барем ние така сметаме, масовното полнење на гласачките кутии. Значи, имаме дополнителна контрола, а сметаме дека и така наречените бугарски возови со гласачки ливчиње кои се изнесуваа надвор од местото на гласањето, на тој начин ќе се спречи да бидат ставани вакви ливчиње односно да бидат броени понатаму, бидејќи нема да имаат печат од избирачкиот одбор во моментот на влегување зад параванот при гласањето. Значи, гласачкото ливче ќе биде важечко доколку има еден печат кога се влегува да се гласа и печат кога се става во гласачката кутија.

Во членот 114 став 1 алинеа 2 треба да се размисли да се внесе бројот на избирачи што гласале, што ставиле потпис и се заокружени во избирачкиот список дека гласале.

Во членот 115 став 2 треба да се разгледа можноста за отстранување на неправилностите на тој начин што избирачите се принудуваат својот глас на гласачкото ливче да го дадат со однапред утврдени знаци, а под притисок на власта.

На сите ни е јасно што се случуваше барем на последните локални избори какви не директиви стигаа за семејствата со разни шифри при гласањето дали полукруг со еден заб, дали полукруг со два заба, или назабен во целиот горен дел полукругот за да се знае кое семејство како гласало, еве колегата вели квадрат, значи

сите сме учесници во избирачкиот процес и многу ни е јасно на што се принудуваат граѓаните и токму од овие причини неопходно е потребно да се разгледа оваа можност за отстранување на ваквите неправилности се со цел да се отстрани огромното влијание и огромниот притисок кој го вршат некои од политичките партии врз гласачите.

Во членот 117 став 7 ги имаме истите забелешки како што ги кажав за членот 105, а тоа е дека овластените домашни набљудувачи треба да се размисли дали да ги имаат истите права како и самите учесници во избирачките одбори.

Понатаму, исто така треба да се внесе одредба записниците со потписи кои се испишани со печатни букви да се сметаат за неважечки. Ова е препорака и од ОБСЕ и ОДИХР.

Членовите 124, 125, 126 и 127 се однесуваат на регионалните изборни комисии и треба овие надлежности да си ги презема ДИК. Доколку опстане решението за пропорционалниот модел за избор на пратеници во членот 128 во ставот 5 да се примени формулата империјал. На овој начин за пресметка, значи формулата империјал, на овој начин доаѓа до поголемо окрупнување на коалициите и постабилни влади што сметаме дека во овој момент е од големо значење за Република Македонија со оглед на неопходноста од спроведување на реформите, а тоа може да го гарантира една стабилна влада.

Во членот 149 во ставот 1 сметаме дека се стеснуваат основите за заштита на избирачкото право. Овој член треба да се разбие на повеќе членови кои ќе ги регулираат постапките за избор, постапките за гласање и постапките за утврдување на резултати. Заштитата на избирачкото право и досега предизвикуваше спротивставени мислења и затоа е неопходно оваа глава да се допрецизира, одноно поодделни ставови да се преименуваат во членови кои би биле конкретни и прецизни. Приговорите и жалбите треба да се разграничат за што, кој и во кој рок можат да се применат, кој е надлежен и како тие се решаваат особено дали може по усвоен приговор друг учесник во изборите да поднесе жалба. Роковите за поднесување на приговори и жалби и одлучувањето по нив да се подолги согласно моделот пропорционален значи се гласа во еден круг па треба да се даде простор и време за законито и квалитетно одлучување на изборниот орган на Врховниот суд и учесникот во изборите.

Во членот 151 треба да се внесе препораката на ОБСЕ и ОДИХР, Врховниот суд на Република Македонија да има право да изведува докази со сослушување на сведоци и изведувањето на доказите да биде јавно. Доколку се воведе ова, ние не би се противеле рокот за одлучување по жалба наместо 48 да биде 72 часа.

Во членот 152 се зборува за поништување и повторување на гласањето. Оваа одредба е одредба која секогаш во досегашните избори предизвикувала огромен број на спротивставени мислења. Законот овде мора да биде јасен, дециден и конкретен кога гласањето се поништува, кој е основот, кој го утврдува тој основ, кој поништува, кој има право на приговор по однос на поништувањето, рокот кога се поднесуваат приговорите и жалбите и до кој орган и во кој рок се одлучува, но врз основа на тоа и кога ќе се преглсува за да се надмине досегашната пракса за неколку дена да се извршат голем број дејствија за одржување на прегласувањето, а согласно тоа да се создадат услови за повторно поништување на гласањето.

Во членот 163 се зборува за набљудувањето на изборите. Тој член треба да претрпи соодветни измени и да се конкретизира согласно меѓународните норми за набљудување на изборите особено во делот дали набљудувачите можат во текот на изборите, во текот на изборниот ден да изнесуваат оценки и констатации за изборите.

Во членот 176 во ставот 1, одредени општини и тоа на пример Чаир и Старо Нагоричани се поделени во две изборни единици. Сметаме дека тоа не е добро и може да дојде до забуна кај избирачите во една општина со две различни листи за пратеници. Затоа треба да се посвети сериозно внимание да се отстрани оваа нелогичност.

Исто така овде би го кажала нашето мислење за контролното пребројување таканаречен рикаунт. Во изборниот законик предлагаме да се воведе овој институт контролно пребројување. Со воведувањето на институтот контролно пребројување се овозможува политичката партија, или коалиција која што во изборната единица има добиено 10, или 15% помалку гласови од првопласираната политичка партија, или коалиција да има можност да побара од Државната изборна комисија да се изврши проверка на целокупниот изборен материјал за спорните гласачки места. Исто така, сакам да напомнам дека неопходно е потребно во изборниот законик да се внесат одредби со кои што ќе им се овозможи на државјаните на Република Македонија кои што се наоѓаат на работа во странство, односно иселеници кои што го остваруваат своето уставно право да можат да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва, за самата методологија на изборниот процес во дипломатско конзуларните претставништва ние имаме пред година и нешто поднесено закони од областа на изборите, на изборното законодавство со кои што јасно ја утврдивме оваа процедура за тоа како можат нашите кои што се наоѓаат во странство, а кои што имаат право кои се државјани на Република Македонија да го остварат своето право на глас. Сметаме дека сериозно треба да се пристапи на ова решение и при донесувањето на овој изборен законик и да им се овозможи на овие наши граѓани да го остварат своето гласачко право во дипломатско конзуларните претставништва.

Изборите и референдумот се нераскинливо врзани со избирачкиот список и пред секои

избори се отвара постојано прашањето за мртви души во избирачкиот список, неусогласеност на податоците во избирачкиот список со податоците од пописот и понатаму тоа да не се провлекува, да се направи сериозно прочистување на избирачкиот список пред одржување на изборите. Предлагаме тоа да биде од страна на комисија која што е составена од партиите на власт и партиите на опозицијата, меѓутоа и од експерти од меѓународните организации. Исто така избирачкиот список треба да се препушти на државен орган кој единствено би бил надлежен за ажурирање, за проверка и печатење на избирачкиот список се со цел да не се префрла одговорноста на еден државен орган за пропустите кои што ќе бидат направени во избирачкиот список. За да се спречат лицата кои што вршат насилство при спроведување на изборите вреди да се размислува за воведување и на затворски казни дури и над пет години за кривични дела направени за тешки кривични дела кои што се прават за време на изборите. Неопходно е потребно да се донесе изборно законодавство за кое што не би имале забелешки ниту власта, ниту опозицијата како еден од основните предуслови за фер и демократски избори. Од тие причини сметаме дека сериозно забелешките на сите политички партии треба да се земат во предвид и заеднички да ги премостиме разликите, туку да се обидеме она што е добро за сите граѓани и за Република Македонија да го внесеме во изборниот законик за да овозможиме спроведување на фер и демократски избори. Но, сепак, тоа е само еден мал дел во големиот мозаик кој што ги прави изборите дали ќе бидат фер, или демократски. Тука пред се е волјата на власта, значи јасно изразената волја и спроведена волја дека навистина сакаме фер и демократски избори и дека се откажува власта од сите притисоци кои што се правеа во минатото врз граѓаните со цел да се изнуди гласот за нив. Од друга страна исто така и политичките партии кои што се во опозиција да го почитуват изборниот закон, да не се прават изборни нерегуларности. На тој начин во Република Македонија ќе имаме навистина фер и демократски избори такви какви што заслужуваат граѓаните на Република Македонија.

**Гзим Острени:** За реплика се јави господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Единствено што сакав да кажам, значи се гледа дека експертите во ВМРО-ДПМНЕ, односно Правната комисија вложила напор за разгледување на овој закон. Меѓутоа, има работи кои што требало да бидат разгледани на еден конзистентен начин, затоа што не можеме да прифаќаме само она што ни одговара во одреден дел од законикот, а она што не ни одговара во друг дел, а кое што е компатибилно со останатата содржина на изборниот закон да не го прифаќаме. Што сакам конкретно да кажам? Колешката Бонева признава дека нема да има доволно време за обука и предлага да се брише во членот 17 ств 1 алинеја 3 каде што е предвидена обука на учесниците, односно членовите на изборните органи. Тоа уште еднаш само сакам да истакнам дека претставува и препорака на ОБСЕ. Исто онаква препорака, или дел од тие препораки на кои што се повикуваше колешката во однос на нејзиното искажување по останатиот дел од овој закон. Значи, ако нема време за обука, тогаш дали вие предлагате необучени лица кои што ви се лојални на вашата политичка партија во целост да ги ставите во изборните органи и тие да бидат одговорни за кршењето на законите кои што нема да имаат време да бидат обучени како треба да се применуваат. Со тоа признавате дека нашиот предлог за учество на државната и јавната администрација во сите изборни органи од ДИК до избирачкиот одбор е предлог кој што е неопхден во овој момент за Република Македонија токму заради оние цели за кои што и вие зборувавте, а тоа е реализација на фер и демократски избори. Понатаму, контрадикторноста ја искажавте и во однос на вашето искажување за намерата за окрупнување на коалициите поради стабилност на Владата по однос на изменувањето на донтовата формула со формулата империјал. Ова не го ставате во врска со слободниот мандат на пратениците, а тоа го правите во врска со пропорционалниот и мнозинскиот модел. Значи, слободниот мандат на пратениците дефинитивно е против предизборното коалицирање, затоа што секоја политичка партија може самостојно после изборите да влегува во коалиции кои што ќе значат формирање на нова влада. Од тука сметам дека нашиот предлог, ако веќе се оди со подносител на листа која што е составена од повеќе политички партии, тој подносител на листа мора да има дефиниран субјективитет, мора да има име, мора да има лого, мора да има изборна единица во која што застапува како коалиција и тоа да биде со потврда дефинирано од страна на Државната изборна комисија и потоа да има начин за контрола на почитувањето на законите во однос на финансирањето на изборната кампања, во однос на медиумската рамноправност, во однос на она што претставува фактичка рамноправност во гласачкото ливче.

**Гзим Острени:** За контра реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко, почитуван колега во однос на членот 17 и за тоа дали ќе имаат време да се обучат учесниците во изборниот процес, јас не кажав да се брише алинеја 3, туку прашав дали може да се примени доколку имаме предвремени избори, бидејќи треба 30 илјади лица да бидат обучени во овој процес. Значи, за тоа дали може да се спроведе тоа што е наведено овде. Инаку ние не сме воопшто против обуката на сите оние учеснци во изборниот процес кои што треба да бидат вклучени. А во однос на формулата империјал, кажав, доколку остане пропорционалниот изборен модел, тогаш ние предлагаме да биде користена формулата империјал. Меѓутоа, наша заложба е и

тоа јасно го кажав, мнозинскиот изборен модел и тоа беше образложено.

**Гзим Острени:** За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас би сакал на колешката да и реплицирам исклучиво на членот 3 став 2 на кој што се повика, поточно за изборниот модел кој што го спомна. Само би сакал да ја потсетам колешката дека токму пропорционалниот модел во 2002 година го воведе ВМРО-ДПМНЕ, значи по предлог на таа Влада. Тогаш чинеше, денеска не чини. Значи, кога сме позиција ни одговара, кога не сме позиција, или сме опозиција, тогаш не ни одговара. Тоа е една работа.

Втора работа, ако ги слушаме препораките на ОБСЕ на кои што се повикуваше колешката скоро во цела дискусија , ќе видиме дека токму заложбите на ОБСЕ се да имаме фер и демократски избори. Па би ја прашал колешката, кога и во кој модел се најнефер, да речам изборите, освен во мнозинскиот. Да се потсетиме, бираме градоначалник, два круга, најголеми нерегуларности се токму тука, претседател на држава, најголеми нерегуларности се тука. Пропорционалниот модел придонесе и во 2002 година да имаме најфер парламентарни избори кое што и се потврди. Друго, да се поистовети пак правото на противникот да ја менува партијата како што кажа со моделот на изборите, тоа е апсолутно, не знам како да се изразам. Затоа што правото на пратеникот не го утврдува дали ќе ја менува партијата, или не, не го утврдува моделот на изборите по Законот за пратеници туку го утврдува Уставот во неговиот член 62. Пратеникот има право слободно да ја изразува својата волја и да гради свои ставови. Така е одредбата на Уставот во членот 62. Имаше одредби во Законот за пратеници во делот на пропорционалниот модел каде што се оневозможуваше пратеникот да смени политичка партија, но тоа беа одредби кои беа укинати од страна на Уставниот суд. Така што овој закон кој што сега се предлага и членот 3 каде што се зборува за пропорционалниот модел нема никаква врска со можноста дали едниот модел, или другиот модел ќе придонесе пратеникот да не менува партија. Инаку јас да ви кажам почитувана колешке, и мнозински и пропорционален и не знам каков сакате модел воведете, не ќе можете да го ограничите пратеникот доколку сака да ја смени политичката партија заради причини кои што тој смета во делот на она што значи ограничување на неговите слободи, односно неговите права да дејствува така како што Уставот зборува. Според тоа, тоа е работа на Уставот. И немојте сега да инсистирате да имаме мнозински модел заради тоа што ќе ги спречиме пратениците утре кога ќе имаме колку што ќе имаме пратеници да ги ограничиме да не менуваат партии. Ќе ни се случи тоа понатаму.

**Гзим Острени:** За контра реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, точно е тоа дека ВМРО-ДПМНЕ го воведе пропорционалниот модел. Меѓутоа точно е и тоа дека вие гласавте за Законот, за измена на Законот за избор на пратеници со кој што ја одзедовте можноста за премин на пратениците од една во друга политичка партија, за да во овој мандат пак повторно гласавте вие за овој ист Закон да можат пратениците од една во друга политичка партија да преоѓаат и да ја менуваат политичката партија. Значи, ако Уставниот суд ги укине овие две алинеи од Законот за избор на пратеници, сметам дека со тоа и ние како политичка партија сметаме дека граѓаните се изигрууваат, бидејќи за пропорционалниот модел тие гласаат за листа предложена, значи листа на кандидати предложена од политичката партија.

**Гзим Острени:** Има збор господинот Спиро Мавровски;

**Спиро Мавровски:** Почитувана министерке, почитувани колеги, еве втор ден водиме расправа за една многу важна работа Изборниот законик и слушајќи ги моите колеги не можам да отфрлам едно генерално видување освен исклучоци од неколку колеги кои што стручно настапија дека се застапуваат партиските гледишта и се настапува од партиски ровови. Гледајќи се себеси и партиите кои ги претставуваат во моментот дека со овој Изборен законик дека ние говориме само за наредните избори и за начинот на кој што една политичка партија ќе добие профит, бенефит и ќе има повеќе, или помалку пратеници.

Ние тука, сепак сме народни пратеници и носиме еден изборен законик кој во овој момент заедно со Министерството за правда и министерката и како што многу од нас милуваат да кажат, под мониторинг на меѓународните организации, треба да донесеме еден изборен законик кој ќе важи не само за овие избори, туку и за многу избори после тоа. Затоа секогаш треба да тргнуваме од она што ќе го донесеме дека ќе има трајна вредност и дека ќе биде применливо не само сега и веднаш туку и многу години после тоа затоа што се што е избрзано и донесено сега, за денес, мислам дека нема некој ефект. Тоа се гледа, и покрај сите заложби и ценејќи ја работата на Комисијата која работеше на овој изборен законик и која има доста добри решенија, но и тука во самиот предлог гледаме дека во многу ситуации стојат алтернативни решенија. Значи сеуште имаме големи прашалници врз основа на кои понатаму треба да го изградиме и треба да донесеме едно правилно решение кое ќе биде задоволувачко за сите, пред се за граѓаните на Република Македонија.

Ние говориме за изборниот законик но сите заборавме дека, еве ние како пратеници дојдовме во ситуација да носиме тука закони во кои една третина од излезеноста на граѓаните веќе е задоволувачка за да избереме некој градоначалник. Тоа исто заговаравме и за претседателот, утре може ќе бараме, не знам каде да биде тој процент од 15%, можеби. Сега никој не се прашува што со граѓаните. Излезеноста на граѓаните и интересот кој го покажуваат има два начини да се задржи и да

предизвикаме внимание кај истите да излезат на избори. Мислам дека овој изборен законик токму затоа го носиме. Ако го носиме за двете најголеми политички партии и за најмалите, не знам што ќе остане за граѓанинот кој сака да си го одбере она што во моментот на него му треба и што мисли дека е најдобро. Таква ситуација јас и со овој изборен законик, апсолутно не гледам затоа што и досегашните дискусии укажуваат на нешто друго, се ќе биде регуларно, ако ние како политичка партија учествуваме во она што ќе биде донесување на законот, учествуваме во она што ќе бидат изборни органи, учествуваме секаде каде што мислиме дека треба да учествуваме и тука завршува приказната, за жал. Значи јас во изборниот законик никаде не видов како граѓанинот има само право, тоа што е негово право да го искористи. Обврската не ја гледам никаде и останува и земји кои имаат многу поголема демократија од нас да бидат обврзани, граѓанинот да го даде својот глас, без разлика и да не гласа за никој, но да биде присутен на избирачкото место и да го даде својот глас. Дали ќе гласа, воопшто не е проблем, но да биде присутен за да нема ниту злоупотреба на она што се случува избори и години наназад, значи полнење на гласачки кутии, интервенција на партиските структури за што кажуваме дека некоја друга партија, како што рече колешката, а не ние, секогаш некој друг го прави тоа. Тука можеме и мораме да најдеме заедничка сила, граѓанинот да биде тој кој ќе си го каже својот глас, без разлика како и за кого ќе гласа, но, да гласа. И во земјите со поголема демократија тоа право мора да го искористи, значи тоа е и обврска, ако не постојат и други мерки со кои ќе се натера,со ограничување на она што се други наредни права кои треба да ги има во однос на гласањето. Тоа е мое лично мислење и мислам дека ќе биде добро да имаме, јас кажав со 30% од нив, 50% излезеност, мислам дека апсолутно е нерегуларно во однос на она што значи политичка определба. Тоа го видовме и на изборите 1994 година кога се носени апсолутно најголем број закони, кога се направени едни големи и генерални промени во однос на приватизацијата и во однос на се, кога опозицијата не беше присутна во овој дом и сега ние не можеме да се враќаме за нешто што поминало, или можеме да се вратиме, но одговорноста треба да ја носат тие луѓе кои во тој момент претставувале 12 или 15% од граѓаните на Република Македонија и би му ја дале можноста на Парламентот да одлучува во тие 4 години,  да донесе низа одлуки кои и денес ние како пратеници имаме проблем да ги исправиме.

Јас не би се согласил со повеќе колеги, би сакал овде генерално да кажам неколку збора во однос на она што викаме мониторинг, па денес слушнав дека и избирачкиот список, при прочитувањето треба да бидат присутни најголемите партии од позицијата и опозицијата и меѓународните органи, дали тоа ќе биде ОБСЕ или некоја комисија. Сега јас ќе прашам дали некој од нашите пратеници или вие како министер бевте повикани некаде да учествувате во прочистување на некој избирачки список во Естонија, Летонија, Бугарија или незнам каде и што вие ќе можеме да им помогнете на тие луѓе, ако ние тука меѓусебе, познавајќи се, во една држава од 2 милиони луѓе, не можеме тоа да го направиме, ни треба меѓународен мониторинг. Мислам дека апсолутно е некоректно затоа што секој треба да си исчисти во својот двор, а ние треба да си го исчистиме нашиот двор. Цело време добиваме такви работи што, еве сега ќе има мониторинг на политичките партии, на штабовите на политичките партии. Едноставно продолжуваме со она што значи лампи, што значи прскање по прстите и тоа го ставаме во закон. Мислам дека, тргнувајќи како кандидати за член на Европската унија, еднаш треба да прекинеме со тие ситуации. Дали ние сме спремни во основа да го направиме главниот рез и да почнеме да се движиме кон Европската унија, не да се движиме кон Африка. Тоа го гледаме само во некои држави каде воопшто нема демократија и каде луѓето апсолутно за демократија не слушнале, или ги имаат режимите со кои повторно ќе се изманипулираат, без разлика кој ќе биде прскан и како ќе биде прскан. Мислам дека треба да најдеме начин сето тоа да го канализираме, да се движи во она што значи правилна насока и да се движиме кон Европската унија. Но, тоа не го правиме. Тоа можам да го потврдам и со тоа што сега се бара и сега го слушнав, интеријал формула во која големите партии ќе бидат тие што ќе добиеме една позитивна и поголема коалиција која ја има, еве да кажам и во Германија и во Бугарија. Но, јас ќе предложам нешто друго, веќе ако некој е толку несериозен во оваа ситуација, апсолутно да нема избори и ние бидејќи се наоѓаме во една критична ситуација да направиме една влада од сите политички субјекти да учествуваат во таа влада и да се движиме кон Европа. Дали имаме сила за такво нешто? Апсолутно дека немаме. Сите се гледаме дека ќе бидеме победници, но ако не сме победници, да бидеме до победниците. Мислам дека тоа апсолутно ништо не кажува ниту за граѓаните да нудиме некое решение, ниту да нудиме некоја солуција во однос на првото или второт и начинот на кој ние веќе се презентираме пред граѓаните е проблематичен. Зошто? Еве никој точно не знае колку време има до избори, дали се три месеци, шест месеци, девет месеци, но кампањата е почната веќе пола година. Тоа можеме да го забележиме веќе по сите медиуми. Тука носевме закон за Советот за радиодифузија да ја имаат контролата врз медиумите. Но, што се случува? Сите секој ден гледаме дека медиумите веќе се определија и сите фаќаат страна. Тоа што ќе се случува во наредните 9 месеци, може само да претпостави обичниот граѓанин кој е бомбардиран со информации кои апсолутно не водат никаде, затоа што она што е многу поважно во оваа ситуација не допира до нив, а доаѓаат некои тривлијални работи кои во дадениот момент може да ни донесат или да ни одземат политички проблеми. Мислам дека Советот за радиодифузија, ако се носат закони како што ќе го

носиме и овој изборен законик, апсолутно мора да си ја одработи својата работа, а тоа е казни и ако треба и забрани. Мислам дека и она што се случуваше на локалните избори апсолутно го потврди сето тоа дека ако имате ситуација во која сите претставници треба да бидат подеднакво застапени, како што стои во програмата, ако вие ги погледнете програмските шеми и она што беше презентирано, апсолутно не е така. Тоа можам да ви го потврдам во секој случај.

Во однос на она што беше кажано за уверенијата, моето прашање и без да ја слушам колешката беше како ние во секој момент ќе обезбедуваме 30 илјади луѓе што нон-стоп некој треба да ги обучува. Значи мораме да најдеме начин, дали е тоа јавната администрација, со тоа што одговорноста ќе биде зголемена, ќе има санкции после тоа, без разлика кој како ги поставил затоа што никој не знае што ќе се случи после изборите. Тоа треба да биде предизвикот и она што едноставно ќе ја води работата. Тоа ќе ја води кон она што треба чесно и регуларно да ја извршат својата работа затоа што ,како што кажавме партиските војници се партиски војници без разлика колку бил стручен, како бил стручен и ова што го предлагаме сега ние да бидеме присутни на ждрепката, ако не се присутни позицијата, опозицијата, значи во старт ние апсолутно на никого не му веруваме.

Во однос на судиите, исто како што се бира јавната администрација, ние во овие години исто ги биравме и судиите. Јас многу пати, вие претходно како заменик министер и сега како министер знаете, доаѓаат предлози за кои некој тука прекутно, од 20-30 предлози, 5 или 6 луѓе се одбиваат, дали се тоа јавни обвинители, дали се судии, се одбиваат без никој од нас да каже ниеден збор во одбрана на она што гласа, а гласаат повеќе од 50 луѓе. Значи тоа кажува за нешто што апсолутно не можеме да зборуваме за деполитизација и затоа ги трпиме критиките и во однос на судството и ќе ги трпиме понатаму и во однос на изборниот законик затоа што се работи за истите луѓе и истата ситуација нон-стоп ни се менува. Тука е нашиот проблем. Додека не го разрешиме прво тоа во сопствените глави и да почнеме да работиме на она што значи едукација, ние многу добро ќе го изнесеме тоа, но ние како пратеници, поголем дел од нас тоа не го ни прочитале. Тоа е жалното бидејќи после бараме од граѓаните да ги исполнат своите права, му даваме рокови од три дена каде тој истиот треба да се јавува, не знам во Општински суд, па во Врховен суд и да го оствари своето право. Мислам дека таква ситуација е многу ретка и повторно ќе ја преземат политичките партии со нивните членови, ако евентуално сигнализираат за тоа, а граѓанинот толку сме го едуцирале да си ги знае своите права при овие изборни процеси, апсолутно не е така, затоа што најчесто се случува избирачкиот список да биде погледнат токму дента кога се изборите. Дефинитивно е така и тогаш се јавуваат проблемите, трчајќи до општина, до МВР, па барајќи дозвола. Тука се јавува проблемот. Значи во однос на едукацијата мислам дека многу повеќе треба да посветиме внимание и на тој начин да овозможиме порегуларни избори.

Инаку моите конкретни забелешки на текстот на Законот, мислам дека ова е прва фаза и чувствувам потреба да ги искажам. Мислам дека министерката ќе ги земе предвид и Министерството и Комисијата која ќе работи за конечноста, можеби нешто како идеја затоа што тоа не е моја област, тоа е правна област, но сум учествувал и лично во многу избори, така што оние неправилности, она што ги тишти и граѓаните и политичките партии и лично сум го почувствувал затоа и моите забелешки би ги насочил во тој правец.

Во однос на членот 21 став 3 каде претставникот на подносителот на листата може да предупреди за неправилностите во нивната работа и доколку не биде прифатено предупредувањето може побрзо да биде внесено во записникот. Тука се јавуваат многу проблеми затоа што и покрај инсистирањето, ако тоа во моментот не се направи, тогаш останува да добиете информација дека во дадениот момент не сте интервенирале и тие што се во избирачките одбори, или набљудувачите кои го контролираат сето тоа. Повторно таа едукација недостасува и не може да се забележи во стартот и после тоа се јавува проблем.

Понатаму во членот 24, во однос на она што беше состав, избор на ДИК, мислам дека тоа го договоривме каде претседателот не може да бира и неговиот заменик, ги именува претседателот на Републиката. Јас тука се согласувам со она што беше алтернатива. Тука мислам е подобро решение алтернативата отколку тоа што се нуди во членот 24.

Член 25 став 1, и став 2. Став 1 "четирите членови на ДИК се избираат од редот на сите судии на Врховниот суд на Република Македонија по пат на ждрепка".

Став 2 "замениците на членови од став 1 на овој член се избираат од редот на лиценцирани адвокати и истакнати правници, по пат на ждрепка".

Мислам дека во оваа ситуација лиценцираните адвокати и истакнати правници, не гледам поделба дали тие треба да бидат заменици или членови на ДИК, затоа што и самите ќе се доведеме во една непријатна ситуација каде судиите на Врховниот суд, повторно сите жалби завршуваат во Врховниот суд. Сега, вие подобро знаете, како ќе одлучува некој кој можеби направил нешто во таа Државна изборна комисија за што политичката партија или поединци имаат проблем и веќе бараат одлука на Врховниот суд. Тука ќе се јавува проблем затоа што треба да се одлучува по истиот начин. Мислам дека ова како алтернатива не стои. Ставот 1 и 2 би требало да бидат независни, значи и членови и заменици на членови треба да се бираат од овие лиценцирани адвокати и истакнати правници. Не гледам која е

причината меѓу нив. Утре, можеби некој и бил судија на врховен суд, па така да ги деградираме да можат да бидат само заменици, а не и членови. Мислам дека дилемата стои кај нас.

Понатаму, членот 26 став 1, рокот од 5 дена за известување од претседателот на Собранието на Република Македонија, политичките партии мора да донесат свои членови.

Мислам дека овој рок можеби е и премал, во некои ситуации каде имаме регуларни избори каде се знае кога почнува цел процес. Мојот предлог е да биде барем 10 дена, затоа што политичките партии многу пати доаѓаат во ситуација да имаат дилема.

Членот 27 каде понатаму говорите за организационо-техничките работи за вршење на стручно административните, стручна служба на ДИК.

Јас како и секогаш и сега ќе кажам дека тоа требало да биде дефинирано многу порано и треба да се знае колку и кога, затоа што понатаму се предвидуваат некои финансиски средства за луѓето кои ќе ја извршуваат таа работа и тоа може да предизвика многу ситуации за кои сме сведоци, во многу комисии досега што сме ги направиле, дека апсолутно не функционира.

Понатаму, членот 28, став 7 "врши задолжителна едукација на членовите на регионалните и општинските изборни комисии и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата" . Дали тоа значи на секои избори дека ќе имаме едукација и колку луѓе ќе се едуцираат, или тоа еднаш засекогаш треба да го завршиме и да имаме комисии кои ќе бидат професионални, по можност да се менуваат на изборните места, но професионални , кои ќе ја вршат својата работа и за евентуалната неправилност и одговарале, како што кажавме, со своето работно место.

Ставот 9 вели "определува единствени стандарди за изборниот материјал, се грижи за неговото обезбедување и го пропишува видот на средствата со кои се обележуваат и проверуваат лицата кои гласале (лампи, спреј и графитно перниче)". Мислам дека овој дел треба апсолутно да се избрише. Неприфатливо е за мене да стои во овој изборен законик. Се надевам дека ќе биде последен пат да го користиме тоа на овие избори и тука да заврши приказната. Да се надеваме дека сме подготвени и способни да направиме едни фер и демократски избори и после тоа да оставиме на граѓаните тие да одлучуваат. Ваквите ситуации мислам дека не ги намалија неправилностите. Повторно говориме за исти ситуации, за нешто што се случува како правило, за жал.

Еве тука Правилникот и упатството за надоместок на членовите на изборните органи, дали тоа ќе биде плата или средства кои, како што ќе видиме понатаму, изнесуваат 2/3 од вкупните средства, 1/3 останува за политичките партии.

Понатаму, членот 35 во кој што се говори за претседателот и членовите на општинската изборна комисија и нивните заменици, по правило имаат живеалиште на подрачјето на општината, за која е формирана општинската изборна комисија. Јас мислам дека ова по правило треба да отпадне, значи обврзно или не треба да стои ништо, мора да бидат жители на подрачјето на општината на која што е формирана оваа општинска изборна комисија. Мислам дека тука апсолутно нема никаква дилема дали некој може или не може да биде од истата општина или треба во друга општина по правило. По правило мислам дека треба да отпадне обврзно или пак да ги нема тие зборови.

Понатаму, членот 36 став 7 "ја контролира законитоста на работењето на избирачките одбори и интервенира во случаите кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, кандидирањето и спроведувањето при утврдувањето на резултатите на изборите". Мислам дека на овој начин, надлежност над општинската изборна комисија, таа повреда се случувало во многу ситуации да се бара и некоја флексибилност. Ние кажуваме во самиот Изборен законик 24 часот, но се случило 10 минути после тоа и може да се случи некоја политичка партија и да отпадне и начинот на кој што ќе се применува законот треба стрикно да се кажува и да има или ја нема оваа општинска изборна комисија.

Понатаму ставот 13 "пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика". Јас мислам дека сите информации што општинската изборна комисија треба да ги дава, тоа треба да го прави до регионалната или до државната изборна комисија. Заводот за статистика од ова треба да го исклучиме, затоа што Државноит завод за статистика може да функционира единствено преку ДИК. Не може од општинска изборна комисија да се бараат податоци кои ќе стигнат во Државниот завод за статистика. Значи, ставот 13, според мене, би требало да отпадне.

Во членот 38 став 3 мислам дека нудиме едно решение кое што може да придонесе до неправилност на изборната постапка. Претседателот на општинската изборна комисија именува нови членови на избирачкиот одбор и нивни заменици во случаи на неоправдано напуштање на гласачкото место на членовите на избирачкиот одбор и нивни заменици за време на изборите со решение кое го доставува до членовите на Комисијата. Ова би било се во ред, доколку овие изборни органи се професионализирани. Тогаш нема проблем дали ќе биде еден или ќе биде друг. Но, доколку се работи за политички партии, претседателот на општинската изборна комисија има можност да манипулира или да донесе одлука со која што, еве ако се прифати тој модел на учество на политичките партии, да имаме проблем во нивниот избор, една политичка партија да биде во предност во однос на другите. Сметам дека тоа не е во ред.

Понатаму, во членот 40, водењето на избирачкиот список, мислам дека ставот 5 и воопшто би

проговорил за овој избирачки список, од сите политички партии пред малку што кажав и вие самите го имате тој проблем, треба да се изнајде едно решение со кое што овој список дефинитивно ќе биде прочитан. Затоа што, ние имаме наши граѓани на привремена работа во странство и веќе тие се некаде четврта генерација, ако не и повеќе, значи од далечните 60-те години, а сега е веќе 2006 година, повеќе од 40 години некој се води како да е на привремена работа во странство. Мислам дека тоа е апсолутно некоректно и дека мора овој список да се прочисти. Тие сите што сакаат и остануваат сигурно државјани на Република Македонија, треба и мора да го искористат своето право на глас. Мораме да го изнајдеме моделот и модусот како да им овозможиме да го реализираат своето право, без разлика дали живее во државата или не, оној што ја сака и што мисли да даде придонес, мислам дека мораме да најдеме начин истиот да го поддржиме.

Понатаму, во членот 41 јас лично ќе ви кажам, можеби ова е од некое минато свршено време, но за мене е неприфатливо во денешни услови во самиот закон во член 41 став 1 алинеја 1 "гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на воена вежба или отслужување на воениот рок". Отслужување на воениот рок би било тоа што треба да биде надвор од ова, а граѓаните кои што се наоѓаат на воена вежба во Република Македонија, како што доаѓаат времињата, имаме професионализација и по сите стандарди на НАТО многу брзо Република Македонија ќе се направи со професионална армија, така што тука апсолутно нема потреба од оваа воена вежба. Плус тоа, Република Македонија долж и попреку има некаде 200 км, така што и да се на воена вежба за денот кога треба да се гласа, мислам дека треба да бидат на местото на општината од каде што доаѓаат и дека тука апсолутно немам никаква дилема дека ова треба да отпадне. Истото ова го има и во членот 44, каде што стои во ставот 1 или се на воена вежба и мислам дека тој дел треба да отпадне.

Понатаму, членот 47 став 1 за кој што кажав пред малку, еве ова е токму тој дел, ставот 1: "граѓанинот може во текот на целата година да бара да изврши увид во изводот од избирачкиот список во службените простории на подрачните одделенија на Министерството за правда". Е, сега, за ова можеби ќе треба малку повеќе време, малку повеќе едукација и работа од сите нас да ги известиме граѓаните, затоа што вие имате тука една постапка од некаде осум става во кои што се образложува како секој граѓанин може да го оствари своето право. Но, верувајте ми, ова од искуството од она што го знам и што го знаеме сите тука, мислам дека многу тешко се доаѓа до оваа ситуација и можеби треба да се искористи да се едуцираат луѓето.

Понатаму, во членот 54, ова за мене е проблематично и мислам дека и за вас ако малку подобро размислите "личните податоци содржани во избирачкиот список се заштитени во согласност со закон и не треба да се употребуваат за ниедна друга цел, освен за остварување на избирачкото право на граѓаните во согласност со овој закон". Ова ќе биде во ред ако тука завршува. Но и самите знаете дека избирачкиот список може да го добие секоја политичка партија, секој што ќе плати, дали тоа ќе биде на дискета, дали ќе биде цел избирачки список и тие податоци апсолутно после тоа не може да гарантира никој дека ќе бидат заштитени, затоа што вие едноставно немате контрола што во политичката партија или оној кој што го зел избирачкиот список дали ќе ги злоупотреби или нема да ги злоупотреби. Тоа е веќе негово право и за жал, тука мислам дека заштитата и во членот 55 е должен да ги чува и да ги заштитува, мислам дека или треба да има казнени мерки, но мора да се најде метод како ова да се заштити. На овој начин, верувајте ми, нема никаква заштита, затоа што тој избирачки список на регистрираните политички партии, на независните кандидати при учество на избори Министерството за правда по прептходно писмено барање ги дава во печатена форма или во електронски облик, што значи тие преминуваат во владение на политичките партии и независните кандидати и тука веќе контролата Министерството за правда или ДИК повеќе ја нема. Мислам дека одговорноста не може да лежи на оној што го дал списокот, вие како што го имате вака предвидено. Мора да се најде некој друг начин.

Членот 61 "подносител на листа на кандидати за членови на совет и градоначалник со собрани потписи". Јас мислам дека овој квантум е многу мал, во ред за овие до 10 илјади жители сто потписи, но пак 100 илјади жители и 450 потписи, мислам дека се минимални и не овозможуваат, да кажам, една правилна и реална конкуренција на луѓето што ќе учествуваат. Тука треба да се размисли и овие двојно или тројно да бидат зголемени.

Во однос на листата кандидати за пратеници ставот 2 членот 63 "на секое трето место ќе биде кандидат од помалку застапениот пол". Тука веќе доаѓаме до една ситуација каде што уставните права, гарантирани уставни права не ќе може да се реализираат. Значи, ситуација во која што имате позитивна дискриминација и сега не знам за кој пол и каков пол, можеби утре ќе се јават граѓански здруженија кои што еве и во Европската унија функционираат, а и кај нас гледам дека се многу активни во последно време и ќе побараат нивните листи каде што се од ист пол, не знам кој ќе се кандидира на таква листа и секој трет да биде различен од оној што е обратниот. Сметам дека ќе се доведеме во ситуација со закон или да го решиме или пак да оставиме ситуација во која што политичките партии се свесни што и како ќе имаат на своите листи, мислам дека полот апсолутно не е битен. Можеби некогаш жените се подобри за политика, тргнувајќи од она што е нивно семејство и заштитата на семејниот дом, но не секогаш мора да значи дека е така. Затоа, треба да имаме способни и квалитетни луѓе кои ќе

го завршат сето ова. Мислам дека граѓаните во основа тоа и го бараат.

Во членот 70 став 5 "сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на жиро сметката за изборната кампања". Ние донесовме некој закон за финансирање на партиите и излез на избори и еве ги последните избори локални покажаа дека тоа апсолутно е нерегуларно. Затоа што, не знам некој колку таму потрошил 200 денари или 2000 денари или не знам колку за цела кампања во која што добил толку претседателски места, градоначалнички места, претседатели на совет и сега што после тоа. Вие со овој закон предвидувате, има една ситуација каде што може да биде многу страшно, партија со која што вие ќе донесете одлука, мислам дека тоа беше во членот 76, но во секој случај ваквиот начин каде што треба да се покријат од средства на жиро сметка, треба да имаме многу добра контрола за да се заврши целата оваа работа. Очигледно е дека тоа не е така и дека финансиските средства се можеби пресудни при изборот на некои и од пратениците и од градоначалниците и од се останато, затоа што без финансиски средства и ова што го гледаме по медиумите што се случува, апсолутно мислам дека љубовта е одамна завршена, останува следна ситуација каде што има финансиски одговорности и средства.

Во членот 76 став 1 "испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна 5 дена пред денот определен за одржувањето на избори". Мислам дека ова во Република Македонија апсолутно не е пожелно да биде информирана ниту јавноста, затоа што ќе биде дезинформирана и дека во многу ситуации, можеби повеќе од 90% граѓаните се манипулираат, со тоа што добиваат лажни податоци од овие анкети кои што ќе се претставуваат. Тоа ќе го дефинирам само со неколку примери. Пример од 1990 година кога тогашната ВМРО-ДПМНЕ имаше 2,17, а тогаш владеачката СКМ-ПДП имаше некаде над 40%, се случи ситуација во која што изборите ги доби ВМРО-ДПМНЕ. Јас сега ќе ви кажам, тие известувања на јавноста со овие анкети беа 5 дена пред избори. Значи, таква ситуација во било која држава во светот да се случи, ќе имате ситуација тие медиуми повеќе да не постојат и никој да не ги смета сериозно или да станат жолт печат. За жал, тие кај нас претставуваат извор на информација и нон стоп граѓанинот се труе со вакви информации. Последните локални избори повторно ВМРО Народна партија имаше некаде 1,8%. Со 1,8% да се добијат 120 илјади гласа, јас сега не знам кој згреши, дали граѓаните или пак анкетата. Сигурно дека згреши анкетата, по што граѓаните гласаа. И, сега, имаме други партии кои што биле во коалиција со 15 или 17 члена во таа коалиција и добиле 20 илјади гласа и сега претендираат да бидат движечки, водечки во Република Македонија. Мислам дека е апсолутно некоректно тој тренд и понатаму продолжува, но оправдувањето или права ситуација за таква работа нема.

Во членот 77 - изборни плакати можат да се истакнуваат и на стамбени или други приватни објекти со претходна согласност од сопственикот на објектот. Јас мислам дека и со Законот за локална самоуправа и со ова што е дел од она што го доживуваат граѓаните во Република Македонија, ова како член треба да отпадне, затоа што дали некој ќе има дозвола или ќе нема дозвола по станбените згради, градот се унакажува и ќе се излепат секаде плакати, што апсолутно не е цел ни на законодавецот, ниту пак на нас како политички партии, бидејќи секој треба да има место и простор каде што ќе биде рекламиран и тоа е во ред. Но, да се искористат станбените објекти за лепење на вакви плакати, тоа е катастрофа. А, тука во членот 78 - уништување на изборни плакати или лепење плакати врз плакати на други организатори е забрането. И, тука завршува приказната. Јас и сега можам да ви дадам фотографии на кои што ќе видите како активисти на одредена политичка партија облечени во униформи, но за ж ал малолетници, го прават сето тоа. И, сега што е казната? Казната е за политичката партија, казната е за оној кој што лепи преку плакатата и за кој е казната и дали воопшто има казна. Велиме дека е забрането, а што значи забрането сигурно вие подобро од мене знаете, значи треба да следат санкции. Санкцијата која е? Тука нема санкција и нема апсолутно ништо и тука завршува приказната што за мене апсолутно не е коректно. Мислам дека тука мораме да најдеме начин како сето ова да се разреши, затоа што еве ви кажувам дека лично ги имам тие фотографии, можам и да ви ги доставам да видите како тоа изгледа и тоа организирано со камиони и возила и се друго што ги поседува или не ги поседува политичката партија.

Членот 81, мое лично видување е дека ова треба да биде дефинирано. Предизборни собири не смеат да се одржуваат во воени објекти, верски објекти, болници, домови за стари лица, училишта, детски градинки и други јавни институции. Јас апсолутно се сложувам со овој став, но имам еден проблем. Што значи еден собир, да го дефинираме дали тоа се 5 или 10 луѓе, не знам како можеме да го дефинираме, затоа што се злоупотребува истата ситуација кога вие одите во посета на некој ваков објект, дали е тоа болница, дали е тоа училиште, едноставно новинарите можат да направат фешта од тоа дека тоа е собир, а едноставно секој пратеник или кандидат за градоначалник има и обврска да има правна ситуација, да ја види ситуацијата во дадениот објект. И, сето тоа може да се злоупотреби во оборатна насока дека е собир, а нема ништо од собир. Значи, јас би ви препорачал зборот "собир" да биде дефиниран, колку, што и каде тоа може да се направи. Сето ова апсолутно не е спорно друго.

Членот 84 став 6 по однос на финансиските извештаи, организаторот на изборната кампања на група избирачи, вишокот од собраните средства вишокот ќе го подари во добротворни

цели. Јас не знам дали ви се случило досега некој да покаже вишок. Сите политички субјекти во однос на ова, ви кажав, со такви средства кои ги прикажуваат, не знам дали можат да платат и една емисија на телевизија, но во секој случај тоа е вистина. И, сега, на членот 86 за кој што пред малку ви говорев, тој член за мене е спорен.

"Надлежната изборна комисија ќе донесе решение за поништување на листата на кандидати најдоцна до денот на изборите, ако со правосилна пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања користеле средства стекнати од извршени кривични или казнени дела. Значи оваа ситуација може да биде под знак прашалник за секоја политичка партија која што во дадениот момент е опозициона партија.

Мислам дека под исти околности, под исти ситуации, еве гледам и денеска дека многу од граѓаните кои што припаѓаат на опозицијата се санкционирани, а многу кои што се од позицијата се пролонгира тој рок до недоглед и тука апсолутно не говорам за оваа позиција или опозиција и за претходната и за идната и тука е ситуацијата во која што вие ако ја поништите таа листа, веќе влегувате во ситуација за една политичка интервенција со која што ќе ги ограничите правата. Затоа што дали некој ќе докаже дека ова е така или не е прашање за мене барем сеуште субјективно, се додека не почувствувам дека судовите работат она што треба да го работат, како секој граѓанин во Република Македонија.

Во членот 91 претпоставувам дека ова е грешка, изборниот материјал регионалните изборни комисии го предаваат на општинските изборни комисии најдоцна во рок од 62 часа. Би требало сигурно да стои 72 часа, или три дена. Значи се работи за техничка грешка. Би требало да стои 72 часа.

Во членот 92 став 2 во однос на она што значи сериски броеви и гласачки ливчиња. Јас ќе ви кажам на два пати на избори се има случено нешто што апсолутно, излегува од она што значи тајно гласање. Ќе ви кажам сега зошто. Затоа што вака како што се напишани по сериски броеви сите ливчиња и го имаме избирачкиот список кој како доаѓа, очигледна манипулација на оној што го води избирачкиот одбор, тој едноставно го чита вашето име и презиме на глас, тука се набљудувачите од сите политички партии, серискиот број е веќе запишан број 1 па натаму и апсолутно, за секој граѓанин во секое в реме може да се види за кој гласал. Значи, не е битно дали вие сте заокружиле кругче, правоаголник, триаголник, или незнам уште што таму, но вака, апсолутно, за секој граѓанин се знае за кој гласал. Значи имате сериски броеви, имате читање на името и тука апсолутно, е дефинирано се. И серискиот број и може да се види кој за што гласал. Мислам дека тоа е многу видливо и дека тоа мора да се промени.

Понатаму, членот 96 став 1 алилнеја 2, за делот од гласачкото ливче за гласање за избор на пратеници содржи реден број, име и синбол. Ако го има на подносителот на листата. Јас исто како што кажа господинот Блаже Стојаноски, можам да ви кажам дека и на последните локални избори, како што ги кажав тие две коалиции, на еден лист како што беше овој од А4 формат, до некаде ситуација од 85% на ливчето стојат тие два политички субјекта "За Македонија" и "За подобра Македонија", наведувани со симболи, со знаци, со имиња од 17 или 15 партии и во тие 15% или 10% останува простор за останатите еден, двајца или тројца кандидати. Ако некој излегува на избори, мислам дека и сега треба да се излезе како политичка партија, или пак ако некој бара да биде и како коалиција и во соседна Бугарија и секаде стои тоа. Коалицијата си има свое лого "За подобра Македонија", си има свој симбол и тука апсолутно, ништо не е спорно и пред подносителот на листата. Тоа треба да стои регуларно да се излезе на изборите, едноставно на граѓаните да им дадеме можност да го дадат својот глас тие за што гласале. Вака на овој начин апсолутно е некоректно. Значи се случувало во претходните избори некој заради своето име да добие двајца или тројца советници по грешка, затоа што некој мислел дека веќе има коалиција меѓу одредени партии, а името на партијата било такво што мислеле луѓето дека е тоа коалиција. Значи, јас ќе ви предложам и мислам дека е најприфатливо вие ова да го прифатите да се најде начин сите на избори, дали е тоа пред коалиција, пред изборна коалиција, или пак партијата излегува сама да биде означена со симбол подносител и да има име. Тука ќе завршат сите прикаски, секој што може и што сака нека повели нека излезе на избори да си ги каже своите права, а граѓаните ќе одлучат. На овој начин го стеснуваме изборот на граѓаните.

Во членот 103 став 2 избирачкиот одбор може да го отстрани секое лице, кое го нарушува редот и мирот на гласачкото место. Тука имаше многу дилеми и кај колегите пратеници, постојат дилеми и кај мене. Значи прашањето е како, затоа што некој што го нарушува јавниот ред и мир, обично со нив имаме најголеми проблеми и треба да се отстрани или со физичка сила и не гледам друг начин. Дали полицијата при присуството на 100 метра од гласачкото место, ли пак пред самото гласачко место, мора да се изнајде во она што го кажавте како договор меѓу Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи да најдете која е улогата на полицијата во изборниот процес и каде тие можат да се најдат да можат да интеервенираат за ова да се направи. Мислам дека тука има големи проблеми и ова треба да го регулираме.

Во членот 104 став 2 јас можеби ќе ви изнесам некои работи за кои можеби не сте размислувале или ви изгледаат реални, меѓутоа, бидејќи е закон во ставот 2, гласањето може да се прекине и во случај на временски непогоди, или други вонредни околности. Мислам дека е добро да се каже што се тоа временски околности и други вонредни околности, да се набројат, затоа што во

даденииот момент можеби еден удар на гром во близина на гласачкото место може да затвори и да се најде ситуација во која секој различно би реагирал. Значи мораме ова да го наведеме точно и прецизно бидејќи е закон, а вие знаете дека во Законот за да нема никакви проблеми после тоа, се функционира така. Ова исто утврдување на идентитетот на гласачот, за мене, ставот 2 е неприфатлив. Можеби за другите е во ред но за мене е неприфатлив, затоа што се движиме кон Европска унија, дали избирачот со ултравиолета лампа, проверува дали има небришлив белег на ноктот на палецот на десната рака и тоа продолжува дури цел ферман, што велат Турците, да видиме како ќе биде и идентификуван граѓанинот. Мислам дека ова треба да го отфрлиме и дека апсолутно тука треба да најдеме начин како со едукација да стигнеме во ситуација во која што сите заедно ќе можеме да ги реализираме работите ако сакаме да се движиме кон Европска унија. Јас ви кажав. Ако најдете некои такви држави во Европа, освен околу нас Косово, Босна и Србија евентуално, мислам дека такви нема кои што ги употребуваат овие средства, другите се некаде далеку во Африка.

Понатаму, членот 166 ставот 3, избирачко место не може да се определува за населено место во кој жиеат помалку од десет избирачи. И ова ќе биде во ред ако во членот 167 избирачкото место по правило не смее да биде оддалечено повеќе од три километри од најоддалечената адреса во градските населби, а повеќе од 5 километри во селските населби. Постојат вакви селски населби каде што оваа оддалеченост е повеќе од 15 до 20 километри. Тука се јавува секогаш проблеми. Значи, или ќе обезбедиме тие граѓани да гласаат, тоа го ставаме обично на политичките партии и тука се случуваат тие манипулации, кој колку ќе донесе, толку ќе гласа и тоа го знаеме сите. Мислам дека мора да се најде начин дали тие можеби не се многу има такви области три четири можеби во Република Македонија за кои што тие средства кои се предвидени од ДИК да се вклучат и овие средства на начин што на граѓаните ќе им биде овозможено да го дадат својот глас, со тоа што мислам дека ќе биде порегуларно ако тоа го направи таа општинска изборна комисија на местото на кое што треба да гласаат.

Ова се моите забелешки во однос на текстот на законот. Мислам дека ако ништо друго ви дадов идеја за размислување и начин како ова можеме да го реализираме. Се надевам дека завршната фаза ќе биде многу подобра од оваа што ја имаме сега, со многу поквалитетни решенија, но битно е да се надминат оние тесногледи сфаќања дека ова е денес и за овие избори, а не за избори кои што не очекуваат години нанапред и барем во еден дел овој Парламент да придонесе да добиеме еден квалитетен закон со кој што се надевам дека за неколку години, после неколку изборни процеси ќе бидеме во Европска унија, каде што сигурно овие лампи нема повеќе да ни требаат. Благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам.

Бидејќи нема мповеќе пријавени за реплика, има збор госпоѓата Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам за зборот.

Почитуван министер за правда, дами и господа пратеници,

Премногу сериозна тема имаме да ја дебатираме пред нас и наредните денови предпоставувам, со оглед на бројот на пријавените кандидати. Затоа што колку што сите знаеме ова е еден од условите кои треба да ги исполни Република Македонија преку наредните Парламентарни избори, кој треба да бидат фер и демократски за побрз влез во Европска унија и во НАТО сруктурите.

Премногу се кажа, колегите одеа премногу прецизно со укажувања за она што е предложено во овој изборен законик како предлог за негово донесување. Искрено да ви кажам вака како што е предложен и самиот министер за правда рече дека е збир од закони кои се однесуваат на изборите на различни нивоа. Значи скоро се е исто од она што го имаме како закон за локални избори и закон за избор на пратеници досегашен, Закон за избирачки места, за избирачки легитимации, за изборните единици, за избирачките места, за избирачкиот список. Значи, технички се споени сите овие закони во еден законик. Меѓутоа ова ништо нема да ни значи, ако ние добриот законик не можеме да го спроведеме така како што треба. Спроведувањето е основата за профункционирање на законот. И она што ние како членови на политички парти го имаме во нашите глави и она што сакаме да постигнеме со спроведувањето барем на наредните Парламентарни избори. Јас не сакам да размислувам дека овој изборен законик треба да биде со краток здив и само наредните парламентарни избори да ни бидат фер и демократски., како што сакаме сите ние и како што се залагаме. Јас сакам основата да биде поставена со овој изборен законик и за сите идни избори кои што ќе доаѓаат, затоа што тоа се циклуси за кои мора да помине извесен временски период за да се спроведат.

Значи јас би сакала, почитувани колеги, да се задржам на органите всушност кои го спроведуваат изборниот процес. Тоа се ДИК како највисок орган, регионалата изборна комисија, општинската изборна комисија и избирачките одбори.

Меѓутоа, според мое искуство од досегашното учество, а верувам и од ваше од сите досегашни изборни циклуси, основната клетка на целиот изборен процес се наоѓа во избирачкиот одбор. Сите неправилности кои беа констатирани досега на сите избори од 1990 година наваму, генерално се однесуваат, со оглед на тоа дека имавме различни модели, се однесуваа на основната клетка, а тоа е избирачкиот одбор.

Значи, најважно при спроведување на било кои избори е она како ќе биде организирана работата во избирачките одбори на локално ниво од страна

и на политичките парти, затоа што со досегашниот принцип, политичките партии ги предлагаа членовите на избирачките одбори.

Како алтернатива во овој изборен законик на сите нивоа во изборните органи се јавува тие членови да бидат избрани од страна на државната или јавната администрација по пат на ждрепка. Сега ако се вратиме малку хронолошки, ќе видиме дека значи сите претходни 15 години, еве 16 ја почнавме, членовите на избирачките одобори значи беа составени од политичките партии, опозиција, позиција, така како што е предвидено кои добиле најмногу гласови и толкав процент на гласови на претходните избори. На сите избори имавме проблем. Буквално на сите избори имавме проблеми. Јас можеби ќе ги исклучам изборите 2002 непристрасно, меѓутоа, од оценките кои доаѓаа од меѓународната заедница изборите во 2002 година беа прогласени како едни од најрегуларните и најфер избори во Република Македонија. Секако дека кај нас нема да бидеме ние Македонци ако нема исклучоци. Имаше, меѓутоа, генералната оценка беше таква.

Со Алтернативата да бидат државни службеници или јавната администрација се согласувам до некаде со фактот дека дел од таа државна или јавна администрација е партизирана дека има членови, меѓутоа, од друга страна го имаме искуството со членови на избирачки одбори од страна на политичките партии со кои ни страдаа сите избори до сега. Бидејќи мора да си признаеме дека ние или кога сите политички партии кога се предлагаа членовите на избирачките одбори се предлагаа генерално за надоместокот кој им се даваше од средствата обезбедени од Буџетот како членови на избирачки одбори и можеби тоа е причината што изборите до сега ние беа такви какви што ни беа. Можеби е редно да пробаме да видиме како ќе изгледа со државната или јавната админисрација, меѓутоа, за да остане професиоализација на сите изборни органи мора да има покрај права на членовите на избирачките одбори кои би биле од државната или јавната администрација, мора да постојат и некои законски мерки, доколку членот на избирачкиот одбор тенденциозно стори прекршок, иако во кривичниот законик постојат одредби за прекршок дека ќе се казни член на избирачкиот одбор со парична казна од 20 до 50 иљјади денари ако постапи спротивно на одредбите на членот 8 од овој закон, меѓутоа, мора да почнеме од некаде и овие одредби според мене барем за наредниот период да бидат малку поригорозни, отколку така како што се предвидени. Мора да има некоја заштита ако сакаме да се професионализираме и да ги професионализираме изборните органи, а истовремено да имаме некоја брана или заштита доколку дојде до злоупотреби од страна на членовите на изборните органи.

Неопходно потребна е почитувани колеги, едукација и на граѓаните, но едукација посебно на членовите на избирачките одбори, значи ќе повторам, кои претставуваат основната клетка во изборниот процес. Искуството наше ни докажува дека, барем досегашното искуство што го имаме дека таа едукација беше спроведувана колку редот да им мине без нешто да промениме во свеста и на граѓаните и на нас самите и да поставиме едни темелни основи кон она кон кое тежнееме и ние, а кое упорно ни го кажуваат странците, а тоа се фински, шведски и други избори.

Јас би направила една компарација од она што успеав да го најдам. Во Шведска и Финска како членови на избирачки одбори, цитирам "Ако е можно можат да учествуваат претставници на политичките партии",всушност претставници на кандидатите кои се предложени за тоа избирачко место, за тие избори, иако таа партија е регистрирана како таква во судот. Тоа се однесува на Шведска и Финска. Ако ја споредиме Шведска и Финска со Македонија, значи многу далеку сме од нив, ние мора да најдеме некое преодно решение. Во изборното законодавство на Хрватска се вели дека член на избирачки одбор не може да биде од политичка партија, а мора да бидат дипломирани правници. Тоа е она што е уредено во Република Хрватска. Во Република Бугарија членовите на избирачките одбори на изборните комисии и на централната изборна комисија можат да бидат од претставници на парламентарните политички партии, значи оние партии кои се застапени во Парламентот. Јас верувам дека Министерството за правда ги имало предвид сите овие решенија во нашето најблиско опкружување кои се однесуваат на составот на изборните органи и затоа претпоставувам, со оглед на тоа дека дилемите постојат каков вид, каков состав на изборни органи и се потребни на Република Македонија, притиснати од укажувањата дека по секоја цена наредните избори мора да бидат фер и демократски и се дадени алтернативните решенија, и добро е што законот е во прва фаза за да може да се искристализираат и преку денешната расправа и преку оние јавни трибини кои би се организирале при изготвувањето на Нацртот на изборниот законик. Мое лично размислување е дека во изборните органи на сите нивоа мора да учествуваат лица кои имаат искуство во изборниот процес. Ние можеме да ставиме - тоа е причината зошто не се согласувам, покрај другите, судија на Врховен суд да биде член на Државната изборна комисија, затоа што човекот како судија во Врховниот суд работи со судски предмети. Можеби не учествувал никогаш, а е предложено да се влечат со ждрепка, никогаш не учествувал во изборниот процес, неговата работа и воопшто работата на државната, регионалната и на општинската изборна комисија е доколку неправилностите постојат во избирачкиот одбор, значи пак се враќаме на основната клетка избирачки одбор, тогаш по сите наредни инстанци да се одлучи по приговорите доколку постојат утврдени неправилности. Значи сите членови кои учествуваат во избирачките одбори, општинските изборни комисии, регионалното и Државната изборна комисија да бидат луѓе кои учествувале

во изборните процеси, затоа што искуството кое го имаат тие сигурно дека во одредена ситуација ќе придонесе определен проблем кој се јавува да биде надминат.

Во однос на конкретните забелешки само кратко ќе кажам, со оглед на искуството кое го имавме барем на изборите 1998 година во однос на избирачкиот список и водењето на избирачкиот список, во членот 40 став 5 се вели дека "Во избирачкиот список се запишуваат сите државјани на Република Македонија што се на привремена работа или престој во странство со живеалиште на територијата на Република Македонија и со важечка патна исправа. Овие лица се запишуваат според нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминувањето во странство".

Нешто друго би сакала претходно да кажам, а се однесува на избирачкиот список. Според ставот на ВМРО-Народна партија како што имаме посебни изводи од списоците за граѓаните кои се на отслужување, издржување на казна затвор, оние кои се во АРМ без она што го кажа колегата Спире Мавровски за воената вежба, со кое се согласувам, како што имаме изводи од списоците за раселените лица наместо да ги одбележуваме луѓето со ѕвездички пожелно би било да постои еден посебен извод за сите оние лица кои престојуваат во странство и имаат важечка патна исправа.

Јас би сакала да видиме една хипотетичка ситуација, затоа што секој глас на граѓанинот е важен посебно во пропорционалниот модел. Граѓанинот кој престојува во странство, се враќа на денот на изборите во Република Македонија, нема никој кој претходно би го замолил да провери дали е запишан во избирачкиот список или не е запишан, заклучен е изводот на избирачкиот список, од икс технички причини, не зборувам за тенденциозни туку технички причини, го нема човекот во избирачкиот список а сака да гласа, во предложениот законик роковите кои се дадени, тоа е членот 47 - значи секој граѓанин може да бара, во членот 49 се вели "Барање за запишување, допоолнување или бришење на податоците во изводите на избирачкиот список, што се ставени на јавен увид, може да поднесе секој граѓанин, ако тој или некој друг граѓанин не е запишан во избирачкиот список.Еве, не е запишан во избирачкиот список, во тој случај Министерството за правда согласно членот 50 став 1 по барањата на граѓаните од членот 49, она што сега ви го читав, должен е да одлучи со решение во рок од 24 часа од денот на приемот на барањето и ако утврди дека е основано, ќе изврши запишување, бришење или дополнување на податоците, а во спротивно ќе донесе решение. За 24 часа почитувани колеги изборите ќе бидат завршени, гласањето и гласачките места ќе бидат затворени и на граѓанинот ќе му се оневозможи да гласа. Не знам колку случаи може да бидат такви во Република Македонија, и еден нека е, меѓутоа, гласот на граѓаните кои дошле и поминале две илјади или три илјади километри за да гласаат во Република Македонија, да не им се овозможи правото - лош ќе биде впечатокот кој како земја која се стреми за фер и демократски избори да го стекне нашиот граѓанин.

Ќе повторам, моето укажување е дека изборните органи се единствените или на кои паѓа целиот товар, посебно на избирачките одбори на кои паѓа целиот товар на фер и демократски избори за кои сите се залагаме и како што рече колегата Рамадани, најупотребуван збор последните 15 години, не последната туку последните 15 години, никако да дојдеме до фер и демократски избори, ако ги земеме предвид сите претходни циклуси, освен изборите во 2002 година. Морам да посочам на она што се случуваше за да ја доближам сликата на која укажувам дека избирачките одбори се местото каде што се вршат изборите, каде што на граѓаните им се овозможува правото да гласаат. На последните локални избори во определени општини каде што мнозинство се припадниците на заедниците или конкретно во општина Липково, колку што ме држи меморијата имаше избирачки одбор за избирачко место 2325 каде што определени вооружени лица доаѓаат и му велат на избирачкиот одбор: Слушај, ти ќе бидеш тука до 12,00 часот, после 12,00 часот ако ти е мил животот седи, ако не замини си и луѓето во 12,00 часот собираат се и се враќаат на своите места. Тука своја улога треба да има и полицијата во однос на заштитата на членовите на избирачките одбори и оној правилник кој е предвиден да го донесе Државната изборна комисија во соработка со Министерството за внатрешни работи за да се намали бројот на таквите инциденти. Јас не верувам дека тој ќе биде нула, ама барем да го ставиме во едни нормални граници, што пак ќе биде бидејќи ќе бидеме под лупа и тоа со добар диоптер, за да види меѓународната заедница дали ние навистина сме подготвени, како прв тест се изборите, да влеземе во Европската унија, затоа што сето она што го кажуваат од околу е дека Македонија не е подготвена за Европската унија.

И на крајот изборите ги правиме за нас, за нашата држава и за кредибилитетот на сите идни учесници во политичкото одлучување, независно дали се однесува за локалната самоуправа, дали се однесува за претседател на држава, или се однесува на идниот парламентарен состав.

Од тие причини, во оваа прва фаза ќе го поддржам предлогот за донесување на изборен законик. Се надевам дека министерот за правда ќе ги разгледа дел од забелешките кои беа изнесени од страна на моите колеги, се со цел конечно после 16 години да спроведеме фер и демократски избори. Благодарам.

**Г'зим Острени:** Бидејќи нема пријавени за реплика, има збор госпоѓата Поповска Лилјана. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се осврнам на текстот на законот и ќе се задржам само на три моменти кои ги сметам за битни и за кои може да предложам одредени решенија. Инаку, голем дел од забелешките што ги имав веќе беа кажани, па по обичај не сакам да се повторувам.

Јас ќе се осврнам на три работи. Реков едно е на изборниот модел, второ на правото за избор и да биде избран и трето на изборот и составот на регионална изборна комисија. Да одиме по ред.

Изборниот модел е обработен во членот 3 став 3 и се вели дека е тоа пропорисионален изборен модел. Јас би сугерирала да размислиме за проширување на таа формулација, да биде пропорционален модел, меѓутоа, со отворени кандидациони листи. Тоа е можност граѓаните директно да влијаат врз изборот на пратеници во Парламентот. Имено, тоа е кандидатска листа која што е отворена и каде што граѓаните не гласаат само за кандидатските листи, туку и за поединечните кандидати на самата листа. На тој начин, се постигнува една поголема демократичност во процесот затоа што се зголемува просторот на граѓанскиот избор. Мислам дека ова е вредно за размислување и за дискутирање воопшто пошироко во јавноста. За ова се имам произнесено и претходно пред неколку месеци во јавноста, но еве би замолила при ова официјално читање на законот да размислиме за таква варијанта. Демократија секогаш нема доволно, секогаш е добро да се прошири нејзиното поле и ова е една таква шанса.

Првото прашање што сакам да го обработам, тоа е членот 5, право да избира и да биде избран. Сметам дека е пропуштена можноста да гласа и дијаспората, како што постои можност во други земји, во Франција и не само во Франција. Врските со дијаспората треба да ги зајакнеме, уште повеќе поради тоа што не сме голема земја, а имаме голема дијаспора. Всушност, нас не има повеќе надвор отколку внатре во самата држава и мислам дека е и од стратешко значење, меѓутоа и цивилизациски гледано добро е да ги зајакнеме врските со нашата дијаспора, со луѓето кои што се иселени од земјава и кои што на еден или на друг начин се поврзани со граѓаните што живеат овде.

Третото прашање за кое што сакам да дискутирам е членотт 29 и неговата алтернатива, избор и состав на Регионална изборна комисија. Се педвидува во алтернативата претседателите и замениците на регионалните изборни комисии да се избираат од редот на државната и јавна администрација. Сметам дека ова не е добро решение, не е добро решение во моментот. Се разбира дека треба да се стремиме кон изградба на професионална државна и јавна администрација и нејзини вклучување во сите текови каде што за тоа постои можност, меѓутоа, во моментот ние институционално не сме изградени и сите оценки на домашните и странските експерти се дека државната и јавната администрација не е деполитизирана и департизирана и од тие причини јас се плашам дека може да се доведеме во ситуација да се направи една миникрија на владеачките партии кои во моментот имале најголемо влијание врз тоа кој ќе биде избран во тие избирачки одбори и можеме под превезот на професионализација да добиеме партиски војници. На тој начин може да се случи ситуација кога нема да им се верува на изборните резултати, а тоа сега во моментот навистина не ни треба, на Македонија пред се и требаат фер и демократски избори со изборни резултати на кои што сите ќе им веруваме и кои спокојно ќе ги примат и оние што ќе победат и оние што ќе изгубат. Од друга страна, сакам да појаснам и нешто друго. Навистина не сум сосема сигурна и веројатно не сум единствена што мисли така дека нема некој да се обиде да направи некоја злоупотреба на позициите во текот на изборите, затоа што последните локални избори ни укажаа дека сеуште не сме исчистени од таа свест да манипулираме и да влијаеме на некоректен и незаконски начин врз изборите. Затоа, бидејќи сум ги поминала изборите 1994 година, сум била учесник во нив и како кандидат, подоцна и како учесник во аналитички штаб на една опозициона партија која тогаш се откажа од изборите поради големиот изборен фалсификат, јас сакам да предупредам дека многу е важен составот на избирачките одбори. Да не се повтори таа 1994 година кога имавме состојба "кадија те тужи, кадија те суди", затоа што не е доволно да имате контролори од политичките партии кои ќе го следат изборниот процес, можете да гледате, а ништо да не видите  или да не можете да докажете што сте виделе, затоа што главниот фалсификат на тие избори 1994 година се случи претходно преку избирачките списоци и преку овозможувањето некој да гласа повеќе пати како фантомски гласач, а на некој му се оневозможи правото да гласа. Тој огромен фалсификат беше нешто навистина застрашувачко, се создаде една хаотична состојба во која се можевме да видиме а да не можеме да реагираме и да не можеме да измениме. Во крајна линија се доби огромно незадоволство и огромна недоверба во легитимитетот на избраната власт. Сето ова го кажувам од причини што мислам дека такво нешто на овие и на ниедни други избори не треба Македонија да си дозволи и затоа мислам дека би било подобро решението уште на овие избори или на некои други, се додека не процениме дека администрацијата ни е доволно изградена и вистински департизирана и деполитизирана да се послужиме со оној модел кој што не е совршен, не е идеален, меѓутоа, кој што сепак овозможува меѓусебна контрола на позицијата и опозицијата и една поголема можност да им се верува на крајните резултати.

Би сакала да коментирам еден сосема мал дел од излагањето на министерката, госпоѓа Мери Младеновска, сега замина, жалам, министерката спомна дека со овој закон ќе ги деполитизираме и департизираме изборите. Јас се извинувам, но сметам дека тоа не е возможно. Затоа што изборите се политички настан пар екселанс, токму поради тоа што во него учествуваат политички

партии и субјекти. Изборите не може да се деполитизираат и департизираат освен ако не се мисли да се укинат политичките партии. Јас верувам дека на тоа не се мислело.

За тоа е потребно прецизно изразување, затоа што и зборовите си имаат свое значење.

Јас ви благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам госпоѓо.

Нема реплика.

Има збор господинот Апостоловски Никола.

Повелете Никола.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, претставници на Владата, почитувани колеги,

Денеска, на разгледување во Собранието, еве втор ден, Владата ни предлага изборен законик што сакам да го поздрвам, со што треба да постигнеме две основни цели: Подобрување на изборниот процес во Република Македонија, и второ, унапредување на демократијата, човековите права, владеењето на правото како предуслов за напредок на државата, како битен услов за нашиот стремеж за полноправно членство во Европската Унија.

Со мојата дискусија сакам да го дадам мојот личен придонес кон текстот на Предложениот изборен законик. Моите предлози и сугестии произлегуват од моето лично искуство што го имам стекнато од досегашните изборни циклуси. Затоа ќе бидам конкретен, со цел да се отстранат сите дилеми што можат да се појават при спроведувањето законикот во изборните процеси, односно строго да се дефинира работењето на избирачките одбори што се клуч за фер и демократски избори. Моите забелешки ќе бидат конкретни.

Во членот 6, став 2, право да избран за пратеник, советник, градоначалник, има секој државјанин кој има деловна способност. Сакам да укажам на Министерството за правда дека треба конкретно да се дефинира деловната способност. Сите знаеме кој одлучува за тоа, но мислам дека треба прецизно да се каже кој ќе ја одредува и со како документ истата таква деловна способност ќе се докажува.

Втора работа во истиот член, околу државјанството. Право да биде избран за пратеник, за член на совет, за градоначалник има секој државјанин на Република Македонија. Сакам да поставам една дилема пред вас колеги, што ако имаме избран градоначалник а има државјанство и на друга држава? Знаеме какви обврски и можности им дадовме на градоначалниците со Законот за локална самоупрвата. Може да склучува договори,да зема кредити од банки и што ако утре замене во неговата втора држава а ние немаме ниту договор со таа држава за негова екстрадиција? Сакам Министерството за правда да размисли околу оваа проблематика.

Исто така, во истиот член, во ставот 3 предлагам за член на совет и градоначалник да биде избран граѓанин со најмалку една година постојано живеалиште во општината односно Градот Скопје, каде се кандидира. Зошто една година? Можеме со некои личности во изборните процеси да манипулираме. За да се спречи манипулацијата, да дојдат луѓе кои навистина ги познаваат проблемите, односно произлегуваат од средините каде живеат и ги знаат проблемите.

Околу составот за избор на ДИК не сакам да коментирам. Голем број мои колеги дискутираа за овие членови. Сакам само да нагласам дека не смееме да дозволиме во овој момент судиите да ги остраниме од изборниот процес во сите нивоа, како во ДИК, така во регионалната и во општинските изборни комисии. Посебно во општинските изборни комисии. Судиите имаат углед, ценети се во средините и можат со својот углед и реноме да влијаат позитивно на изборниот процес. Особено кога има конфликтни ситуации, кога се одлучува и се утврдуваат резултатите во избирачките одбори.

Предлагам во членот 28, надлежности на ДИК, во ставот 9 се определуваат стандарди за изборен материјал да се дополни со хемиски молив, а во понатамошните членови ќе објаснам зошто тоа така треба да биде дефинирано. Значи во членот 28, ставот 9, стандарди на изборниот материјал, определува единствени стандарди за изборниот материјал, ДИК да го определи и хемискиот молив со што ќе се врши заокружување на гласачките ливчиња.

Ставот 12 во истиот член, ДИК го утврдува квалитетот, формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња. Овде предлагам да стои точно бојата, но во заграда да се стави не бела боја. Во подоцнежните членови ќе образложам зошто не бела.

Да се допрецизира членот 29, став 4, двајца членови на регионалната изборна комисија и нивни заменици се избираат од редот на судиите на основните судови. Од кои судови , дали од седиштето на основните судови на апелацијата, каде е сместен Апелациониот суд или од територијата што ја покрива Апелациониот суд. Да се допрецизира.

Не се согласувам со предложената алтернатива на членот 29 став 4 да се избираат претседателите на регионалната изборна комисија од дипломираните правници во државната и јавна администрација. Предлагам тоа да бидат судиите.

Не ја подржувам алтернативата на членот 33 став 3 за избор на претседател на општинска изборна комисија и негов заменик од редот на вработените во државната администрација. Во претходното излагање го искажав мојот став дека судиите до сега ја вршеа јаботата и ја знаат работата во изборните циклуси.

При составот на избирачкиот одбор мислам дека треба да се подржи алтернативата 2 на ставот 3 во членот 37 и тоа ќе биде наш напредок и

вклучување на администрацијата во изборниот процес, односно во избирачките одбори и предлагам претседателот на избирачкиот одбор да биде од редовите на администрацијата, по можност правник или со високо образование.

Тоа би бил почеток на професионализација на избирачките одбори што мислам дека во овој момент на Република Македонија и одговара.

Во членот 54, став 4, треба да се допрецизира дека не можат да се користат избирачки списоци на денот на изборите од страна на регистрирани политички партии, независни кандидати, односно овластени претставници, но да стои на гласачкото место. Значи на гласачкото место, овластените претставници на политичките партии не смеат да манипулираат со избирачките списоци. Да се допрецизирам.

Во членот 73, став 1, мислам дека дадените 20 дена за избор на кампања се доволни и не ја подржувам понудената алтернатива за 30 дена. Мислам дека 20 дена се доволни да се направи изборна кампања ако на оваа изборна кампања настапуваат сериозни политички партии.

Во членот 88 став 1, да се додаде нова алинеја, се работи за изборен материјал, па кажува изборниот материјал за спроведување на избори се состои во, па ги брои сите, да се додаде посебна алинеја хемиски молив, како изборен материјал. Бидејќи во членот 174 каде што се дадени условите за функционирање на избирачките места, во ставот 4 е определено дека секое гласачко место треба да биде опремено со хемиски молив за потребите на избирачите.

Во членот 93, гласачко ливче, предлагам да се додаде нов став кој би гласел: Гласачкото ливче е во различни бои, но не бела, кога истовремено се гласа на различни избори.

Ние можеме да имаме случаи кога се гласало, на пример, на парламентарни избори истовремено да бираме и градоначалник или член на совет во некоја општина. За да избирачките одбори немаат проблеми при сумирањето на резултатите, утврдувањето на резултатите, затоа предлагам гласачките ливчиња да се во различни бои, да нема мешање во кутиите. Да не ни се случува , некој кој е свесен дека ги губи изборите, едно гласачко ливче поминало во другата кутија или ги замениле местата и ги оспорува резултатите.

Друга работа, ова го предлагам од причини да се избегне уфрлувањето на бели ливчиња во гласачките кутии што при утврдувањето на резултатите навистина има проблем. Што ако најдете бело ливче? Формата е иста како гласачкото ливче, а ништо нема на него. Тоа значи поголем број на ливчиња. Тоа е подготвено за однапред да се бара поништување на изборите. Барем во помалите места тешко се обезбедува хартија во боја, а тоа е една од заштитите од вакви манипулации.

Во членот 96, гласачко ливче за пратеници, предлагам да се додаде нов став 4 кој би гласел: Гласачкото ливче е различно за секоја изборна единица. Македонија е мала држава за еден час може да се помине растојание од изборна единица до изборна единица и во изборна кутија да се најде гласачко ливче од друга изборна единица, што ќе резултира со нерегуларност на изборите. Затоа предлагам за парламентарните избори гласачките ливчиња да бидат во сите изборни единици со различна боја.

Во членот 97 предлагам да се додаде нов став 4, тоа е за избор на членови на совети. Гласачкото ливче се разликува по боја од гласачкото ливче за градоначалник. На локалните избори има најмногу проблеми околу оваа работа. Ливчињата се бели и доста ливчиња се измешани, место во кутијата за градоначалник, се наоѓаат во кутијата за совет и тука настануваат проблемите во избирачките одбори.

Во членот 102 предлагам да се додаде уште еден став и тоа да биде ставот 1 кој гласи: Полицијата го обезбедува објектот во кое е сместено гласачкото место еден ден пред изборите, односно од моментот на предавањето на изборниот материјал од страна на општинската изборна комисија на избирачкиот одбор.

Општинските избори и комисии, изборниот материјал го предаваат на избирачките одбори кои еден ден пред изборите ги добиваат, избирачкиот одбор оди да ги посетува гласачите кои се пријавени дека не се во можност на денот на изборите да гласаат и потоа се враќа на избирачкото место и го остава изборниот материјал. На претходните избори полицијата тоа го направи, беа обезбедени избирачките места претходниот ден. Тоа е добра работа. Никој да не се сомнева дека некој може да злоупотреби дел од гласачкиот материјал.

Во истиот член предлагам, тоа е членот 102, во ставот 2 зборовите: Ако е тоа побарано од страна на избирачкиот одбор, а убеден сум дека полицијата треба да го обезбедува избирачкиот одбор до предавањето на записникот до општинската изборна комисија. Да нема сомнежи по пат да се случи ова, да се случи она. Полицијата е и така присутна на денот на гласањето, зошто не би го придружувала избирачкиот одбор до седиштето на општинската изборна комисија, до предавањето на материјалот. Не гледам дека тука има спор.

Во членот 110 став 1, предлагам, бидејќи стои вака: Избирачот гласањето го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред носителот на листата, односно редниот број пред кандидатот. Предлагам да се додаде зборот: Исклучиво со . Значи, гласањето се врши исклучиво со заокружување на редниот број.

Ова го предлагам од причини што во малите избирачки места и општини може да се врши притисок од страна на политичките партии врз граѓаните истите да гласаат со определни знаци: квадрат, правоагалник, ромб, срце, елипси и други знаци. Ова го имам видено и колеги, кој сака можам автоматски да му докажам дека може да се изврши контрола на едно избирачко место

доколку се гласа со определени знаци. Тоа е работено во Македонија.

Исто така, предлагам, во овој член, заокружувањето да се врши исклучиво со хемиски молив обезбеден од изборната комисија со што би се овозможил притисок на политичките партии врз гласачите. Истите да гласаат со фломастери, други разни моливи во боја, со што би се контролирало гласањето. Замислете едно избирачко место со 700 гласачи. Тоа се фамилии со 6-7 луѓе. 20 фамилии да гласаат со различни бои и 20 фамилии да гласаат со различни знаци, значи политичките партии го контролираат гласањето. Тоа е мотивот и затоа предлагам да се намали влијанието на политичките партии врз гласачкото тело за време на изборите.

Исто така, ако ова се дефинира, ќе го дефинираме ставот 1 во членот 115 каде се утврдуваат резултатите. Нема да дозволиме избирачки одбор да го користи ставот 2, несомнено да се определи волјата. Треба да минимум да го сведеме користеењето на ставот 2 во членот 115.

Во членот 118, став 4, предлагам да се бришат зборовите: ако за тоа има потреба, односно полицијата мора да го придружува избирачкиот одбор до седиштето на општинската изборна комисија.

Почитувани колеги на крај сакам уште еднаш да истакнам дека треба да донесеме изборен законик кој ќе ги отстрани сите можни дилеми со кои ќе се соочат избирачките одбори при спроведувањето на гласањето да не дозволиме слободна интерпретација на одредбите од законикот, туку избирачките одбори само да ја реализираат техничката постапка за изјаснувањето на граѓаните. При тоа да се исклучи политичкото влијание врз техниката на гласање со што регуларни избори и реалната искажана волја на граѓаните ќе дојде до израз.

Се надевам дека Министерстовото за правда ќе ги има во предвид моите укажувања и во второто читање ќе бидат вградени.

Благодарам, ќе го подржам донесувањето на законикот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Апостоловски.

Господинот Хисни Шаќири не е тука.

Следниот е господинот Гајур Сарач.

Повелете господине Сарач имате збор, до 14.00 часот да завршите.

**Гајур Сарач:** Ќе завршам. Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Денеска на дневен ред е Предлог за донесување на изборен законик. Знаеме во Република Македонија почнуваајќи од 1990 година до денес се спроведени неколку избори за пратеници во Собранието и тоа 1990, 1994, 1998, 2002 година. Во овие периоди сме избирале пратеници по мнозински модел, потоа по комбиниран модел на мнозински и пропорционален и по чист пропорционален модел со поделба на шест изборни единици од кои се избираат по 20 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Значи, изборниот систем се менувал што впрочем е нормално, бидејќи со менување на општествените услови се менуваат и законите, а и изборите се регулираат со закон, затоа и овој закон се надоградува и претрпува некои измени.

Освен промените на општествените услови т.е. условите на живеење внатре во нашата држава за промена и доградба на законите, а и на изборниот закон делуваат и надворешните услови поради што има потреба за усогласување на изборното законодавство со изборната легислатива на европските држави.

За да се предложи овој текст на изборниот законик предходно во Министерството за правда на Република Македонија беше формирана работна група во чиј состав беа вклучени експерти од областа на изборите. Основна задача и цел на оваа работна група беше анализа на постојното законодавство како и компаративна анализа во насока на подготување на работниот текст на изборниот законик кој ќе биде основа за спроведување на сите видови избори во Република Македонија и на тој начин ќе ја олесни и поедностави работата на сите учесници во изборниот процес.

Во вака изготвен работен текст на изборниот закон се земени различни мислења и сугестии како од политички партии така и од одржаните трибини и средби, а и препораките на ОБСЕ и ОДИХР.

Ние како Демократска партија на турците на Македонија уште од почетокот на подготовката на овој закон бевме активни и нашиот претседател учествуваше на седниците на поширокиот состав на Комисијата за подготовка на овој закон. Поднесовме предлози, измени и дополнувања на работната верзија, но, за жал, нашите предлози не се инкорпорирани во Предлогот за донесување на изборниот законик.

Впрочем, за каков предлог се работи. Тоа вчера нашиот претседател подробно го објасни. Предлогот предвидува вградување на одредби во изборниот законик со кој ќе се обезбедат дополнителни односно загарантирани пратенички места за помалите етнички заедници на ведени во преамбулата на Уставот на Република Македонија. Има неколку услови или поточно цврсти аргументи за овој наш предлог, а тие се:

Прво, Уставот на Република Македонија предвидува Собранието на Република Македонија да содржи од 120 - 140 пратеници без да се наруши системот на изборот на 120 пратенички места и има простор за дополнителни загарантирани места за помалите етнички заедници.

Второ, малцинските заедници се дисперзирани низ целата територија на Република Македонија, па поради ова ниту во една изборна единица нема концентрација на население која би

гарантирала сигурен претставник во Собранието на Република Македонија.

Трето, ефективното учество на националните малцинства во јавниот живот е одредба содржана во бројни конвенции за правата на човекот и правата на националните малцинства.

Четврто, дополнителни или загарантирани места за припадници на малцинските заедници е пракса не само во земјите со напредната демократија , туку и во земјите произлезени од сукцесијата на поранешна Југославија како и земји во поблиското соседство.

Само да се напомене дека на Косово има загарантирани 20 места за припадниците на малцинските заедници и тоа 10 за српската заедница и 10 за другите помали заедници.

Со Законот за избор на пратеници во Република Хрватска предвидени се 8 загарантирани места во Саборот на Република Хрватска за припадниците на малцинските заедници.

Изборното законодавство на Република Словенија предвидува по едно загарантирано место во Собранието на Република Словенија за пратеници од Унгарска и Италијанската заедница.

Во Република Романија за припадниците на малцинските заедници обезбедени се 19 загарантирани места. Слични одредби имаме и во други држави.

Петто, обезбедување на дополнителни места за пратеници на малцинските заедници во Собранието на Република Македонија ќе ја отслика мултиетничноста на Републиката.

Шесто, воведување на одредби за дополнителни места за малцински заедници во Собранието на Република Македонија ќе значи задржување на пропорционалниот модел со шест изборни единици надополнето со одредби со кои на припадниците на малцинските заедници ќе им се обезбеди дополнителни места во Собранието на Република Македонија по пропорционален принцип, но кога територијата на Република Македонија би претставувала една изборна единица.

Седмо, при утврдувањето на бројот на дополнителните места би се почитувал критериумот на процентуалното учество на малцинските заедници во вкупното население на Република Македонија.

Освен фактите што ги набројав, а и кои беа причина да предложиме вакви измени во предложениот изборен законик и техниката не се разликува од досегашната техника на гласање, пред се, предлогот го почитува принципот еден човек еден глас, т.е. припадник на која било етничка заедница гласа само еднаш и по сопствен избор.

Исто така тајноста на гласање не се нарушува, бидејќи постои само една гласачка кутија и се гласа по единствениот избирачки список. Единствената разлика е во начинот на пребројување на гласовите. Имено, по завршување на гласањето избирачките одбори ги издвојуваат и пребројуваат гласовите дадени за листите на политичките партии на помалите етнички заедници, се прави записник и записниците се доставуваат до Државната изборна комисија. Државната изборна комисија ги сумира резултатите на државно ниво, бидејќи територијата на Република Македонија е една изборна единица и ги констатира освоените мандати по Донтовиот модел. Освен тоа ваквиот предлог не изискува поголеми финансиски средства.

Предлагаме овој предлог на дополнителни пратеници за малцинските заедници да се земе во предвид во конечната верзија на изборниот закон.

Демократската партија на Турците во Македонија смета дека регуларноста на изборите е најважна работа за која сите заедно треба да придонесеме.

Лично сметам дека треба добро да се регулира како составот така и работата на избирачките одбори каде најнепосредно се одвива избирачкиот процес.

Избирачкиот одбор е тој кој директно е поврзан со гласачите.

Во Предлогот за донесување на изборниот законик во глава IV - избирачкиот одбор - член 37 став 3 каде што се предлага претседател на избирачкиот одбор има две алтернативи. Мислам дека втората алтернатива треба да се прифати каде претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик се избира по пат на ждребка од редот на вработените во јавната администрација. Освен избирачките одбори во сите други органи кои ќе го спроведат изборниот процес треба да се запази истиот принцип, со тоа ќе се запази независноста на избирачките одбори и сите други органи.

Мислам дека треба да направиме изборен закон со кој ќе се спроведат избори без неправилности, а и кои ќе одговараат на меѓународните стандарди. Треба да направиме изборен законик кој ќе придонесе да се спроведат избори кои ќе гарантираат добивање на позитивна оценка од меѓународната заедница што е еден од главните услови за одредување на датумот за започнување на преговори за полноправно членство во Европската Унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Сарач.

Тука ќе направиме прекин, продолжуваме во 15.00 часот. Благодарам.

(седницата прекина во 13.53 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,03 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани колеги, почитувани претставници на Министерството за правда, и претставници на Владата. Во текот на ова време со право и јавноста и електоратот внимателно следеше и проследуваше дека треба да донесеме

закон, или изборен законик со кој што ќе се утврди изборниот законик. Реков дека има интерес од јавноста, меѓутоа и самите претходни говорници и тие што следат за да говорат во однос на законот и донесувањето на законот за изборен законик покажува дека има голем интерес во оваа насока и јас мслам дека тоа е добро. Меѓутоа, истовремено мислам дека проблем за одржување на избори во Република македонија никогаш не биле законите. Напротив проблемите се случувале, настанувале од страна на учесниците на изборите што покажува, почнувајќи од политичките субјекти и се разбира и изборните комисии од оние што се на самото гласачко место до ДИК. Јас сум имал среќа да бидам дел од тие комисии било да се тие општинските, или државните и мислам дека проблемот не е кај составот на комисиите, така мислам од причина што навистина во комисиите било да се општинските, регионалните или државните, мислам дека треба да учествуваат во составот на овие комисии треба да бидат партиски претставници од причина што подобро ќе ги чуваат, условно да кажам, или ќе ги информираат своите штабови, или своите партии и ќе ги чуваат гласовите, меѓутоа и ќе ги избројат гласовите повторно се токму тие партиските претставници. Меѓутоа за мене е значајно кои ќе бидат претседателите на комисиите, бидејќи во тие состави кои што биле до сега мислам дека тоа било во ред. Меѓутоа е многу значајно претседателот на комисијата било да е општинската, или регионалната, или државната изборна комисија треба навистина да си ја врши работата така како што треба, да не застранува, да не држи нечија страна, туку да ја врши работата како што треба, претставките што ќе стигнат до нив да ги разгледуваат врз основа на аргументите, а не врз основа на тоа што се прави политички притисок, или врз основа на тоа што, сепак и тие се луѓе, меѓутоа и тие си имаат свои политички определувања и сосема е нормално и тие да држат за некој политички субјект. Меѓутоа од друга страна тие да знаат да направат дистинкција, да разликуваат што е политичка определба и да знаат која е нивната улога во комисијата, било да е општинската, регионалната, или државната. Се разбира дека претседателите на комисиите уживаат повеќе бенифиции и добро е што уживаат бенифиции и понатаму треба во овој правец ние да видиме навистина општинските, регионалните, меѓутоа и Државната комисија да имаат поголеми бенифиции, меѓутоа истовремено да имаат и поголема одговорност. Во случај да се констатира на пример во комисијата во општината е стигната жалба која што е аргументирана, е основана и не се разгледува во духот на тоа што се повредени законските прописи и единствената казна за тој претседател на комисијата и за таа комисија ќе биде тоа тие да се заменат со други. Мислам дека тоа не е во ред. Напротив, мислам дека треба да има потешки казни. Затоа што реков треба да има и поголеми бенифиции. За мене, меѓутоа и за другите мислам дека не е толку значајно тоа што претседателите на комисиите ќе бидат од редовите на судиите, или правниците, или државните службеници. Значајно е тоа што навистина треба да си ја вршат работата така како што треба, бидејќи сите било да се државните службеници, или судиите имаат законска регулатива и врз основа на таа законска регулатива многу лесно може да констатираат аномалии кои што се појавиле, или настанале во текот на изборите на некое гласачко место и да заземат правилен став во тој момент. Јас на почетокот реков дека кај нас не се проблем законите, туку проблематиката која што се јавува во текот на изборите произлегува од самите учесници во изборите, што значи од политичките субјекти кои што потоа одразуваат од нивните партиски структури, било на позитивен, или негативен начин, меѓутоа понекогаш одразуваат и прават влијание и во комисиите за да се заземат неправилни ставови и да не се донесат неправилни и несоодветни решенија. Тоа што лично ме загрижува и верувам и добар дел од вас, или од јавноста треба да ја загрижи тоа што сите политички врвови, или лидери, или политичката елита во земјава било од албанскиот политички кампус, или од македонскиот, или од другите заедници се изјаснуваат дека се заинтересирани за фер и демократски избори и ќе придонесуваат во оваа насока барем да не се повтори минатото, идните избори, не само овие, туку и другите што следат да се почитува законот и да имаме навистина фер и демократски избори не само заради тоа што тоа се бара од Европската унија, е стандард од Европска унија, туку истото го бараат и граѓаните и електоратот на секоја партија дека има потреба во Македонија овој дух да се втемели внатре во органите, што значи, што го кажав порано, значи изборните комисии навистина да можат да си ја вршат својата работа на вистински начин без притисоци од страна на политичките елити. Тоа што загрижува дека сите се изјаснуваат со полна уста и пред меѓународниот фактор и пред внатрешниот фактор дека ќе се ангажираат за фер и демократски избори. Меѓутоа, јас најискрено не знам случај, можеби некој од колегите знае некоја политичка елита, некоја партија дека до сега се имаат дистанцирано од своите активисти кои што на терен не се придржувале кон законските прописи, туку предизвикувале немири, или неправилности. Мислам дека тој момент кога една политичка партија ќе се дистанцира од своите активисти кои што не се придржувале на инструкциите на партијата и предизвикувале немири на теренот и тие да се дистанцираат од тие лица активисти, мислам дека дури тогаш ќе можам да верувам во таа реторика, или во зборовите кои што ги кажуваат политичките елити дека навистина ќе се ангажираат за фер и коректни избори. Меѓутоа се додека ние како политичка елита ова го правиме само усно, а во практика не преземаме мерки против оние кои што предизвикуваат неправилности, ние и понатаму својата активност ја засноваме, или ја подржуваме, или пак ги

наградуваме токму тие активисти кои што предизвикуваат немир и неправилности на терен и се стекнува овој имиџ било за Република Македонија, или имиџ дека законите не се спроведуваат и тн. Јас повторно ќе кажам, законот не е проблем и актуелниот закон. Меѓутоа добро е што донесуваме нов закон за кој што верувам дека ќе се одрази позиивно барем кај политичките елити и кај партиските структури, меѓутоа и кај електоратот навистина да имаме фер и демократски избори и во демократски дух.

Моите забелешки што се однесува на конкретниот закон се во делот, или во членот 20 каде се говори дека во изборните комисии покрај другото треба и 30% да бидат застапени и двата пола. Мислам дека ова не држи од причина што тоа не е некоја гаранција дека ние со закон ќе го уредиме тоа, дека во општинската комисија каде што гласаат гласачите е задолжително да се обезбеди 30% да кажам во овој момент на женскиот пол, или некаде да биде спротивното, значи на машкиот пол. Мислам дека ова треба да се избрише од законот. Навистина тие што се предлагаат да бидат луѓе кои ќе знаат да го почитуваат законот, ќе знаат да го почитуваат гласачот. И за мене не е значајно дали ќе биде од машки, или од женски пол тоа лице кое што треба да седи 12 часа пред кутиите, или на гласачкото место.

Исто така, членот 45 став 2 покрај другото говори за иселениците, или за тие што се во странство, дека за тие што престојуваат во странство и се враќаат на денот на гласањето пред нивното име да има ѕвездичка или знак, да се знае дека тоа лице се вратило било од печалба, или од привремена работа. Јас мислам дека со ова само се оптоварува листата и од ова нема никаква придобивка било членот на комисијата кој што стои пред кутиите, дури и гласачот кој што доаѓа и гласа. И затоа јас не гледам зошто треба листата да се оптоварува и со вакви работи.

Јас и на Комисијата за политички систем ги дадов моите забелешки и следнава дека членот 93 кој што уредува како треба да изгледа гласачката листа, или гласачкото ливче на локалните избори, мислам дека истиот член треба да важи, или пак истото начело треба да важи и на претседателските, или парламентарните избори и тн. од причина што таму многу убаво се уредува потребата на јазикот освен македонскиот јазик и на јазикот на другите етнички заедници. Ние како ДУИ и понатаму остануваме на овој став дека не само јазикот на етничката заедница која што е над 20%, или да кажам имињата на пратениците на етничките заедници кои што се помали кои што доаѓаат во Парламентот, во Собранието правејќи коалиција со поголемите партии, мислиме дека барем нивното име треба да се напише на нивниот мајчин јазик, гласачот покрај другото да знае дека ете на листата на ДУИ, или на ВМРО покрај другото има и еден припдник на ромската заедница, српската заедница и други. Со тоа што неговото име ќе се напише на неговиотмајчин јазик, мислам дека ќе се избегне и еден друг момемнт кога пратениците откако ќе додјат во Собранието на Република Македонија, откако ќе бидат избрани тука да се изјаснат на која етничка заедница и припаѓаат. Мислам дека ова треба да се уреди со закон. И токму заради тоа мислам пред да се дојде до изборите, до гласање, треба да се знае која партија, припадници на чија заедница има на своите листи. И со тоа мислам дека тоа што го кажав на Комисијата за политички систем значи ќе се избегне оној момент ние да дојдеме во ситуација според желбата некој да се изјасни дека припаѓа на оваа, или на онаа заедница и потоа и тоа што е заштитен механизам, значи за да не се надгласаат етничките заедници не случајно имаме Бадинтерово мнозинство, нешто што треба да се одржи, да не избледува овој механизам.

Исто така, ќе говорам и за тезите кои што се дадени од страна на политички партии, нормално нивните пристапи. Тука имаме изјаснувања од страна на политички лидери дека Македонија треба да биде една изборна единица. Ние како ДУИ ова го поддржуваме, меѓутоа се разбира треба тоа да го поддржи и мнозинството на политички партии, или Парламентарното мнозинство кое што е присутно тука, се разбира според нас, мислам дека партиите кои што предлагаат вакво нешто, еден ваков предлог треба да го аргументираат до крај, зошто сакаат во Македонија да има една изборна единица и на местата каде што имаме една изборна единица, во државите каде што имаме една изборна единица по автоматизам се разбира дека таму треба да има и цензус, што значи кој ќе биде цензусот што помалите партии треба да го исполнат за да влезат во Собранието, за да учествуваат во Собранието. Јас а и вие сигурно сте се заинтересирале дека цензусот во повеќето земји е 3% и доколку партиите кои што предлагаат вакво нешто секако дека треба да размислуваат и околу цензусот и да се изјаснат во оваа насока и ние да бидеме на чисто за тоа што поддржуваме понатаму. Или изјаснувањето на Демократската партија на Турците, значи на Кенан Хасипи дека треба да имаме гарантирани места за помалите етнички заедници. Јас повторно ќе кажам тоа што го кажав порано дека едно вакво нешто всушост ова сум го кажал порано на Комисијата за политички систем, значи едно вакво нешто ќе го поддржиме со услов се разбира политичките партии, или етничките заедници кои што се помали во Република Македонија, тогаш треба да се откажат од гласање со Бадинтерово мнозинство, затоа што во оваа прилика ние можеме да дојдеме во ситуација како припадници на албанската етничка заедница да се мајоризираме освен другото и од страна на другите помали етнички заедници. И доколку едно вакво нешто се случи, тогаш реално ние можеме да поддржиме една ваква идеја. Во спротивно ние како ДУИ нема да ја поддржиме оваа теза од причина тоа што го кажав порано.

Јас пред да завршам уште еднаш ќе кажам, политичките партии, политичката елита во земјата

треба да дадат коректни инструкции на своите активисти и доколку им го сака доброто првенствено им го сака доброто на електоратот и на оваа земја и држава, тогаш се зависи од нас за тоа како ќе се одразиме, ќе рефлектираме во нашата база. Доколку сме коректни во нашата база, јас тогаш верувам дека навистина во Македонија неколку пати сме имале фер и коректни избори кога политичките елити се одразувале, рефлектирале позитивно и незнам зошто и овој пат да не се случи едно вакво нешто. Меѓутоа, велам под услов не само да се изјаснуваме, туку навистина тоа што го кажуваме исто така и да делуваме во практика.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници ова прашање го кренавме на едно многу високо ниво да се биде, или да не се биде и дека од ова прашање зависи државата т.е. опстојот на Република Македонија. Дали владеачката гарнитура навистина прима такви сигнали од европјаните, не знам, не сум доволно упатен, но драматичноста со која се говори овде и ни е предложен овој законик, или кодекс кој се однесува на сите избори: претседателски, локални, парламентарни. Такво сознание за жал немаме.

Но, логички размислувајќи и ако се направи анализа на сите изминати претходни периоди, говорам за изборите 1990, 1994, 1998, 1996 година локалните избори, па се до последните, не можам да се оттргнам од впечатокот дека проблемите не се толку во законите колку што се во главите на луѓето и она што значи ментален склоп и начин на размислување и по секоја цена добивање на изборите, со тоа и формирање на власт. Значи, власта нема цена. Да се достигне власта, се гази преку лешеви, се прават разно разни, да ги крстам народски, далавери, да се стигне до овие клупи овде за да може да се владее и да се нуди подобра иднина или подобар просперитет на граѓаните на оваа држава. Значи проблемите не се толку во овие пишани документи кои се пред нас отколку што се, ќе кажам повторно, во менталниот склоп на луѓето и сите тие кои учествуваа за време на изборите, почнувајќи од она што значи раководство на партија, или популарно кажано партиски елити, па во вертикала до најобичниот тркач на било која политичка партија. Денес, ако добро ги следиме работите по сите масмедиуми, па и во Парламентот, ни се режира еден филм дека проблемите се во пишаните закони, а никој не седнал да размислува дека вистинскиот проблем е во главите на сите нас. Ако сакаме да имаме фер и демократски избори кои ќе ни бидат пасош за Европската унија, следните 10-тина или 15 години, не знам, дај боже да биде што побрзо, и за НАТО, треба да се менува свеста на луѓето, нормално поткрепено со одредени писанија пишани на хартија за да се знаат рамките до каде може да се оди и да се излегува, нешто како Хабурадиев законик пред 3 ипол илјади години пред Христа кој на столб под камен на обериск напишал законик според кој се однесувале и учителите на тогашната град-држава Вавилон. Денес живееме во еден пософистициран свет, пишуваме на хартија, можеме да прочитаме на компјутери и да се однесуваме според сите норми, според кои како нормални и културни луѓе треба да се однесуваме.

Сведок сум на многу избори, буквално од 1990 година па до овие последните, се имам судрено со нив за проблеми, имам видено многу работи кои не ми се допаѓаат, да се стигне до целта по секоја цена. Сега сите живееме т.ест. во некој филм, во некој научно-фантастичен филм што ги прави Спилберг дека Македонија ќе направи скандинавски избори. За да направиме скандинавски избори, некој ја спомна Шведска и Финска, јас ќе ја спомнам и Норвешка како дел од скандинавието, барем географски. За да направиме скандинавски избори мора да имаме и скандинавска свест. За жал свеста ни е се уште балканска. Но, кога говорам за балканска свест правам и градација и ќе направам од 1 до 5. Ние сме некаде на последното скалило на таа свест. За жал сето тоа што денес ни се случува и не можеме да ставиме крај и не верувам дека со овој изборен законик кој се нуди ќе се стави крај на далаверите кои се прават за време на изборите. Нема да се успее доколку, пак ќе кажам, партиските елити, партиските раководства не дадат строги директиви дека овие избори мора да се демократски, пред се во интерес на Република Македонија, а не по секоја цена да се брка власта и да се опстои на власт, за да може утре од позиција на власт да се направи нешто, да се украде, па и во крајна линија да не се одговара за минатото четиригодишно работење. Затоа се оди по онаа на Макијавели дека целта не ги бира средствата. Затоа и на почетокот спомнав дека ќе се гази и преку мртви, ќе се плаќа, ќе се поткупува за да се остане на овие клупи овде, со лилјакова боја, а мнозинството овде да го претставува истата политичка гарнитура која сега владее, а опозицијата се стреми кон нешто сосема друго, да дојде до власт своите политички платформи, барем така декларативно се изјаснуваат , да ги презентира пред народот и да работи во интерес и доброто на овој народ, или терминолошки, граѓаните на Република Македонија. Значи не ни треба нас само декларативно изјаснување дека сите ние овде сме за фер и демократски избори, туку треба да поработиме и на терен. Што тоа значи? Тоа значи, не само со нашите активисти, не само со нашите членови, не само со нашите симпатизери, туку и со целокупното граѓанство да им се даде јасно до знаење дека чинот на гласање, кога ќе се стане утрината да се гласа, ден сабота или недела, треба да претставува свечен чин, а не борба за фотељи и опстанување на власт по секоја цена, како што е во секоја нормална, па и скандинавска држава, да се излезе да се гласа, да се заврши гласањето во 19,00 часот, во 21,00 или 22,00 часот да ги имаме резултатите, а не по она нашето македонско да ги чекаме резултатите после три дена. Тоа ни се

случувало и за последните локални избори и не само овде. И во сите изјави премиерот Бучковски вели дека ние ќе направиме скандинавски избори. Тоа кажано турски, "мижи Асан да ти бајам". Јас во таква работа не верувам и не можете да ме уверите, познавајќи го менталитетот на граѓаните на Република Македонија. Некој ќе ме убеди дека во одредени средини и во Северозападна Македонија ќе има фер и демократски избори? Не можете да ме убедите, затоа што гласале како сакаат, гласале групно, гласале под присила без да се почитува мислењето на човекот за кого некој друг гласал. Тоа е факт. Сите сигнали кои доаѓаат од ОБСЕ и од другите европски организации говорат дека со таа пракса во Македонија мора да се прекине. За жал, дали тоа се должи на needуцираност, или се должи на работи кои не сакам денес да ги дискутирам, ниту се тема на дискусија, но факт е дека сигналите пратени јасно говорат дека со таа практика мора да се прекине, ако сакаме да се приклучиме кон големото европско семејство. Сакам да кажам, однапред да не се говори дека изборите ќе бидат вакви или такви. Нека се каже, ние ќе направиме се за да бидат фер и демократски изборите. Колку во тоа ќе успееме, зависи од сите нас. Впечатокот може да го расипат и многу мал број на луѓе чинители во тој изборен систем, дали како посматрач, дали како гласач, дали како член на избирачки одбор, дали како член на општински избор на комисија или како член на ДИК. Имаме мал милион примери за улогата, на пример на претседателот на ДИК во еден изминат период, на претседателите на ДИК, ставајќи се на една страна јасно даваат до знаење кон која политичка опција се стремат. Таквите работи не смеат да постојат. Но јас пак лично не сум убеден дека и ќе се успее таква работа да се елиминира. Дека не говорам на ветер, 2002 година беше прогласена за година кога се одржаа, навистина, првите фер и демократски избори. Таква оценка беше дадена од Европјаните. ВМРО-ДПМНЕ во тогашниот состав падна, заврши работата како што заврши.

Но, кога говорам за моето искуство, јас не поминав за 350-360 гласови во изборната единица 2 и тоа ќе ви кажам точно каде, таму каде што гласаа избеглиците од Липковскиот регион, во хотел "Кристал". 1500 гласа се собраа, гласаа толку. Од кои причини, не знам, се поништи гласањето, не се повтори првиот круг, значи немало втор воопшто. Првиот не се повтори и се прогласи победникот. Мислите дека со такви избори во нормална демократска држава ќе поминете? Не поминувате. Нема проѓа. И денес некој ќе ме убеди дека ќе нема повторно местење, потпкупување, претење. Може ќе нема "бугарски возови", да не биде апла, може ќе нема директно уфрлање на ливчиња, да не биде апла, но дека подземно ќе се работи на тоа, не можете да ме убедите дека нема да биде така. Но, тоа да не ви се врати како повратен удар, како фид-бек и со свој камен по своја глава да ви се врати. Целта на позицијата е да опстане на власт, а за да опстане на власт ќе се направи се.

Што јас подразбирам под скандинавски избори? Подразбирам, тие избори да бидат без далавери, без мито и корупција, без политички притисоци, без употреба на оружје или таканаречена "калашњиков демократија". Дали вие како Министерство за правда, во содејство со Министерството за внатрешни работи, можете сето ова да го гарантирате, со тоа што политичките елити ќе дадат директива до своите активисти дека ова е моментот за Македонија, да се биде или да не се биде, заради тоа што ќе се дава оценка, Македонија проаѓа или не проаѓа. Милион пати е спомнато од сите емисари кои доаѓаат во државава.

Мене многу ми е жал што министерката не е тука за да и кажам дека едно вакво писание заслужува и поголемо внимание од 10 минути елаборирање што е напишано на еден лист, а на две страни, за да ја сфати сериозноста, така барем како што е прикажано, ќе правиме скандинавски избори по балкански урнек. Значи, дали вие како Министерство за правда и МВР кое ќе ви дава логистика, може да гарантирате фер и демократски избори, без сите овие атрибути кои ги набројав. Не можете. Не можете затоа што, господа, во Македонија има скоро 3 илјади гласачки места и тоа е еден огромен терен кој не можете ни вие да го покриете, ниту МВР, ниту ДИК. Значи се враќаме повторно на свеста на луѓето или на она круцијално прашање, "Што е постаро, јајцето или кокошката", иако живееме во ерата на птичјиот грип. ВМРО има вакцини, ќе ги вакцинираме луѓето да станат имуни на многу болести кои ни се шират овде во државава, пред се од политички карактер. Некоја чудна ареа се шири овде, заборавена во сите посткомунистички држави, освен во Македонија. Таква вакцина кој ќе измисли, тоа ќе биде добра работа и сметам дека треба да му се даде една Нобелова награда за медицина, за нов изум. Да се најде и некој Македонец на листата на добитници на Нобелова награда.

Значи, за да имаме демократски избори, господа од Министерството за правда, на кои не ви се слуша, се чешкате по глава цело време, не ни треба партизирано судство, како една од можните варијатни. Јас кажав дека и претходните закони не беа лоши. Проблемот беше во свеста на луѓето. Но, таа свест преку ноќ не се менува. Значи без партизирано судство. Не верувам дека е партизирано, бидејќи грото припаѓа на еден политички блок, одамна определено и не верувам дека ќе прифати некоја понова партизација или наклонетост кон некоја друга политичка опција. Секоја чест на исклучоци. Има и поштени луѓе, иако припаѓаат на СДСМ, или не знам на ДУИ, или на некоја друга политичка партија. Тој може и партиски да припаѓа некаде, но чесно си ја врши сопствената работа. За мене тоа е битно.

Вториот момент е без партизирана администрација. Ќе рече некој сега што Флоровски ломоти овде. Таква работа не постои. Ќе ви кажам дека во 2002 година, на големиот марш низ Скопје, Ванчо Муратовски ја водеше

администрацијата и склучи договор со СДСМ и јавната администрација да гласа за СДСМ, затоа што поднамите им се совпаѓале, им биле слични. Види какви мудри мисли човекот кажувал. Сега тој истиот СДСМ не му одговарал. Но затоа повторно е избран како прв човек на УПОС. Значи работите полека, полека си се спремаат. Наравоучение, никој власта туку така нема да ја даде затоа што ќе излезат сите, да не кажам еден груб македонски израз, сите фекалии на виделина од владеењето на СДСМ во последните 4 години. И за да излезат сите тие фекалии на виделина пред македонската јавност, а ќе излезат, впрочем нешто вчера и наслушнавме за градење на некои штали во вредност од 730 илјади евра дадени од Министерството за одбрана, во времето на Бучковски. Значи полека, полека почнуваат да излегуваат работите на виделина. Јас тоа не сум го видел, не можам да тврдам, но новинарите го пишуваат. Точно, во таа 2002 година имаа поткрепа и од новинарите, пред Собранието кога излегоа со паролата "Тука сме, тепајте не", а ВМРО-ДПМНЕ, тогаш на власт, имаше пракса да не се служи со сила, тоа е најлошото нешто што може да го прави една власт, за да не ви се врати како повратен удар, но тоа е неизбежно.

Тоа е менталитетот на овој народ. Ќе ви даде шанса 4 години се да му направите, една работа да згрешите на денот на гласање, по автоматизам раката му оди да гласа против актуелната позиција. Тоа и на нас ни се случи, тоа ќе се случи и на денешнава позиција, утре опозиција, се надевам квалитетна, добра, за да може да биде коректив на власта. Денеска некако сме раштркани ние, за жал, да и песни пишуваат, има и такви работи, прават и фестивали, но тоа е животот, што да правиме. Животот е тоа, знаете и оној втор дел "Ко то тамо свира", има и втор дел од тој филм, но за да не испаднеме ние како држава, ќе му скинеме на некого, повторно се враќаме на најбитното дека мораме да направиме фер и демократски избори, па макар не биле скандинавски. Нека бидат во рамките на нормалата, да нема претепани, не дај Боже да нема некој убиен, како што имавме во минатото и за времето на ВМРО и за времето на СДСМ, се изнагледавме разно разни глупости, да се стигне до овие пусти овде седишта, да се седне, за да може после 4 години да излезе некој малку побогат, можеби и поумен, а се надеваме и со побогата држава, побогати граѓани, со задоволни граѓани. Мислам дека е ред и овие граѓани и овој народ да видат бел ден, покрај сите црнила кои што му се случуваат наназад низ сопствената историја.

Кога зборував за претседателот на ДИК, мое лично мислење е дека тој треба да биде предложен од опозицијата. Идам по еден терк кој во светот не знам дали се практикува, но не е битно, можеме и ние некогаш топла вода да измислиме, меѓутоа во согласност со денешнава позиција, што значи да се договориме. Зашто, во 2002 година без проблем покојниот претседател Борис Трајковски ја назначи Мирјана Лазарова - Трајковска за претседател на ДИК, која што си ја изигра улогата која што си ја изигра, а за награда доби место во Уставниот суд на Република Македонија. Па, после тоа продефилираа и сеуште Стево Пендаровски, кој не е кадар на ВМРО, можеби не е кадар ни на СДС, а на ДУИ не верувам дека е кадар. Наназад сите претседатели на ДИК секогаш биле луѓе на левицата. Ако грешам некој сигурно ќе ме исправи, но мислам дека не грешам, фала Богу ме служи памтењето и мислам дека претседателот како прв човек и најодговорен за изборите во државата врз кој утре можеби ќе се фрлаат и дрвја и камења или ако ги спроведе добро изборите ќе му се пишуваат оди, химни и песни, се надевам на ова второто, поради доброто на оваа држава. Барем така е презентирано од разно разни министри наши за евроинтеграција, па од господинот премиер дека овие избори се тест дали Македонија ќе влезе во Европа во следните 5, 10 или 15 години и тест за влезот во НАТО. Но, јас пак ќе ви кажам дека влезот во Европа и во НАТО, ова е мала дигресија, е политичка одлука. Ништо друго. Значи, после таа дилема кај мене дали да остане оној стар систем на избори кој го имавме досега или сето тоа да се замени со јавна администрација, која во огромен процент гравитира кон левицата. И, не случајно ви го спомнав Муратовски и не случајно ви го спомнав Големиот марш низ Скопје и заедничкото потпишување на заедничкиот документ со тогашниот лидер на СДСМ господинот Црвенковски, кој денес ни е претседател на државата Република Македонија. И, за да нема сомнеж дали Црвенковски како актуелен претседател на државата е легитимен или не, затоа што ова што денес ни се нуди, го опфаќа изборот на претседателот на државата, за да не се префрла од оваа говорници и низ разно разно прес конференции, не само за него, утре за некоја нова гарнитура дека дошла на власт по пат на насилство, на фалш избори итн, мора господа, да ги земете устите во сопствените раце, да го впрегнете коњот и да ја изорате браздата наречена "Избори 2006 година во Република Македонија".

Овде на некои места во некои членови постојат некои санкции, со кои ќе се санкционираат учесниците или во самите избори губење на работни места, говорам ако бидат избрани тие од администрацијата итн, но сметам дека, иако не сум правник, вие сте правници, подобро ја знаете материјата од мене претпоставувам, сметам дека во Казнениот законик на Република Македонија треба да отворите посебна глава, каде што јасно и гласно на обичен прост македонски јазик без многу странцизми ќе напишето Казнени одредби за сите оние што го реметат мирот и правилниот и мирен тек на самиот ден на изборите. Дали тоа ќе биде внатре на гласачките места, дали тоа ќе биде надвор во дворовите на училиштата или законски колку што е предвидено 150-300 метри мора да се санкционира, за да се воведе ред. Ако не може ментално да им се делува, можете по пат на ригорозни казни. Дали сте спремни тоа да го

направите. Овде министерката во делот на своето излагање, кое е скромно од десетина минути, вели дека таква работа се спрема и дека во тек ќе бидат одредени интервенции во Казнениот законик. Тоа треба да го направите што поскоро, за да некој не си прави бајрам на умот дека на изборите ќе прави што сака, како сака, па ќе зема оружје во раце. И, ќе се шета сред бел ден со калашникови, таму каде што не можеме ние како политички структури да испратиме луѓе, несакајќи го ризикуваме и нивниот интегритет и нивните животи. Такви места јас ќе набројам мал милион и сите ние ги знаеме.

После војната во 2001 година ВМРО-ДПМНЕ додека го водев јас не испратив свој посматрач во село Љуботен, плашејќи се за неговиот интегритет. А, такви примери како селото Љуботен имате многу. Во контекст на она и со Рачи пред два дена што кажа, Мендух Тачи како потпретседател на ДПА дека единствено го загрижува однесувањето на ДУИ, што се однесува до фер и демократските избори во Република Македонија. Јас ова го парафразирав, не сум го измислил, зашто тој тоа го кажа на состанокот со господинот Бучковски на пола пат меѓу Скопје и Тетово. Значи проблемите треба да се бараат и да се лоцираат и ние знаеме каде се проблемите. Не можете волјата на граѓаните да ја манифестирате со каљашникови и со пиштоли. Затоа и Европа толку е решена цврсто да ни даде жолт картон, а следува и црвен картон ако се продолжи со ваквата работа. Но, дали Министерството за внатрешни работи е спремно сето ова да го покрие, без притоа не се изроди не дај Боже нешто поголемо и покрупно. Значи, работата е многу суптилна за да прифатиме, што би рекле Србите овлаш или да поминеме преку нејзе туку така, дај да го донесеме законот. Овој закон во пракса мора да заживее. Ако не заживее во пракса, ништо не сме направиле. Тие што ќе направат влада ќе ја направат владата, позицијата ќе вика не биле фер демократски изборите, се работело за лажирање, веќе видени и чуени работи, не само од овој Парламент, не само од прес конференции, не само од муабети по кафаните, буквално секаде можете да го слушнете дека власта која дојде или ќе дојде, дошла, да не кажам, на криминален начин, а криминалниот начин се знае кој е, јас го спомнав. Криминалниот начин е без насилство, без притисоци, без поткуп, без делење шеќер, без делење брашно, без делење масло, без ветување на работни места, токму тоа може да се ветува, затоа што ветувавте дека од секое семејство ќе вработите по еден и точно вработивте, но на улица ги вработивте и сега сите станаа слободни геометри. Едно прекрасно занимање, мерење на скопските улици. За жал, тоа работно место не се плаќа, но што да правиме. И јас некогаш сум бил во таква ситуација, благодарејќи повторно на оваа иста политика, а може и вас да ве снајде утре. Животот е тркало, се се врти, се се менува, се тече - Пантареј.

Овде ми падна една работа во око и јас не знам на министерката кој ова и го кажа за да го цитира, но таква работа во Македонија се нема случено, каде што говори, мене ми е жал, вие сте заменик, не знам вие госпоѓо што сте во Министерството, но таква работа во Република Македонија никогаш се нема случено. Но, ни дава за право да размислува во овој правец. Што е со судбината на македонската дијаспора? Дали еднаш за секогаш ќе ги признаеме како наши граѓани "на привремена работа во странство, а државјани на Република Македонија". Ова го извлеккувам од следното, министерката вели: "со оглед на досегашните искуства за злоупотреба на гласовите на иселениците", кажете ми на кои избори нашите иселеници некогаш гласале. Никогаш. Во 1991, 1992, 1993 и 1994 година, нашата заложба беше сите оние кои се државјани на Република Македонија, а живеат надвор од Република Македонија во преку океанските земји, во западно европските земји да добијат право да гласаат дали во конзуларните претставништва, дали во црковните општини, не е битно, но имаат полноважно право да одлучуваат за политичката и секаква друга судбина на оваа држава, од едноставна причина што денес ако се таму, утре можат да се вратат и да ги вложат сопствените пари во сопствената држава. Ако веќе бараме македонците да вложуваат, тие што станале добри бизнисмени надвор, да вложуваат во државата, па сигурно имаат и право да гласаат за која политичка опција се определуваат, едноставно гледајќи го својот исклучиво економски интерес. Која е таа влада што ќе му понуди подобри услови, дали тоа ќе биде владата на СДСМ на актуелната коалиција или ќе биде некоја нова влада составена од опозициони партии. Но, тоа мислам дека е тешко остварливо, дека се нема ни волја, ни добар дух, македонската дијаспора без оглед на националната припадност да има право да гласа. Таква работа вие во овој изборен законик, немате предвидено никаде, колку што јас успеав да видам, а сметам дека мора да им дадете право, ако не оваа гарнитура политичка, некоја идна да им даде право на тие што се надвор, а поседуваат македонско државјанство или се иселиле од македонската држава, да им дадете право на сопствено политичко определување. Дали стравот дека македонската дијаспора ќе гласа секогаш за денешната опозиција, можеби тука е стравот, затоа што таа е многубројна, носи многу пратеници, па во краен случај зошто и да немаме пратеници од македонската дијаспора. Да Макрадули вели што знаат тие за Македонија. А, што знаеја, на пример, тие што се петта генерација во Аргентина, во Јужна Америка, а гласаа на хрватските избори во 1990 година за Туѓман. Па, што тие знаеле? Сигурно завршиле работа. Нели бевме носители на сите европски процеси на Балканот, па Хрватска отиде пред нас, па ние се знаеме, а тие ништо не знаат. Тие се глупавите, ние сме паметните, секогаш.

Друго е прашањето зошто дошло до војна. Дали таа војна некој ја договарал во 1991 и во 1992

година и тоа е сосема друго прашање. Значи од овој законик има уште многу забелешки овде и можам да ви ги апострофирам, но ова е прва фаза, ќе има јавна расправа, а претпоставувам дека ќе има и многу амандмани, меѓутоа повторно ќе кажам, треба да се поработи на свеста на луѓето, на менталитетот. Тоа е прво домашна работа и домашна задача на политичките елити.

Ние сега имаме нов момент. Секојдневно сме свидетели или слушатели преку медиумите, каде што можеме да прочитаме разно разни рејтинг листи, кој е однапред, дали тоа ќе биде шест месеци или од септември ќе бидат изборите, однапред ја загрејуваат атмосферата. Атмосферата веќе е згреана, антагонизмот е огромен. Дали ќе победи СДСМ со своите партнери или ќе победи ВМРО со цела опозиција. Симнете се меѓу обичните луѓе, па тоа е страшно нешто каков антагонизам постои. Човек не може да се изначуди како може меѓу себе толку да се мрзат, затоа што припаѓаат на две разни политички опции. Тоа е чудо невидено, апледираме да направиме скандинавски избори. Па, не дај Боже да се сретнат заедно на гласачко место, тие очи ќе си извадат.

Улогата на медиумите е огромна. Но, се е однапред безецирано, се е фатено и се знае која телевизија за кого лобира, на кого му крева рејтинг, па која агенција за кого работи, овде е спомнат и СОРОС како институција на која и е дадено поддршка, а СОРОС е организација на СДС, затоа што Владимир Милчин е претседател, а тој е член на СДСМ, што не е далеку од умот. Можеби постои една таква организација која е блиска пак до ВМРО, но тој човек сеуште го немаме откриено, можеби допрва ќе се јави.

Се се плашам, сите овие подготовки што ги правиме и законски и ова што го говориме овде, се е во духот на добрата волја, да не се крева уште од сега прашина, затоа што таа ќе ја има доволно за време на изборите. Ќе имаме реторики од сите можни видови од најниски удари, до не знам што.

Но се плашам дека со влегувањето во игра на јавната администрација ќе кажам не е веќе партиски определена и обоена во наводници, а нивните лидери се. Да не тргнеа по онаа максима како на Сталин, не се битни гласачите, битни се бројачите. Се надевам дека во 21-от век во Република Македонија  таков филм нема да гледаме иако многу од Владата се влезени во длабок и дебел филм, дека ќе направат филм Оскаровец и ќе спроведат скандинавски избори, шведски избори, дански, како сакате крстете ги. Ова ви го говорев од контекст на улогата на јавната администрација, што не мора да значи дека ќе биде така. Може јавната администрација навистина е деполитизирана. Може навистина не припаѓа на ниедна политичка опција. Можеби навистина тие 120-130 илјади луѓе се аполитични, не ги интересира политика а се вработија во времето на СДСМ. Тука постои тој прав за злоупотреб на изборите и на луѓето. Ако работите се сфатат на едноставен и прост начин дека политичките гарнитури ќе се  менуваат на 4 или 8 години, нема да доаѓа до вакви тензии кои веќе постојат. На терен постојат веќе. И ако се сфатат како најнормална работа дека една политичка гарнитура составена од едни политички партии менува некоја нова составена од други политички партии, работите ќе легнат. Јас повторно ќе кажам изборите се кренати на највисоко ниво да се биде или не, божем се работи за живот или смрт. Тоа е една страшна работа. Малку порелаксирано да се  прифатат работите дека се се менува, се тече. Дека никој не е вечен на овие клупи и дека и после нас ќе дојдат некои други и дека после оваа Влада ќе дојде некоја друга влада. Тоа е она што Господ ни го одредил. Никој не е тука вечен, ниту на оваа планета Земја каде што опстојуваме.

На последниве локални избори се судривме со многу да кажам индикативни работи, кои не одат во прилог на одржување на скандинавските избори. Тоа можевте да го прочитате и во сите медиуми, тоа ви го кажа и Фуере и разно разни други европјани кои доаѓа дека во Македонија локалните избори исто така беа под знак на прашање, затоа што имаше низа нерегуларности. Не многу во македонските средини, туку во другите средини. Имаше насилства, имаше кршење на избирачки кутии, пропаганда на бирачките места. Тоа господа, не оди во прилог на скандинавските избори. Тука мора да се сконцентрирате, да поработите, да можат сите овие несакани работи кои нормален човек не би ги прижелкувал и сметам дека ниедно пратеничко место не заслужува недај Боже, некој да падне жртва. На кого ќе му е такво место недај Боже, некој да загине заради тоа што некој требало да стана пратеник, а бил активист на одредена политичка партија. Кое е тоа место што ќе го држи овдека да биде пратеник, притоа, да му загине некој тркач, некој партиски соработник, или незнам кој, како што имавме случаи.

Кога говорев за МВР, јас незнам колку сте вие координирани со МВР, затоа што претпоставувам дека ќе има бајаги работа. Спомнав дека Македонија има некаде околу 2980 и нешто гласачки места. Тие физички како ќе се покријат. Тие ќе се лоцираат таму каде што се претпоставува дека се критични местата, но не очекувајте дека полицијата треба да води војна. Дека ако некој прави неред на некои гласачки места ќе треба да интервенираат. А тоа не дај боже да се случи во некое село, па да се крене цело население, како што имавме случаи. Говорам од искуство она што можев да го видам и она што сум мможел да го слушнам, да го прочитам. Не само јас, туку и сите ние овде. Ќе бидам џентламен, еве завршувам претседателе, а и вие уште два месеца сте тука па ќе одите во Вашингтон, ќе бидете порелаксирани. Поуживајте малку со нас, бевме другари толку време. Не брзајте со избори во јуни месец да бидат. Почекајте во септември. Нека бидат регуларни. Нели и тоа е наша заложба без разлика дали сме позиција или опозиција.

Значи една битна работа ќе заборавев за малку. Тие фантоми гласачи што се појавуваа 1994 година, на изборите на господинот Киро Глигоров, ни се појавија 150 илјади гласачи плус за вториот круг. Се заврши работата како што се заврши, се поделија државјанствата, стана претседател, и државата ја турна таму каде што требаше да ја турне. Но биде што биде, избирачките списоци вие да си ги прочистите господа. Имате фантоми гласачи околу 200 илјади. Немој тие случајно некаде да се појавуваат, тоа да си го нотирате посебно, за да можат луѓето на време да одат и да видат дали стојат таму или ги нема. Затоа што да не почнат да воскрснуваат и мртвите, па и тие да гласаат за одредена политичка гарнитура. Имате фазла од 200 илјади гласачи, кои или не се во државата, или се починати, еве, не фигурираат, не постојат. Поучени од негативното искуство имаше дупли карти па и гласање на повеќе места, познати ни се тие далавери. Поминавме 15 години избори, се изнагледавме, се навикнавме на се, но овој пат ќе нема поправен испит.

Тука јас би завршил. Мислам дека она што сметав да го кажам, црпејќи го сопственото искуство го кажав, редот е на вас како Министерство за правда, со Министерството за внатрешни работи да успеете да направите скандинавски избори, искрено тоа ви го пожелкувам, да направите скандинавски избори, да се види вистинската волја на македонскиот граѓанин, а според тоа имате на 15-ти септември ако бидат тогаш изборите, а паѓаат на 17-ти ќе имате една голема победа за Македонија од страна на опозицијата. Тоа е повеќе од евидентно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Можеме сега да поминеме на реплики. Господине Рафис Алити имате реплика.

Повелете имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател. Навистина јас незнам господине Флоровски, меѓутоа, вчера и господинот Стојановски истото. Денес посебно господинот Флоровски, дали е во улога на гласноговорник на ДПА тука или затоа што го цитира потпретседателот на таа партија, или дискутира како пратеник и сака да придонесе во однос на законот односно изборниот законик. Ова го велам од причина што сигурно господинот Флоровски е еден од старите пратеници на политичката сцена во политиката во Македонија и неправилностите кои се случувале во текот на изборите на Македонија, било од 1995 година, од Парламентарните избори кога ВМРО-ДПМНЕ ги напушти изборите во вториот изборен круг, било во 1998 година кога имавме убиство, нешто што не го спомнаа господата од ВМРО, кога имавме убиство во Република Македонија, не само во албанскиот дел, туку и во делот каде што гласаа Македонците.Ниеден од нив не го спомна тоа и тоа тогаш не беше на политичката сцена ДУИ, туку беше оваа политичка гарнитура. И дали мислат дека за тој дел треба да не обвинат нас. Нешто што не држи и за последните локални избори, затоа што и претставниците од албанскиот политички камп треба јавно да излезлат и да кажат, да, имаше неправилности во текот на гласањето, меѓутоа, претставниците на ДПА треба да говорат за општина Сарај каде што тие ги предизвикаа тие неправилности и на другите места каде што тие предизвикуваа неправилности. Нормално, кога тие ќе се дистанцираат од тоа, тогаш ќе биде морална обврска истото да го направи и ДУИ, доколку некаде има придонесувано во однос на немирите или неправилностите, или претставниците на Просперитетот кои што се повикуваат дека се пооштетени, меѓутоа, треба да говорат за општина Студеничани, од причина што ние не придонесувавме во однос на неправилностите таму. И доколку не се свесни дека нивните активисти имаат придонесувано во оваа насока, тогаш сигурно дека треба да се постават прашања кои тогаш во делот на Албанците придонесуваше за да има неправилности во текот на изборите. Слободно може да се каже дали е Охрид, Велес, или Прилеп, каде на последните избори исто така имаше присуство на калашникови, што значи немало само во делот каде што доминира албанското население. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рафис Алити.

Повелете господине Флоровски имате една минута контра реплилка.

**Александар Флоровски:** Јас немам намера да бидам порпарол на ДПА. Инаку ги почитувам како политичка партија. Зошто ги почитувам, имам сопствено мислење. Јас ги осудив сите можни насилија, без разлика дали доаѓаат од албанскиот или македонскиот блок. Ако внимателно ме слушавте заврших дека ниедно пратеничко место овде, па дури ниедно министерско место не заслужува никакво насилије а најмалку убиство на било кој партиски или политички активист. Мислам дека со ова кажав се, а пресметките меѓу вас и албанскиот блок за Студеничани, за Сарај не ми се познати, не биле предмет на мое интересирање и не би сакал да разговарам воопшто на таа тема, затоа што ми е непознато.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сите знаеме што значи пропаганда, политичка, партиска, знаеме, не сме наивни, но тоа е дел од фолклорот што постои овдека кај нас пратениците во Парламентот и секој има право да го каже своето мислење. Барем по Устав не одговара, а пред јавноста ќе одговара.

Следниот за дискусија е господинот Јани Макрадули.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер за правда, колешки и колеги пратеници,

Очигледно ова по бројот на дискутанти ќе биде најпосетената точка со дискутанти во овој пратенички состав и со тоа е зголемена и тежината на предлагачите или на Владата да ги апсорбира предлозите и сугестиите што ќе дојдат од страна на пратениците и да ги вгради во предлогот во втората фаза. Но она што е амбиент во кој што зборуваме, најмалку зборуваме за текстот, или како подобриме текстот, туку зборуваме практично позиции на политичките партии во пресрет на претстојните парламентарни избори. Дека парламентарните избори се најзначајни во една држава, тогаш реално се добива или се губи власта кажуваат и примерите на сите дискутанти до сега кои што освен колегата Никола Апостоловски, воглавно сите се задржамандманот на парламентарните избори. Многу малку се посвети внимание и на локалните избори, а да не зборуваме за претседателските избори кои имаат свое место во овој изборен законик.

Инаку, амбиентот во кој што го носиме овој закон е после кандидатскиот статус, каде што неколку пати сум го повторил тоа. Мислам дека работите во Република Македонија ќе бидат по предвидливи и активностите на Парламентот овде ќе бидат предвидливи,односно ќе ги носиме оние закони по редослед и по приоритет онака како што се бара од нас. За жал, не можеме сеуште да направиме дистингција помеѓу приоритетите и барањата од Европската комисија, поддршката од 98% граѓани на Република Македонија на тој пат и само промовирањето, за жал, во овој случај и за среќа во овој случај е изолиран случајот на една политичка партија. Сеуште наспроти таа очекувана предвидливост што мислев дека ја имам овде во работата на Собранието, сеуште се бројни манипулациите со народот за извртување на фактите и за себе прикажување на некои политички личности во светлина во која тие би сакале да бидат видени, а од вчера и опеани, а не во она во која македонскиот народ одамна ги има запознаено и ги гледа. Еден таков обид е и овој изборен законик, каде што секојдневно слушаме, а повеќе читаме бидејќи главниот претставник на опозицијата или претседателот на ВМРО ДПМНЕ од поодамна не е присутен овде, па мораме за неговите ставови да полемизираме од неговите колумни во дневниот печат посветени на овој изборен законик и тоа да го сфатиме како прилог во првата фаза за подобрување на текстот. И Владата, но пред се Министерството за правда е исправено пред една исклучително сложена ситуација како да ги апсорбира сите овие различни ставови кои се изнесуваат овдека во Парламентот, без разлика дали станува збор за позиција или опозиција, бидејќи како што ќе каже Либералната партија таа е за пропорционалнот модел, или за зачувување на овој тип на модел, ВМРО ДПМНЕ е за мнозинскиот, некој се залага за партиски членови во изборните комисии, некој се залага за државна администрација, или јавна администрација и умешност ќе биде да се најде вистински компромис кој сите партии ќе го прифатат, меѓутоа она што е најзначајно сите да испратат јасен сигнал за признавање на резултатите на изборите.

Често пати овде се зборуваше кои избори биле фер и демократски, кои биле вакви или онакви и 1998 година и 2002 година. Евентуалните неправилности паднаа во сенка или немаа никакво значење заради јасните изјави во јавноста на двата тогаш премиера 1998 господинот Црвенковски, 2002 господинот Ѓеорѓиевски, дека го признаваат поразот. И во тој момент на мирното примопредавање на власта е отворен патот. Тогаш никој не зборува дали на некои места имало одредена неправилност или не. Затоа, јас ќе ве потсетам на некои други работи она што е најзначајно сега Лидерите на политичките парти јасно, но најповеќе од оваа говорница, особено уште и пред изборите да испратат сигнал дека ќе ги прифатат изборните резултати, без разлика како ќе биде тоа за нив или за нивната политичка партија. Реков денеска за жал, наместо предвидливоста сме сведоци повторно на една манипулација со предложениот законик во еден амбиент каде што најпрво претседателот на ВМРО ДПМНЕ се прогласи како победник на следните парламентарни избори, па потоа од кога виде некои анкети реферираше дека се подготвува фалсификат. Секој дневно слушаме различна контрадикторност, повикувајќи се на европските барања и приоритети, а од друга страна, заложувајќи се за нешто друго.

Или како што во последниот број на "Неделно време" во "Жаруљки" господинот Жарко пишува дека сите анкети за рејтингот на политичките партии се наместени, освен тие што ги нарачала нашата партија, тие се објективни или сите именувани службеници се партиски определени освен оние што ги именувала нашата партија, тие се експерти. Инаку, некој политичар не појде кај поплавените, тогаш ги заборавил, ако појде прави политички маркетинг, или ако некој отпушти работници ги оставил на улица, а ако ги отпушта партијата која е на власт тогаш прави реформи.

И во еден таков контрадикторен амбиент и Министерството за правда треба да ги апсорбира мислењата, но и јавноста треба да добие впечаток зошто се создава таква контрадикторна атмосфера и која е идејата на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ за да наметне таква атмосфера во јавноста. Наша оценка е дека станува збор за алиби и се додека, и после донесувањето на овој закон, во јавноста јасно не се изрази волјата за фер и демократски избори и за признавање на резултатите не ќе можеме да зборуваме дека секој она што го зборува и реално го мисли.

Се повикуваме на Европската комисија и барањето од Европската унија, ама никогаш не сме ги почитувале. Таков беше примерот или најеклатантен е примерот со уставните измени. Уставните измени што ги направивме во поддршка на реформите на судството како еден од клучните фактори беа напаѓани овде и не беа поддржани од пратеничката група на ВМРО-

ДПМНЕ. Тоа беше барање на Европската комисија, тие си избраа поинаков пат.

Тука за многу закони во рамките на имплементацијата на множеството закони од Охридскиот рамковен договор ве убедувавме дека тоа треба да го направиме за подобар и побрз пат кон Европската унија, вие не напаѓавте дека сме предавници, дека сакаме да ја "продадеме" Македонија, дека сме се договориле со овој или оној. Ништо од тоа не е вистина, освен дека станавме земја кандидат за Европската унија.

Затоа, граѓаните знаат да направат разлика кој е секогаш на погрешната страна, а кој секогаш и аргументирано ги брани патиштата кон Европската унија. И овој пат се случува исто. Повторно сте на погрешната страна, повторно се повикувате на Европската комисија која вели дека приоритет се изборите 2006 година и да се почитуваат препораките од ОБСЕ и ОДИХР. Нема некои виртуелни барања, напротив тие барања се тука и ќе ги напоменам подоцна. Но да не не чуди зошто рејтингот ни е таков. Перцепцијата за реалната европска перспектива кај граѓаните е поблиску до СДСМ отколку до ДПМНЕ. Јас не сум од оние политичари што ќе каже дека сите сме заслужни за патот до Европската унија. Не. Тука што се не, дрва и камења кажавте за мене и за пратеничката група на СДСМ, за ЛДП и за ДУИ. Тој товар го издржавме, тоа го образложувавме меѓу граѓаните но го добивме кандидатскиот статус. И не мислам дека сите сме заслужни за приближувањето до Европската унија. Ние мислам дека сме позаслужни и да ја фрлиме таа политичка реторика правејќи се добар со сите кога сакаме да зборуваме за нешто. 98% од граѓаните сакаат да влезе Македонија во Европската унија и да биде поблиску. Затоа носиме закони кои не прават поблиску до Европската унија. Дали тоа бил процесот за децентрализација, дали тоа бил Законот за симболите на заедниците, дали тоа биле уставните измени. Овој парламентарен состав го издржа тоа и ги донесе тие закони. И да не правиме споредба со другите парламентарни состави. Најтешкиот товар го имаше овој парламентарен состав и тој тоа го изведе. Нека каже некој друг тука што зборуваше или фрлаше сомнеж на овој парламентарен состав колку претходните парламентарни состави вратиле закони на владите. Очигледно не сваќаме дека ова е Парламент во кој што победува демократијата како сила на мнозинството кои на изборите ја добиле довербата на граѓаните и во тој мандат тие имаат право да ги остваруваат и да работат во интерес на граѓаните.

И не е точно дека е нормално да се менуваат работите на четири години. Тони Блер успешно ја води Британија три мандати, СДСМ ќе продолжи да ја води Република Македонија и во наредниот период.

И сега кога повторно се бара спроведување на избори како клуч на нашето приближување не сакаме или се повикуваме на барањата на Европската комисија, не сакаме да прочитаме што бара Европската комисија од нас, односно не сакаме да прочитаме кои се препораките на ОБСЕ или Канцеларијата на ОДИХР во Република Македонија, а прво е тоа: кодифициран изборен законик, департизација на изборните органи, поголемо учество на обата пола во изборните органи, зајакнување на улогата на Државната изборна комисија. Мислите дека граѓаните не гледаат кој за што се залага? Мислите дека не гледаат дека и покрај првичниот предлог на Владата, премиерот и претседател на СДСМ направил разговор со сите политички партии, каде што јасно беше кажано дека 9 од 12 барања на опозицијата се прифатени. Јас сум убеден дека и сите 12 да бидат прифатени, ќе дојде 13-то, ќе дојде 14-то, ќе дојде секогаш за едно повеќе барање кое токму ќе го оправда поразот на следните парламентарни избори. А да се потсетиме, критиките за тоа какви ќе бидат изборите доаѓа од партија која 1999 година имаше избирачки легитимации со 16 печати, ќе се потсетите на тоа. Имаше масовно и преку ноќ печатење на избирачки легитимации, според извештајот на ОБСЕ, околу 150.000 гласачки легитимации останале неподигнати и непознати. Да ве потсетам дека барањата какви ќе бидат изборите кажува партија која спротивно на законот ја разреши госпоѓа Ингилизова како претседател на Државната изборна комисија еден месец пред да и се продолжи функцијата во 2002 година. Критиките за тоа какви ќе бидат изборите доаѓа од партија која ги измисли квадратите и триаголниците околу бројките на кандидатите, ги замени и фалсификуваше личните карти на изборите во 2000-та година, го измисли или го научи, пардон добро го научи, мора да признам, "бугарскиот воз" или пак 2002 година упаѓаше во Собранието барајќи го низ ходниците претседателот на Државната изборна комисија. Затоа, морам да изразам протест кон - тогаш беше кон дискусиите за кои овде зборуваме за некои луѓе што не се овде присутни апсолутно госпоѓата Мирјана Трајковска не беше кадар ниту на СДСМ или како што сакаше претходниот говорник да омаловажи, кандидат на ДУИ, тоа беше кандидат на Македонија, кадар на Македонија и со респект треба да се однесуваме кон граѓаните кои се вложиле себе си во подигнување на угледот и рејтингот на Република Македонија. А тогаш партијата ВМРО-ДПМНЕ упаѓаше овде по ходниците барајќи го претседателот на Државната изборна комисија, пред очите на сите амбасадори овде во Република Македонија. Но изборите беа фер и демократски затоа што премиерот излезе и кажа сум доживал пораз и некој друг треба да дојде на власт. Затоа, да не се правиме идеални во целата оваа ситуација или дека не знаеме што се случувало во изминатите години.

Сега доаѓаме до клучните три замерки, како што кажува во својата колумна поранешниот портпарол на ВМРО-ДПМНЕ Антонио Милошоски или пак господинот Груевски, а тоа е првата причина што ме тера, цитирам, "да се сомневам дека оваа власт се откажала од намерата малку

да ги фалсификува изборите" - тоа "малку" е ставено во наводници - "е нејзиниот однос спрема унапредувањето на изборното законодавство. Како ќе се избере претседателот на Државната изборна комисија? Власта по ова прашање се уште надмено го отфрла предлогот на опозицијата". Веројатно се кае господинот, бидејќи не знаеше дека премиерот и претседателот на СДСМ го прифати овој предлог на опозицијата, само треба да се најде на предлог на опозицијата процедурата како тоа во нормална, законска и уставна рамка тоа ќе го направиме. Значи овој услов е исполнет.

Втора причина, а тоа беше денес кажано и од мојата колешка координатор Бонева, е изборниот модел, дека со изборниот модел каде што се предлага мнозински принцип ќе може повеќе да се остваруваат правата на граѓаните, односно цитирам: "тоа го предлагаме од причина што се изгуби смислата на пропорционалниот модел со промената на две алинеи од Законот за избор на пратеници, со што се овозможи пратениците да минуваат во текот на својот мандат". Да ве потсетам на една контрадикција. Од минатиот состав јас знам 6 пратеници, сега да не ги именувам, точно ги знам, што беа изграни по мнозинскиот принцип, а преминаа во ВМРО-ДПМНЕ и за тоа добро се офајдија. Ама не им пречеше тоа што биле од мнозински принцип, мислите дека имаа грижа на совест? Не. Новото парламентарно мнозинство го создадоа пратеници на пропорционалната листа, напротив, и од мнозинската листа. Господинот Циле си влезе со 14 пратеници, излезе со нула, кој знае дали сега ќе најде еден или дали еден може некогаш да најде. Но и тие пратеници од мнозинската листа си преминаа во ВМРО-ДПМНЕ.

И втората работа е тоа што апсолутно по сите препораки и на ОБСЕ и на ОДИХР, пропорционалниот модел, во еден круг, нуди помалку неправилности. Тоа го знаеме сите што сме биле на избори, само е проблемот за кој разговарав пред малку со еден мој колега. Имам впечаток дека овде има пратеници што не биле на избори.Веројатно треба да има некој критериум, кога човек треба да стане пратеник дали бил на избирачко место некогаш, дали бил во некој штаб и тогаш ќе може позитивно да даде поголем придонес за целата оваа работа. Јас гледам дека тука зборуваме за нешто кога некои излгеда не го знаат изборниот процес, или не знаат што се случува реално на терен. И затоа можеби да има некој критериуми, не дали е деловно способен,туку дали има искуство да влезе во целата оваа работа, бидејќи ова е сериозна работа. Од ова зависи судбината на Република Македонија. Јас сум убеден, тоа ќе го повторам и неколку пати, дека државните службеници и вработените од јавната администрација кои ќе бидат дел од изборниот процес, доколку така остана предлогот и тоа да биде конечно решение, знаат што е Република Македонија и ќе го вградат својот авторитет и углед онака како што го вградија во одговорите на прашалникот, така ќе го вградат својот углед и авторитет во формирање на амбиент за фер и демократски избори, со што Европската комисија ќе даде позитивен сигнал и ќе го отпочне процесот на преговори со Република Македонија.

Вториот проблем, или третата дилема што се јавува, или втората дилема, пардон да не го заборавам и тоа, можеби се поставува и прашањето зошто некои пратеници прешле во друга група. Можеби не е изневерено гласачкото тело од нивна страна. Можеби некој ја сменил политичката платформа со која што тие го добиле мандатот и отишле на избори. Јас сметам дека е така во случајот на ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-Народна партија. Тие отишле со јасна програма, мислам дека по изборот на новиот претседател, се смени полититичката платформа, тие не си го наоѓаат своето место и тие не го изгубиле својот рејтинг меѓу локалното население, меѓу своите комшии или подржувачи во местото од каде што доаѓаат. Напротив, нив ги ценат дека останале и опстоиле на онаа идеја, за нив гласале и ги донеле овде во пратеничките клупи.

Втората покрупна работа, за која што се зборува овде е учеството или составот на избирачките одбори. Во сите препораки ОБСЕ И ОДИХР вели вака: "кодифициран изборен законик". Го имаме, сите тука се согласивме.

Второ, обид членовите на избирачките одбори да не бидат под влијание на политичките партии. И тука што имаме? Директен предлог од ВМРО-ДПМНЕ да бидат претставници од политичките партии. А сите сме свесни дека најголемиот број на неправилности се случуваат на одредени места заради членовите на избирачките одбори. И кога сите тоа го кажуваат, кога Европска комисија тоа го бара од нас, ние повторно имаме некоја своја идеја, затоа што повеќе веруваме во нешто друго, и се чудиме зошто рејтингот ни паѓа, а на некоја политичка партија рејтингот расте. Се има затоа и зашто. И на мене не ми беше пријатно кога ќе видев за рејтингот на господинот Пенов и не верував дека според анкетите доцни или каска зад господинот Костовски, ама се покажа, за жал, дека е тоа вистина. И, за жал, на граѓаните на Скопје. Затоа, не можам таа контрадикторност да ја разберам и не можам да најдам аргументи како сега Владата да се однесува кога различните опозициони партии преферираат едно или друго решение. Очигледно компромисот треба да го најдеме во препораките на Европската комисија, ОДИХР и ОБСЕ бидејќи тие се тие што ќе не вреднуваат дали сме кадарни да организираме фер и демократски избори и тие треба да го напишат пулсот дека таа задача од нивните барања сме ја завршиле.

Третата причина - се извинувам на господинот Милошоски, но верувам дека неговата колумна е висок партиски став - е датумот на изборите. И тука се прави цела елаборација за 9 јули, датум што можеби медиумите го избрале, или тој го избрал. И што ако се покаже дека тој не е 9 јули. И што ако 9 јули не е ден кога ќе бидат избори. Значи тогаш ќе бидат фер и демократски. Тие

работи да ги кажеме, за да знае народот кои се аргументите од едната страна, кои се аргументите од другата страна. Сакаме претседател на Државната изборна комисија, повелете. Сакаме ова,повелете. Сакаме да не се потпишува и да не е потпишан записникот да се жалиме, океј. Сакаме друго некое барање - се имате. Ама, чекај, значи ако е се исполнето, мора резултатите да бидат согласно волјата на граѓаните, а не да бараме вина меѓу граѓаните.

Е, сега можам да зборувам за господинот Груевски, бидејќи е наш колега пратеник кој што, како што кажавме, од поодамна го заборавил Парламентот, знае да обвини дека некоја политичка партија однапред ги почнала изборите, но тој може во Штип, кога му ја испеале песната да игра оро и да се појавува во весници, тоа е нормално, ама не е нормално СДСМ да си има средба со членството. Затоа, граѓаните и тоа го ценат и го гледаат. И еве ги забелешките од господинот Груевски.

Прво, изборите да се спроведат на 16 март. Мислам дека понесериозен предлог во овие 15 години не е дојден овде во Собранието. Бидејќи ако некој знае што е тоа изборен процес, ако некој се залага за едукација на изборните органи, жрепката не можеме да ја завршиме до 16 март на судиите од Врховен суд за што што вие се залагате. Да земеме сега да фрламе жрепка, нема да ја довршиме до 16 март, а не да организираме клучни избори, како што и самиот вели дека Европската Унија ништо друго нема да цени освен изборите за да потоа повторно самиот падне во контрадикција. Значи, таков несериозен предлог и такво мислење дека до сега сме губеле време, а ги донесовме уставните измени кои беа, верувајте, клучниот елемент во добивањето на позитивната слика за Република Македонија, навистина е апсолутно несериозно.

Трето, како што самиот вели во Колумната, во овој период независно дали го има чувството на Влада во заминување да се воздржи од чекори кои ќе направат долгорочна штета на државата со нови партиски вработувања. Замислете, тоа го кажува човек кој што во 2002 година како министер за финансии со решение број 18-19467/1 од 13.08., а кампањата беше почната, одговара на барањето 04-4061 на Ламбе Арнаудов и одобрува 500 нови вработувања во Електростопанство. Или, тоа истото го бара човек да нема партиски вработувања, кој што на 30.08., точно кампања имаше тогаш, заедно одевте со нив, 2002 година ...

(Реакции од пратеници од ВМРО ДПМНЕ: " за законот зборувајте, не кажавте за законот ништо").

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, морам да одговорам на колегите пратеници.

(Повторно реакции)

**Јани Макрадули:** Ќе кажам за законот. Да имаше нормален закон, вие немаше да бидете.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, морам да одговорам на колегите пратеници кои дофрлуваат од место. Принципиелноста и правичноста се доблест на било кој човек. Јас очекував дека такви коментари ќе дадете на предходниот говорник - јас додуше половина го следев, а другата половина ја следев преку телевизија. Такви коментари на сличен говорник, каде што се спомнуваа и реминисценции, се спомнуваа имиња кои не се присутни како пратеници, туку се присутни во политичкиот живот, немаше. Немаше такви коментари и забелешки од ваша страна. Според тоа денес ако е бал, нека е бал. Тоа е денес, а утре ќе одиме со три дигресии. Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да повторам, бидејќи беше гужва во салата, барањето да нема партиски вработувања доаѓа од министер за финансии кој на 13 август 2002 година во екот на кампањата одобрува 500 вработувања, а на 30 август одобрува уште 150 вработувања само во Електростопанство на Македонија, да не зборуваме и за дургите. Затоа, можеби овде мислите дека фрламе или фрлате магла, но народот добро ги знае работите и затоа има некој рејтинг таков каков што има.

Четврто, доколку власта не оди на предвремени избори, ги отфрли предвремените избори, како што пишива овде, да се посвети на реформите во економијата. Па, ако се ослободат улиците или ако се решат, на пример во Аеродром и Кисела Вода Арсов и Тодоровски да не се судат по судови, туку да почнат да работата можеби и ќе може нешто да се направи и во државава. Но, ние сме заложници на некои градоначалници што дошле сега, со локалните избори или пак сме заложници на бескрајни овде дискусии за предлози што доаѓаат а апсолутно не се приоритетите што се бараа од нас од Европската комисија.

Затоа реков, доколку навистина мислиме добро, тогаш ајде да ги ставиме, да ги запишеме петте приоритети што ги дава Европската комисија. Дали е тоа Изборниот законик, ајде за тоа да зборуваме. Дали е тоа законот за полиција, ајде тој закон да го донесеме. А не сега да зборуваме дали треба да ги враќаме, да речеме, предметите од Хаг па тука повторно делби да правиме или мора некој песна да ни напише дека Господ го пратил да ви ги смири делбите. А ние, Европската комисија рекла-за соработката со Хаг вие имате плус и тоа ви е добра работа.

За што треба овде да зборуваме? Ако е така, ако сакаме навистина да зборуваме за Европската комисија и Европската Унија дајте ги тие пет закони да ги одбереме и да ја завршиме работата. И така претседателот треба да оди, да ги изгласаме и готово. Да ги изласаме работите и да ги завршиме работите. Ние тука се убедуваме за работи што апсолутно немаат врска и не помагаат никому во Република Македонија.

И, она што најмногу ме погоди како граѓанин на Република Македонија, тоа е недовербата во државната и јавна администрација. Не множам да сфатам партија што претендира да дојде на

власт, прво, долго време ги оспорува вработените кои учествуваа во одговарањето на Прашалникот. Да не ве потсетувам наназад какви се изјави слушавме. Цитирам, од Мислењето што ВМРО-ДПМНЕ го има дадено по повод Изборниот законик, цитирам: "Во држави со долга демократска традиција, за државните службеници би можело да се смета како професионалци во државната администрација." Реченица добра. "Но, во држава во која од заменувањето на тоталитарниот систем со повеќе партиски систем измина еден кус период. Сигурни сме дека значителен дел државни службеници се рецидиви на тоталитарната власт. Ваквиот наш став е поткрепен и со фактот дека од вкупно 15 години повеќе партиски систем, 11 години на власт е партија која го признава континуитетот на тоталитарната комунистичка партија. Во тој период, партијата на власт ја екипираше државната администрација главно со партиски послушници и токму за тоа не веруваме дека непристрасно и професионални би ги извршувале задачите што ги поставува еден изборен процес. Сметаме дека треба да остане досегашнот решение".

Па, као мислите вие или што овие луѓе да очекуваат кога на избори се појавува некоја политичка партија што вака мисли за 90 илјади луѓе во Македонија? Или, како да се чувствуваат тие граѓани или како вие очекувате кога ќе дојдете на власт дека некој ќе помага во градењето на Република Македонија? Или мислите дека тоа зависи од партијата на власт? Па, јас сега можам да ви набројам 100 луѓе кои се вработени од ВМРО-ДПМНЕ кои се одлични вработени во државната администрација, помагаат и во прашалници и во се. Зошто фрлате сомнеж врз некои луѓе. Никој не ви го дал тоа право. Што да прават овие луѓе кога ќе прочитаат дека партијата што претендира да дојде на власт, со самопрогласен премиер, пратеникот, наш колега Груевски, што да очекуваат тие, што да прават?

Затоа, да не се обидуваме, тоа не можам да го сфатам па затоа молам ВМРО-ДПМНЕ мора да се ослободи од својата површна емотивна и кратковидна проценка. Да ги смири деструктивните страсти и да биде подготвена да ги прифати резултатите од изборите.

Бидејќи најмалку овде се зборуваше за предложениот закон, ќе ми дозволите да дадам барем некои мои размислувања во однос на неколку предлози.

Прво, го подржувам предлогот за учество на пратставници на држанвните службеници, на јавната администрација, прво, затоа што со Законот за државни службеници, што го донесе претходната Влада, пишува дека неговите активности со политичките партии јасно се дистанцирани во предложениот Закон. Затоа сметам дека и со она што се покажа за време на одговорите на Прашалникот и со континуираната одговорност во работењето, без оглед кој тоа се наоѓа на власт, мислам дека не треба да се плашиме и во огромната подршка на приближувањето на Македонија кон Европската Унија од 98% на граѓаните, мислам дека никој нема да се игра, не со сопствениот рејтинг, туку со рејтингот на Република Македонија. Затоа, не сомневајќи се во кредибилитетот на државните службеници, верувам дека многу работи ќе бидат решени на терен. Се разбира, спаѓам во онаа група на пратеници која се заложуваше за поголеми казни. Дали тоа ќе бидат измени во Законот за државни службеници каде би се пропишале некои работи или измени во Кривичниот зкаон, апсолутно ги подржувам предлозите што тука дојдоа.

Сите сме свесни, не може да се направи идеален закон или закон што може да спречи некого, без разлика што е пратеник од опозицијата да дојде во едно тетовско училиште и да скриши кутија. Во кој закон пишува дека тоа може да го направи? Но, задача е да законот има механизам тоа брзо да го направи.

После овие избори, за прв пат во Република Македонија има судски процеси. Едниот завршен, едниот трае, против луѓе, кои се дрзнале да ја загрозат демократијата во Република Македонија. односно највисокот право, правото на власт.

На пример, во Англија, за да го зголемат или подигнат одзивот на граѓаните, воведоа гласање по пошта. И, веднаш имаше фалсификат. Но, веднаш беа казнети. Не можете да смислите идеален закон со кој се ќе решите. Но, задача е на членовите на избирачките одбори, на ДИК, на органите на редот и оние кои ги спроведуваат изборите брзо да дојде до решени и санкционирање на оние кои се дрзнале да го нарушат изборниот процес.

Да зборувам малку за членовите, тоа се 73, 74 и 76, сите три на иста страница. Сум поборник за варијантата 20 дена пред изборите, бидејќи премногу сме ја исполитизирале работата во Република Македонија. Мислам дека еден месец е многу. И политичките партии ќе заштедат малку. Цените на рекламите се многу големи. Тоа е поврзано со медиумското претставување. Господинот Ѓорчев вчера спомна, тука е нормално, на пример за некој медиум, без разлика дали е печатен или телевизиски, надвор од Законот за радио дифизија да направи партија, да ги критикува другите партии дека не чинат. За нив е нормално тоа. Дека е нормално, дека некој мисли дека може да го крши законот. Тоа вчера господинот Ѓорчев го напомна. И, ни страм ни перде, тој истиот човек кој мисли дека може да го крши Законот за радио дифузија, а Советот за радио дифузија не реагира и тој мисли дека тоа е нормално да ги критикува другите партии дека не работат. А ние, 15 години, сите полтички партии овде вградивме голем дел на својата енергија, на својот приватен живот во градењето на Република Македонија. Но, некој мисли дека 15 години ќе седи, ќе заработува не знам како и ќе се појави така на политичката сцена.

Или пак за неправилностите, за избирачктие неправилности, на пример, во 1999 година,

можеби сте заборавиле, Тито се надевам памти, ама членовите на СДСМ многу добро знаат што се случуваше 1999 година и како ние поминавме на изборите 1999 година. Памтат и членовите, но памтат и граѓаните, па затоа политичките партии имаат различен рејтинг.

Затоа велам, членот 74, медиумското претставување, особено инсистирам, го повикува Советот за радио дифузија да преземе мерки и да реагира онака како што е тоа и со сегашниот Закон, а овде е потенцирано.

И, се разбира, она што најмногу погодува некого, а тоа испитување на јавното мислење. Дека мора, како што е овде напишано, така беше и порано, точно да се наведе кој го направил испитувањето, која институција, кој раководел, датумот, методологијата, големината и структурата на примерокот и нарачателот за да може да видиме и да добиеме слика зошто советникот на Груевски кога истражува има еден рејтинг ВМРО-ДПМНЕ, а кога друга куќа истражува има послаб рејтинг ВМРО-ДПМНЕ. И тоа треба граѓаните на Република Македонија да го знаат.

Затоа, уште еднаш ќе повикам до сите политички партии, не декларативно, туку конкретно, овде е местото каде што треба да им дадеме доверба на граѓаните дека изборите ќе бидат фер и демократски, дека тоа е приоритетот број 1 на Република Македонија во 2006 година, сите да се вградиме во добивањето на позитивната слика за Република Македонија, без разлика кој ќе биде победник на тие избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има доста за реплики.

Госпоѓо Лалчевска вие се пријавивте за реплика?

Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Навистина, во излагањето на колегата Макрадули може да се реплицира милион пати, затоа што 30 минути беше во кампања, а не во дебата за Изборниот закони. Но, како и да е јас ќе реплицирам за една работа за која што навистина не можам да премолчам, затоа што колегата Макрадули, очигледно сака, така му одговара, сака да заборави.

На почетокот на својот говор рече дека "ние сме позаслужни", значи мислеше СДСМ е позаслужна за кандидатурата на Македонија за членка во Европа. Меѓутоа , колега Макрадули, јас би сакала да ве потсетам на некои работи:

Прво, интегрирањето на Македонија во Европа е процес кој трае подолго. Тука се многу влади, многу пратеници итн. Значи, сите политички субјекти во Македонија постигнале консензус за оваа работа и го градат тој пат побрзо, побавно, меѓутоа го градат и се движат кон Европа. Вие не можете, навистина е срамно да станете и од говорница да кажете дека вие сте позаслужни, затоа што пак вашата политичка опција, колега Макрадули, во два свои мандати, во првиот и вториот мандат, заборави да направи нешто што е многу важно за она што го имаме денес за кандидатурата, односно заборави на нешто што се вика Договор за стабилизација и асоцијација, што една друга Влада, во која не бевте никако вие, туку беа партиите кои се сега во опозиција, на 9.04.2001 година го потпишаа тој Договор за стабилизација и асоцијација, а од вашата политичка партија, една добра група на пратеници тогаш во Брисел отпатува да лобира да се одложи потпишувањето на тој договор. И, ако по некоја случајност тоа ваше лобирање успееше, вие ни малку ни повеќе процесот на интегрирање на Македонија ќе го поместевте за неколку години. Верувам дека сега ние ќе бевме во фаза на стабилизирање и асоцирање, а не во фаза Македонија земја кандидат за Европската Унија.

За тоа немојте да подзаборавате на факти што се очигледни, затоа што граѓаните навистина паметат. Меѓутоа, ги паметат и овие работи. Не можете ви да ги лажете и да им фрлате магла за тоа што немаат кратко памтење, како што сакате вие да направите. Ако продолжите така да лажете и фрлате магла, сигурно веќе сте ги загубиле изборите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Па добро, јас нема да користам такви зборови, не се на моето ниво.

Што е разликата? Вие го потпишавте, ние го имплементиравем. Реков, не спаѓам во групата на политичари кои мислат дека сите сме заслужни за ова. Како последица на Договорот за стабилизација и асоцијација беше имплеметацината на Охридскиот рамковен договор. Колку пати или колку закон гласавте вие од Охридскиот рамковен договор? Одговорете на тоа прашање. Заради тоа што го имплеметиравме Охридскиот рамковен договор го завршивме делот за стабилизација и асоцијација и станавме земја кандидат. Тоа е големата разлика.

И, никој овде не лаже. Народот добро знае. Господинот Црвенковски беше на потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација, а сега не фрламе магла ние, туку вие, а не јас.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китаноски, три минути реплика.

**Илија Китаноски:** Господине Макрадули,

Јас очекував, како координатор на пратеничката гурпа на СДСМ во својот 45 минутен говор, барем половина час да зборувате, добро нека е и помалку, 2/3 да посветите на законот, законот што е предмет на расправа. Меѓутоа, за жал вие 2/3 зборувавте за ВМРО-ДПМНЕ, за лидерот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски. Очигледно дека сте опседнати и со ВМРО-ДПМНЕ и со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Јас ве разбирам, ве жалам, ама не можам да ви помогнам. Можеби да сум на ваше место и јас би бил така опседнат. Имате и зошто да бидете опседнати. Ама, тука помош нема. Помош, само изборите, здравје, тогаш ќе ви помине таа опсесија.

За конкретните работи на кои што морам да реплицирам, дека се фрлаат дрвја и камења на законски одредби каде што членови, што ги предлагаат партиите од опозицијата кои освоија најмогу пратнеици, партии од опозиција кои освоија најмногу гласови на последните избори се членови во избирачките одбори и дека тоа било проблемот за проблемите што се јавувале во изборите, мислам дека самите избори и локални и претседателски и парламентарни, без разлика кога биле дали 1999 , 2005, 2004, 2002 парламентарните и 1998 покажуваат дека не е така. Значи, причината не е тука.

А, она што ние не сакаме, а што вие се обидувате преку овој предлог да го пласирате, дека под плаштот на "експерти", под плаштот на јавна администрација партиските јуришници на СДСМ и само на СДСМ и на Владеачките партии да бидат во избирачките одбори и на тој начин, помалку или повеќе, но битно е да го подготвувате народот за еден тивок, мек или потврд фалсификат на наредните избори. Тоа е она од што стравуваме и поради што не се согласуваме. Под плаштот на службеници во државната администрација, знаеме дека на службениците полесно може да се влијае одколку на било кои други луѓе, затоа што и кариерата и работното место и воопшто секојдневната активност им зависи од тоа.

Што се однесува до анкетите и влијанието на партиите, навистина рејтингот, не знам по која анкета, веројатно последната во која што не веруваат ни вашите членови каде што вие сте нарачател како политичка партија, не сакате да го признаете тоа, а на предходната анкета нарачател е УНДП, меѓународна организација. Ниту ВМРО-ДПМНЕ порачала, ниту барала резултати. Вие, последната анкета ја порачавте, но за жал ги порачавте и резултатите на таа анкета и така ви беа сервирани за да со анкетата влијаете на јавното мислење. А, анкетите обично се прават за да се види јавното мислење. Вашата анкета, за жал, беше за со неа да влијаете на јавното мислење . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китаноски.

Повелете господине Стојаноски имате три миниути.

**Блаже Стојаноски:** Една реплика што се однесува на законот. Мислам дека ова се префрли на друга почва, повеќе на почвата на изборната кампања што сеуште не е почната, но како што гледам се најавува нејзиниот почеток.

Навистина, чудно ми е што претставниците на ДПМНЕ и координаторот на СДСМ толку многу се расправаат за анкетите, а толку лесно се договараат кога треба да ги услогласуваат ставовите во меѓусебните контакти, затоа што 12 предлози до ВМРО-ДПМНЕ 9 има прифатено СДСМ, како што слушаме. Затоа излегов овде да реплицирам во делот што беше искажан од господинот Макрадули а се однесува на прифаќањето на предлогот за избор на претседател на ДИК да биде од опозицијата, со согласност од позицијата и за потпретседател на ДИК од страна на позицијата, со согласност на опозицијата.

Не знам на кој начин ова решение би го одбраниел, затоа што, прво, вашата заложба за прфесионализација на изборните органи не кореспондира со овој предлог.

Понатаму, ова изместување на одлучувањето од Собранието, затоа што знаеме дека Собранието со 2/3 мнозинство може да одлучува за важни прашања како што е прашањето за избор на претседател на ДИК, надвор од него, тоа значи во договор помеѓу политичките партии.

Трета работа, што ако политичките партии кои освоиле најголем број на гласови на последните избори не ги усогласат своите ставови помеѓу себе за избор или за предлог на личност за претседател на ДИК? Зборувам за ДПА, зборувам за ДПМНЕ, зборувам за сите останати политички партии кои освоиле најголем број гласови на последните парламентарни избори.

Што доколку нивниот предлог не биде усогласен и прифатен од страна на сите политички партии кои се дел од владеачката коалиција, на кој начин ќе се реши прашањето за избор на претседател на Државната изборна комисија доколку не се постигне согласност? Која е алтернативата? Дали тоа ќе значи запирање на процесот на реализација на парламентарните избори?

Значи, многу прашања и многу работи кои фактички не можете да ги решите. Јас сум сигурен дека ова прашање не можете да го решите, кое ќе биде прашањето, мора да има некој друг начин на избор на претседателот на Државната изборна комисија доколку овој начин не се реализира.

Значи, треба во законот да стојат алтернативи кои ќе го рушат самиот концепт на составот на Државната изборна комисија затоа што не можете за претседателот на Државната изборна комисија да зборувате надвор од контекстот на состав на Државната изборна комисија. Не може составот да биде професионален од истакнати претставници од државната администрација, а изборот да биде со согласност меѓу позицијата и опозицијата. Се замајува само јавноста со прашања кои не се толку значајни затоа што гласот на претседателот на Државната изборна комисија ќе биде без значаен, а неговото значење ќе биде само во поглед на завршувањето на седниците.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули повелете една минута.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, очигледно кога четири опозициони партии имаат четири различни мислења, а сите го обвинуваат СДСМ за унакрсна коалиција со различните од нив е најдобар доказ дека ова што се предлага е компромис и задоволување на сите барања што можат во овој момент да се случат. Во Република Македонија пред сите парламентарни избори како и сега седнаа политичките партии да се

договараат и да го најдат решението, бидејќи не можеме да направиме идеален закон кој ќе ги задоволи сите барања, да најдеме закон кој ќе биде врв или задоволство на незадоволството од сите, компромис на незадоволството. Затоа мислам дека сме на добар пат и секоја политичка партија треба да придонесе во целиот процес. Затоа кога има средба со опозиционите партии ќе прифати клучно барање како што вели една опозициона партија, мислам дека тоа треба да се почитува и тоа води кон решавање на овој проблем. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева имате три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, најпрвин мора да го кажам мојот протест од име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ што дозволивте во овој Парламент половина час митингашки говори да се држат и да се спомнуваат имиња во овој Парламент на граѓани членови на партијата на ВМРО ДПМНЕ кои не се присути во овој Парламент. Тоа е во однос на принципиелноста.

Сега, во однос на тоа што господинот Макрадули си ја самопрогласи СДСМ како позаслужна за кандидатскиот статус. Со ваквото промовирање на неговата партија како главна локомотива на патот кон Европската унија го згази трудот на сите претходни влади кои многу направија за овој процес за евроинтегрирање на Република Македонија и на сите граѓани на Република Македонија кои со години наназад ги трпат реформите во името на нашите европски интеграции. Ќе го потсетам само дека претходната Влада беше прогласена како најдобра Влада, најреформска Влада од сите посткомунистички земји, тоа е заради тоа што спроведе најмногу реформи во областа на економијата, тоа е заради тоа што направи денационализација која вие во моментот ја кочите најреформската и најевропска Влада. Таа Влада го склучи Договорот за стабилизација и асоцијација и цело време пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ се држи токму до тој Договор за стабилизација и асоцијација, цело време се обидуваме законските решенија да ги подобриме во духот на европското законодавство и во духот на исполнување на тие обврски од Договорот за стабилизација и асоцијација, вклучувајќи го и Рамковниот договор, а бевме против и цело време ќе бидеме против вашето слободно толкување на одредбите од Рамковниот договор, погазување на одредбите од Рамковниот договор и правење на некаков нов Охридски Рамковен договор врз основа на кој вие носевте законски решенија во овој Парламент.

Чист пример колку вие работите проевропски, колку се грижите за европската перспектива еве сега ќе го разгледуваме законот за слободен пристап до информациите, три години ја замајувате македонската јавност дека правиме нешто, се трошат пари на Европската унија, на Советот на Европа, на Европската комисија, доаѓаа експерти од таму за да целиот труд на сите граѓани во Република Македонија, на невладините организации го фрлиле во вода и си донесете закон онаков како вие сметате да не им овозможите на граѓаните слободен пристап до информациите. Тоа ќе ја чини Република Македонија со негативни поени, тоа го правите вие господине Макрадули, а не ВМРО ДПМНЕ како опозиција.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо, само една работа сакам да спомнам госпоѓо Бонева, вие имате право да протестирате, тоа право никој не ви го ускратува, тоа ви е легитимно право како пратеник, ако не сте задоволни.

Но, во врска со принципиелноста ќе ви оставам малку време да размислите, бидејќи јас својот став го кажав во врска со таа принципиелност и вашиот заеднички протест со групата околу вас и пријателите мои пратеници.

Повелете господине Макрадули една минута.

**Јани Макрадули:** Очигледно треба да реплицираме повторно за нешто што викате дека не сум зборувал. Сега, за законот за слободен пристап на информации, вие знаете како ќе биде донесен и знаете кои амандмани ќе бидат прифатени, па дали ќе бидат согласно ЕУ или не. Тоа е добро визионерство и така мислите дека ќе победите на избори. Ако ние сме имале свое толкување на Охридскиот рамковен договор и ако сме имале свое толкување во врска со Договорот за стабилизација и асоцијација зошто Европската комисија не вреднуваше позитивно и ни даде статус кандидат? Јас не зборувам за претходните влади, зборувам за овој парламентерен состав. Ќе ви кажам овде од говорница дека Законот за територијална организација е добар дека нема да ја подели Македонија и ќе не приближи до Европа, а вие ќе не обвинувате за предавници, ќе ми вадите летоци во затвореничка облека е, затоа велам дека сум позаслужен од вас.

Кога ќе ви речам дека Законот за употреба на симболите на заедниците треба да го донесеме, тоа ќе не приближи до Европа, вие ќе речете не, тоа ќе не раскара ама нема да се случи, Европа ќе не пофали и затоа велам дека сме позаслужни од вас.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец вие сте последен за реплика.

Повелете имате три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Добро, јас на некој начин ќе се совпаднам со она што го кажа Блаже Стојаноски затоа што кога се пријавив тоа ми беше идеата.

Мислам дека во излагањето на господинот Макрадули што се однесува до законикот би требало да има поголема доследност односно неговата заложба што е препорака на ОДИХР за професионално работење, професионалност во изборниот систем требаше да ја продолжи до нивото на претседател на Државната изборна комисија. Не можете со еден таков став сега да го оправдувате она што во име на некаков компромис е направено опозицијата да предлага

и не знам што да се прави, која е таа дефиниција која е дефинирана и на кој начин.

Второ, кој ви дал право воопшто и дел од позиција и дел од опозиција да се пазари вон институционално на овој начин го рушите легитимитетот и ваш и мој како пратеници, ние сме народни избраници овде, претпоставувам дека држите до вашиот легитимитет колку јас до својот и не може претседателот на Државната изборна комисија да биде предмет на пазарење, па тогаш нека седнат тие лидери на Бит Пазар каде продаваат петарди и шверцувани цигари, а не во Клубот на пратениците за да пазарењето биде поочигледно.

Со други зборови бидете консеквентни и конзистентни до крај ако се залагате, јас се залагам за професионалност и воведувањето на државната и јавната администрација, тогаш треба и претседателот на Државната изборна комисија на многу поадекватен начин да биде избран за да ја потврди својата легитимност како личност која е вон политичка. Благодарам.

(во 17.11 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија ).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика од пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, јас во своето излагање реков дека е прифатен предлогот, се предлага претседателот на Државната изборна комисија од страна на опозицијата, но треба да се види со какви механизми да го извадиме тоа да биде во законски, уставни и правни рамки. Не бегам од тоа дека треба да го направиме тоа, но јасно од друга страна СДСМ ја изрази својата политичка волја дека е подготвен да се вклучи во процесот на фер и демократски избори со прифаќање на барањето од опозицијата. Тоа е јасниот сигнал што СДСМ го прави. Останува сето тоа да се стави, се разбира, во правни рамки и да биде согласно законите во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседател, почитуван претставник на Министерството за правда, почитувани колеги, на вториот ден од расправата за изборниот законик, граѓаните имаа можност да ги слушнат нашите предлози и сугестии за нешто што треба да ја потврди демократијата во Република Македонија, за она што ќе даде шанса оваа наша држава да живее со европската фамилија, а условена токму со овие избори.

Пред нас е уште еден сериозен потфат. Дури и сигналите од меѓународниот дипломатски кор се јасни дека изборите мора да бидат согласно сите демократски мерила и норми.

Сакале да признаеме или не црвеното светло е вклучено, а целта е да се стави крај на досегашните избори кои беа за осуда.

Што се однесува до Ромскиот електрорат општо сознание стои дека во процесот на изборите беше злоупотребен. Во овој контекст сметам дека теоретското определување на нашиот систем во однос на правата кои се загарантирани на сите заедници не треба да се остане само како декоративен состав на Уставот на Република Македонија. Впрочем во 21 век третманот кон Ромите во Европа е многу важен показател во мерењето на корпусот на човековите права. Такви сигнали се дадени и за нашата држава. Обединета и демократска Европа која ги почитува правата на малцинствата започна да работи со почит кон Ромите, афирмирање на нивната автентична култура дури и признавање на Ромскиот народ, а сето тоа во рамките на борбата за еднакви права.

Пораката на Европската унија како и на Канцалариjата на комесарот за човекови права на Советот на Европа господинот Алаваро Гиробле, во неговиот извештај од 4 мај 2005 година напиша за состојбите на човековите права на Ромите, Синтите и Чергарите во Европа дека без интегрирање на Ромите во демократските процеси на земјите аспиранти за членство во Европската унија не е можно потполно исполнување на стандардите на европското општество.

Факт е дека Република Македонија се соочува со многу општествени проблеми кои влијаат на мулти етничкиот амбиент.

Еден од тие проблеми е претставувањето на заедниците на локално и централно ниво. Тука тврдам дека себично и декларативно се ангажираме да се има соодветна застапеност на заедниците кои се помалку од 20%. Реалната шанса денеска е голема токму со овој изборен законик кој деновиве го мобилизира целосно вниманието на граѓаните. Тврдам дека Македонија има силен државнички потенцијал да фундира еден закон кој ќе ја потврди определбата на сите граѓани спрема општите и демократски правила.

Почитување на гласот на граѓанинот, неговите определби и создавање на можности за избор на свои етнички претставници како основен принцип на потврдување на индивидуалниот и колективниот идентитет е природно право кое не може да се одземе.

Изминатите години преку политичките зданија и медиумите беа пласирани најразновидни говори, презентации, извештаи и ставови во врска со злоупотреба на изборите. Сознанијата говорат дека изминатите изборни циклуси ромските гласови беа искористени за ситни интереси кои понатаму придонесуваа оваа етничка заедница да биде ставена на најнизок ранг на секоја општествена област. Изборот на не ромски претставници кои треба да ги претставуваат Ромите е резултат на злоупотребата на

сиромаштијата на Ромите и претставува најфлагрантно осакатување на демократијата и на успешниот развој на било која заедница. Нема демократија и права на заедниците без можност на избор на свои претставници на локално и централно ниво според сопствената совест и убедување.

Остварувањето на човековите права на Ромите не е можно без давање целосна шанса за вклучување на Ромите во демократски избраните институции и на системот. Би сакал да ја истакнам неопходноста Ромите да бидат повеќе политички етаблирани во македонското мултиетничко општество.

Се надевам дека проблемите кои постојат наназад ќе му припаднат на минатото, но и тоа нема да се случи ако токму сега не придаваме сериозен и конструктивен ангажман со конкретни предлози врз основа на искуствата од минатото.

Во таа насока ги давам следните забелешки во однос на Предлогот за донесување на изборниот законик.

Во делот на основните одредби би сакал да се осврнам на членот 3 точка 2. Имено, во текстот кој го имате е предвидено во Собранието на Република Македонија се избираат 120 пратеници, впрочем она што го имате пред вас во однос на членот 3. Токму во однос на овој текст предлагам членот 3 да се дополни со нова точка 3, а точката 3 да стане точка 4, како и точката 4 да стане точка 5.

Новата точка 3 предлагам да гласи:

Покрај 120 пратеници кои се избираат од 6-те регионални единици во Република Македонија по пропорционален модел се бираат и дополнителни 12 пратеници по мнозински модел на територија на Република Македонија како една изборна единица за избор на пратеници од заедниците кои во Република Македонија се помалку од 20%. Впрочем ова се совпаѓа и со предлогот на мојот колега Кенан Хасипи.

Почитувани колеги дозволете ми сега да го аргументирам мојот предлог. Согласно Уставот како и Охридскиот рамковен договор Република Македонија е држава на сите нејзини граѓани односно етнички заедници и оттука е нужно во законодавниот дом истите да имаат свои легитимни претставници.

Поаѓајќи од официјалните статистички податоци за учеството на сите малцински заедници роми, турци, срби, бошњаци, власи и други во вкупната популација на Република Македонија, а која изнесува 10% барам истиот процент да биде запазен и во структурата на законодавниот дом како би се потврдиле дека во Република Македонија нема асимилаторска и дискриминаторска политика на тивко уништување на мултиетничноста на државата. Со други зборови вкупниот број на пратеници би бил 132 пратеника од кои 12 би биле пратеници од страна на малцинските заедници кои се помалку од 20%.

Со овој предлог се води сметка и за интересите на мнозинските заедници односно не се врши упад во застапеноста на мнозинската заедница во Република Македонија, тука мислам на другите 120 пратеници од составот на идното собрание.

Понатаму, во врска со членот 6 од делот на текстот кој се однесува на правото за избор и да се биде избран. Во истиот член точка 2 предлагам да се прошири што се однесува до критериумите наведени во точка 2 и да се додадат следните критериуми.

Кандидат за советник, градоначалник и пратеник не може да се избира доколку има една година затвор за кривично дело врз основа на Законикот за кривична постапка.

Понатаму, кандидат за советник, градоначалник и пратеник не може да се кандидира доколку нема виша и висока стручна подготовка. Токму кандидатите кои не ги исполнуваат горе наведените критериуми и се индивидуи без интелектуална и морална позадина се главни иницијатори и протагонисти во изборни не регуларности и би биле лоши народни избраници. Впрочем, тоа од минатото го имаме и на терен искуствено и сметам дека овие основни критериуми можат да придонесат за селективен однос кон народните избраници.

Понатаму во делот на надлежностите на избирачките одбори во точка 1 во однос на членот 39 во точка 1 покрај изборните одбори за законито спроведување на изборите треба да се грижат и овластените службени лица од Министерство за внатрешни работи на начин предвиден со претходно изготвено упатство за работа кое ќе биде евалуирано од сите мониторинг организации.

Мислам дека локалните избори во Шуто Оризари барем за нас и за сите оние кои ги доживувале во шесте изборни круга претставуваат едно огромно искуство во однос како понатаму треба да ги спроведуваме изборите кои што треба да ги задоволуваат пред се граѓанските интереси. Од тие причини сметам дека полицијата треба да земе активно учество во однос на следењето на гласањето, а правото на слобода за гласање секако дека граѓаните ќе си го задржат.

Во однос на овој член, значи избирачкиот одбор се грижи за законитоста и спроведување на изборите. Сметам дека тука треба да стои: избирачкиот одбор и претставниците на Министерството за внатрешни работи се грижат за законито спроведување на изборите, тоа значи да земат активно учество.

Во делот на медиумското претставување, односно работата на јавните гласила и во духот на рамноправниот пристап предлагам во членот 74 да се инкорпорира клаузула која ќе обезбеди минимум 10% од вкупната платена политичка програма и биде посветена на кандидатите од редовите на малцинските заедници.

Во делот на обезбедување на гласачките места со член 102. Во член 102 од изборниот законик би сакал да го свртам вашето внимание на следниве

мои препораки. Имено, поучен од искуството од минатите изборни циклуси препорачувам Министерството за внатрешни работи активно да ги обезбедува гласачките места и да го одржува редот и мирот на истите, а притоа да не дозволи да биде попречена работата на избирачките одбори и правото на избор на граѓаните согласно со Уставот.

Почитувани колеги, ве уверувам дека ваквата мерка ќе доведе до апсолутна стерилизација од несакани изборни нерегуларности на гласачките места во екот на изборите од криминогени групи. Тука секако оставам простор за можноста од целодневно набљудување на изборите од страна на домашните и меѓународните монитори, посебно тука акцентот е на мисијата на ОБСЕ, ОДИХР.

На крај, да го завршам моето излагање за делот за казнените одредби. Со предложените казнени мерки наместо да предизвикаме одбојност и страв кај потенцијалните прекршители на изборниот циклус, ние оставаме простор со плаќање на парични казни да ни се уништи европската визија. Од тука предлагам ригорозни санкции во делот на казнените одредби за да не ни се случи синдромот на Шуто Оризари. За тие што ќе се осмелат да го нарушат изборниот процес, изборната кампања, текот на изборите на денот на гласањето и вршат притисок на изборните органи од било кој тип да се изречат по скратена постапка кривични казни во траење од една до 10 години затвор во зависност од тежината на делото. Со тоа ќе ги демотивираме насилниците, а воедно и сите нарачатели на изборните нерегуларности. Од друга страна како демократска држава ќе дозволиме на нашите ценети сограѓани да излезат на избори достоинствено, гордо и без страв од можни инциденти. Со тоа ќе оставиме впечаток за нашата сериозна определба да го ставиме во минато балканскиот изборен примитивизам и да зачекориме во сигурни европски води.

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, претставник на Владата, ви благодарам на вашето трпение со кое ме следевте.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Внимателно го слушав колегата Неждет Мустафа и сакам да истакнам дека тој даде повеќе добри сугестии како да се подобри текстот и решенијата во законот во втората фаза. Меѓутоа малку сум збунет и сакам да разјасниме еден од неговите предлози кој јас вака го разбрав, дека луѓето што не завршиле вишо или високо образование да не можат да бидат кандидати за пратеници. Ако правилно сум го разбрал, тогаш би истакнал дека таквиот предлог не можеме да го внесеме во законот бидејќи е против уставен. Уставот на Република Македонија му признава и активно и пасивно избирачко право на сите полнолетни граѓани. Затоа мислам дека таква одредба во законот не можеме да ја ставиме, бидејќи со закон би се вмешале со поинакво уредување на избирачкото право од она што е дадено во Уставот. Инаку, за другите искажувања на господинот Неждет Мустафа немам забелешки, мислам дека се корисни и експертите треба внимателно да ги проучат и ако можат да ги внесат во текстот на законот, а ние овде ќе оцениме после по конечната форма како ќе се однесуваме.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Славе Арсовски.

**Славе Арсовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер за правда, почитувани колеги, еве втор ден дискутираме за изборниот законик, веројатно и утре и понатаму, закони кои што ќе регулираат една проблематика во нашата земја од кои што имплементацијата на истиот во многу нешта ќе зависат идните состојби што ќе се случуваат во нашата земја, а од друга страна пред се имајќи го фактот, или имајќи го пред себе кандидатскиот статус за членство на нашата земја во Европската унија, а токму овој изборен законик треба да ги регулира и да ги пропишува правилата за наредните парламентарни избори, па понатаму претседателски, локални и тн. И до сега некои од моите колеги истакнаа дека во овој изминат период на плурален систем во Македонија дека биле директни или индиректни учесници во изборните циклуси. И јас сум еден од тие кои што подолго време сум бил директен учесник во изборни циклуси, дали тоа биле локални, дали тоа биле претседателски избори, или парламентарни и за жал можам да констатирам дека во тие изборни циклуси во некои од нив најмалку имало демократија, најмалку се употребувал зборот фер, односно самите изборни циклуси наличувале на нешто што е спротивно на еден цивилизиран свет. И поради тие причини затоа даваме голема важност токму на донесувањето на овие правила кои што за жал некој треба да ги имплементира. Не би сакал многу да зборувам за целиот изборен законик.

Јас би се задржал на неколку одредби, односно повеќе на оние кои што ги спроведуваат изборите, а тоа се фактички ДИК, регионалните и општинските изборни комисии, а посебно избирачките одбори. И веднаш ми се враќа филмот да ви кажам искрено на 1999 година некаде после парламентарните избори во 1998 година први избори кои што се организираа тоа беа вонредните локални избори за градоначалник и членови на Советот во Општина Гостивар. После преземањето на власта на централно ниво од страна на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и ДА тогаш се организираа прв пат вонредни избори и токму како директен учесник во истите ја осетив суровоста, односно недемократијата во спроведувањето на истите избори, односно насилието. Можеби имало неправилности и во изминатиот период, иако јас тврдам дека најрегуларни избори биле во 1990 година, ви тврдам сигурно и покрај тоа што викаме и 1998 и 2002 имало регуларни избори. Во 1990 година беа

најрегуларните и најфер демократски избори кај нас. Да се вратам на вонредните локални избори во Гостивар она што се случи би кажал најмалку личеше на некои избори. Невидено насилие каде што токму сакам најповеќе да се задржам на прашањето, односно на избирачките одбори. Тука се крои целокупната политика, тука се прави насилието и тн. кое што го прават за жал партиските војници. Ќе кажам зошто избираките одбори треба да бидат деполитизирани. Тогаш несфатливо ми беше да ви кажам искрено во едно изборно место 404, или 405 во селото Чајле етнички гласачи Албанци исклучиво во таа борба помеѓу ВМРО и ДПА, во едното изборно место 100% е извршено гласањето, кутиите беа наполнети, или експлицитно кажано 100% и тоа наполнети за кандидатот на ВМРо-ДПМНЕ. Несватлива ситуација. Нашите членови, претставниците од нашата коалиција тогашна едноставно беа избркани, односно затворени во некој подрум. И затоа ви кажувам дека избирачките одбори се главните носители на се она што се случува. Да не зборуваме, јас да ви кажам, да не е човек во кожата на господинот Тито Петковски она што ни се случи во 1990 година. Тоа не беа избори, тоа беше војна. И неслучајно оние бројки што некој ги кажува 103% и тн. токму го направија, не го направија да речеме некои други луѓе, го направија точно претставниците на политичките партии како партиски војници во избирачките одбори. И затоа велам централното место во целокупниот овој материјал на овој изборен закон се нека е добро напишано и се нека тече како што треба, ако на денот на изборите на избирачките места имаме такви линости, односно партиски војници тешко може да стане збор за фер и демократски избори. Вие знаете и во 2000-та година на локалните избори кога се пуштија од затвор разно разни криминалци кои што се вклуија во избирачките одбори, едноставно немоќни беа некој да ги спречи во она што се вика полнење на кутиите. Ќе застанат тие боди гарди кои што се по метар во плеќите и едноставно ги ставаат ливчињата, а другите се немоќни. Тоа се партиските војници, ќе им дадат по 200, 300 евра и тие ќе си ја извршат задачата онака како што ќе им кажат нивните претпоставени. Затоа велам во делот на овие структури вклучени во самиот изборен процес ДИК, неслучајно покажа голема доблест и претседателот на СДСМ и актуелниот премиер со прифаќањето на предлагање на претседателот на ДИК да биде од страна на опозицијата. И нека биде. Да ви кажам искрено, овде во ДИК се пропишуваат или правилата, или техниката како се треба да се сработи. Тешко ако дојде до жалби и поплаки од изборните места и да решава ДИК. Тогаш, вие сметајте дека нема фер и демократски избори, ако и ДИК и општинските изборни комисии, или Врховниот суд ако одлучуваат по жалби и поплаки, она што се случило на самото изборно место, да знаете и треба да бидеме сигурни дека нема фер и демократски избори. И во тој контекст го кажувам истото дека целокупните овие структури од ДИК, регионалните изборни комисии и општинските изборни комисии исклучиво треба да се департизираат. Имаме доволно квалитетни и судии и правници и адвокати кои што не се партиски дозирани и таквите треба да застанат во овие структури, а не да предлагаат политичките партии свои партиски војници кои што првенствено ги штитат партиските интереси, а не ги штитат државните интереси, а изборите се државен интерес. И во овој контекст државен интерес каде што ни укажуваат од страна на претставниците на меѓународните институции дека токму овие избори може ќе го дадат придонесот за одредување на датумот за преговори. И затоа тука треба да се деполитизираат тие претставници. И токму сега одиме и на изборните места, односно избирачките одбори, државната администрација треба да ги пополнува овие изборни места. Мислам дека не држат констатациите од страна на опозицијата дека цела државна, или јавна администрација е партизирана, односно е на страната на СДСМ. Камо среќа ако навистина стотина илјади вработени во здравство, образование, јавни претпријатија навистина да се на СДСМ. Тогаш не треба да се секираме за резултатот. Стотина илјади вработени по 4, 400 илјади гласа, добиени се изборите. Навистина не држи таквата констатација која што претходно ја истакна колегата Илија Китановски во репликата на Јани Макрадули. Значи, по тој основ го кажуваме тоа, а да не одбегнеме од фактот дека токму најповеќе вработувања имало во периодот 1998 до 2002 година. Ако членството на СДСМ најповеќе нас ни забележува, е токму тоа што велат: зошто не вработувате? ВМРО многу вработуваше и навистина така беше. Вие знаете дека во 2002 година во јуни месец се прекинаа преговорите со ММФ, тогашниот минситер за финансии Никола Груевски ги прекина преговорите, да нема контрола на трошењето на средствата и во вработувањата. Јани истакна 500 вработувања во Електростопанство. Кога се кажа бројката дека таа година се вработија над 7000, претпоставувате чии биле тие вработувања, ако гледаме по партиска гледна точка. И затоа таа констатација не држи и затоа избирачките одбори апсолутно треба да бидат не претставници на политичките партии, туку претставници на државната и јавната администрација. Јас да ви кажам искрено во овој изборен законик предвидени се некои казни. Државните службеници ако направат некои неправилности во текот на гласањето како членови на избирачки одбори, а претставници на државната и јавна администрација, да ви кажам искрено тоа треба да биде санкционирано како тешка повреда на работната дисциплина и да има некоја одредба каде ќе се предвиди прекин на работниот однос. Навистина таа функција треба да ја сфатат во интерес на државата, онаа држава што ги плаќа, а не да речеме во интерес на некоја партија. И затоа велам, ако имаме претставници во тие избирачки одбори од страна на партиите, а претежно тие претставници ги предлагаа или

најрадикалните струи, или личности кои што застануваа во тие избирачки одбори, кои што се склони за одреден интерес да направат нерегуларност која што нерегуларност ќе има негативни импликации се разбира по сите основи. И затоа предложеното решение, иако е алтернатива, лично апсолутно го поддржувам дека конечно треба да расистиме во делот на спроведувњето на изборите, или тие изборни циклуси дека тоа е државен интерес, а не партиски интереси. Партиите се борат да си дојдат на власт, не ги бираа некогаш и дозволените и недозволените средства и токму во бирањето на истите средства често пати ги предлагаат таквите свои членови кои што се најрадикални и така постапуваат.

Понатаму, за успешни избори мора да постои политичка волја кај партиите. Ако лидерите на партиите, или партиските врхушки навистина се заинтересирани да има фер и демократски избори, бидете сигурни дека тоа може да се направи. Ако политичките лидери, или политичките врхушки во борбата да дојдат до власта го забораваат интересот на државата, тогаш ние не можеме да очекуваме фер и демократски избори. Лоши се изјавите од тој тип, од сега некој седна на премиерската функција и тој не бираше средства, да се оправда пред своите членови. Што утре ако неговата партија не добие и тој не седне на премиерската функција. Нормално, паѓаат политики глави, ќе се менува од лидерското место и тн. Тоа е опасната теза. Такви изјави не одат во прилог на ова што викаме сите, е ова е државен интерес и сакаме да имаме фер и демократски избори, ги прифаќаме препораките од сите меѓународни институции, ама да седнам јас на таа фотеља, не бирам средства. Тогаш, нема фер и демократски избори. И за жал цехот ќе го платат сите граѓани во Република Македонија. Токму таа политичка волја мора да биде до крај изразена на сите политички субјекти, на сите политички партии, ги има многу. Доволно е една политичка партија да нема добра политичка волја и доволно да ги "дресира" неколку свои партиски војници таканаречени криминалци, да речеме, кои што ќе направат упад во неколку изборни места и доволно е оценката да биде негативна. И кој изгубил? Сите. Изгубила Република Македонија.

Негативни оценки, како што имавме и досега, како што беа локалните избори, кај дел од локалните избори, претходно претседателски избори и т.н. Значи цехот ќе го платиме сите. Затоа сите политички лидери, нивните политички врхушки, во целокупниот период треба на таа тема да работат. Нивниот поединечен и партиски интерес треба да го стават во втор план, бидејќи сега сме во специфична состојба. Сега сите нас не набљудуваат дали сме цивилизирано племе или заради поединци криминалци сме племе типично за некоја афричка држава. Поединците тоа ќе ни го донесат. Тие не мислат. За одреден интерес, дали добил 500 или 600 евра, подготвени се се да направат. Затоа тука улогата на полицијата е многу битна.

Во членот 102, некаде, пишуваше за улогата на полицијата и вели: "По барање на избирачкиот одбор може материјалот да го прати од изборното место до општинската изборна комисија". Не може, туку мора. Можат одејќи некаде таквите луѓе да се јават едноставно да направат раскол и оценката е таа.

Во делот на набљудувањето, мора да има набљудувачи. Тука партиите треба да сфатат, ако јавната државна администрација е вклучена во избирачките одбори, партиите не се на страна од тој процес. Тие имаат право преку своите набљудувачи да учествуваат во истиот процес и да даваат свои забелешки. Што е тука страшно оваа администрација да не биде вклучена. Навистина незнам што е страшно. Велиме ќе биде партизиран избирачкиот одбор, ама нема да биде партизиран ако предлагаме партиски војници. Навистина тука е грешка во ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како таков треба да се корегира.

Околу набљудувањето би сакал да истакнам и тоа дека, ако се направи анализа, има некаде 200 или 300 изборни места каде во континуитет, за жал, се полнат кутиите. Немојте да мислите дека не се наполнија во 1998 година или во 2002 година. Се наполнија. Можеби не во 200, може во 50 и 60 се наполнија. Навистина треба да се води сметка, како што треба да се води сметка и за тоа гласање 1 за 10. Тоа е појава, мораме да признаеме, се случува и не можеме да ја одбегнеме. И ако имаме странски набљудувач кој ќе го утврди тоа, не можеме ние да очекуваме дека тој ќе напише дека се е во ред. Ќе забележи. Мораме тоа да го искорениме. Токму во овие изборни места потребен е целодневен пристап на странски набљудувачи на изборните места.

Понатаму, во избирачките одбори, добро е, мое мислење е, во тие избирачки одбори, ќе видиме во втората фаза како тие ќе се составуваат, дали ќе преовладува ставот за партиски претставници, или ќе биде ставот, тоа да биде од државната јавна администрација. Не мора од локалното место да има претставници во избирачките одбори. Ако треба да се донесат од страна, да се најде некој модел. Ако треба од Тетово нека дојдат во избирачкиот одбор во Дуф или во Скопје, да не ги знае населението. Честопати во тие мали места локалните шерифи се главни, па се знаат, па те пропушта без лична карта и т.н. Тука навистина треба да се води сметка, навистина да ја одбегнеме и минималната опасност, нешто што не треба да се случи.

Понатаму во делот на медиумите би сакал да кажам дека е битен фактор и навистина тие треба да известуваат така како што пропишуваат правилата, а не некого да го оцрнат, а некого да го пофалат. Јас пак ќе се вратам на 1999 година кога новинарите извадија од контекст една изјава на господинот Тито Петковски кога кажа дека не ми требаат гласовите на албанците. Сите локални

радиодифузни станици тоа го пласираа кај Електоратот и негативно се одрази, а што не беше таква изјавата, имаше продолжение на таа изјава. Сега не може на еден таков медиум да му се дозволи да ја врши дејноста, иако отстапува од оние правила кои се пропишани. Навистина голема улога играат медиумите. Ако се финансираат со дел од државни пари, треба тие правила и да ги почитуваат. Искуството покажува, посебно во локалните средини дека такво нешто често пати се одбегнува. Се на штета тоа оди. Едноставно се наелектризира гласачкото тело, посебно од локалните елементи и на тој начин се склон да преземат соодветни мерки.

Понатаму, опасна е тезата, ако се оди со тезата посебно од страна на опозицијата, власта е одговорна за изборите. Сите сме одговорни за изборите. Што да правиме ако некоја опозициона партија, она што претходно го кажував, своите радикални членови ги пушти, она што го кажав да го направат, да искршат кутии, да направат тепачка, што да прави таму, ќе ги апси власта, невласта, институциите на системот, ама што сме постигнале? Значи во овој комплексен процес нема власт,опозиција, сите се одговорни за спроведување на фер и демократски избори, овие парламентарни и другите што ќе следат, претседателски, локални и т.н. Доста сме во сивилото, ви кажав претходно, за цивилизирано племе ќе не сметаат или нецивилизирано африканско племе, ама сите треба да допридонесеме. Во втор план да ги ставиме интересите, во втор план тие интереси што ги имаме како партии и затоа таа теза да се одбегне ако каже опозицијата, па ние не сме одговорни, обичниот член ќе го сфати така па ќе рече јас не сум одговорен, можам да направам што сакам, ќе ме казнеле со 5 или 10 дена затвор, па нека ме казнат. Спроведува наредба, да речеме на некој негов претпоставен. Затоа таквите тези треба да ги испуштиме. Во овој изборен циклус сите сме одговорни, не случајно премиерот и претседателот на СДСМ ги прави овие средби со сите опозициони партии. Не случајно ги прифатил сите забелешки, навистина да дојдеме до изборниот законик. Тој ќе биде одличен но практично да го имплементираме, како народ заинтересирани за иднината на државата, истиот комплетно да го примениме и навистина да имаме фер и демократски избори кои ќе не донесат таму каде што сме тргнале, а јас верувам и позицијата и опозицијата сакаат не да бидеме на балканската калдрма, сигурно сака во Европа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева имате реплика, повелете 3 минути.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, за да ги проверите вашите ставови за тоа дали е подобро државната администрација да биде вклучена во изборниот процес или пак политичките партии, преку членовите во избирачките одбори, општинската изборна комисија, регионална и државна изборна комисија. Значи дали тие треба да бидат присутни во целиот изборен процес. Доволно е да се потсетите на изборите 1998 и 2002 година. Имавме 1998 година, генерално земено фер и демократски избори и беше предадена власта, од страна на СДСМ на ВМРО-ДПМНЕ. Исто така 2002 година, обратно. Значи доколку има политичка волја може да имаме фер и демократски избори и со постојното законодавство и со учество на членови на политичките партии во избирачките одбори и сите други изборни комисии и општински и регионални и ДИК.

Околу тоа дали сите се одговорни за регуларноста на изборниот процес, јас ќе кажам каква е вистината. Секогаш власта е многу поодговорна за спроведување на фер и демократски избори, бидејќи таа го прави демократскиот амбиент во државата, бидејќи таа ја има моќта и инструментите на присила што ги користи во текот на изборите и деновите пред изборите, вклучувајќи ги директорите, началниците, инспекторите, шумарите, значи целокупниот апарт кој и стои на располагање го става во функција на изборите, во функција на присила на граѓаните да го менуваат нивниот личен став во однос на прашањето кого да поддржат или да не поддржат за време на изборите. Значи не можам да се согласам дека сите политички партии во Република Македонија се одговорни за регуларноста или нерегуларноста на изборниот процес. Не дека и опозициските партии не сносат дел од вината, меѓутоа многу помалку се изборните нерегуларности со кршење на кутии и со полнење на гласачки ливчиња, отколку присилата која е невидлива на денот на гласањето, а што се случува дома, во домовите на луѓето, недела дена пред почетокот на изборите.

**Љупчо Јорданoвски:** Благодарам.

Господине Арсовски една минута, повелете.

**Славе Арсовски:** Апсолутно сум на ставот дека органите кои го спроведуваат изборниот циклус мора да се деполитизираат и аргументите ги кажав, веројатно и дел од вас се согласувате со тоа.

Во делот на тоа што го истакнувате, лобирањето. Лобирањето постоеле и ќе постои, затоа постојат и политичките партии. Сигурно и вие како опозиција на едните им ветувате, кога дојдеме на власт ќе ве ставиме, ти началник, ти директор. Нормална работа. Нема врска со самиот изборен циклус на денот на гласањето.

Инаку во делот на самото предавање на власта за 2002 година и 1998 година, после такви избори, тоа е, нема друг начин.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Тука е крајот на денешната работа.

Продолжуваме утре во 13,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)